**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Четириесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 26 април 2007 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,18 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Бесим Догани , потпретседател на Собранието.

**Бесим Догани:** Дами и господа пратеници,

Ја отворам Четириесет и првата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Љубисав Иванов Ѕинго, Љубчо Георгиевски, Даут Реџепи, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Елмазе Селмани, Валентина Божиновска, Славица Грковска, Тале Герамитчиоски, Илинка Митрева, Петар Поп Арсов, Фијат Цаноски, Блерим Беџети, Сафет Незири, Џевад Адеми, Рафис Алити, Теута Арифи, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Фазли Велиу, Садула Дураки, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азис Положани, Селвије Салиу, Ајше Селмани, Тахир Хани и Абдулади Вејсели, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

На седницата се поканети претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Владата на Република Македонија достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Хади Незири.

Министерот за надворешни работи достави одговор на пратеничките прашања поставени од пратениците Илинка Митрева и Ратко Димитровски.

Министерот за здравство достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Кире Гештаковски, Лилјана Поповска, Агим Рамадани, Фијат Цаноски и Јани Макрадули.

Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Цветанка Иванова, Јован Гинев, Васко Шутаров и Верица Филипова.

Министерот за транспорт и врски достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Гарип Каба, Роза Топузова Каревска, Борис Кондарко и Радко Димитровски.

Министерот за внатрешни работи достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратениците Мери Младеновска Ѓорѓиевска Младеновска и Јани Макрадули.

Министерот за труд и социјална политика достави одговор на пратеничкото прашање поствено од пратеникот Мери Младеновска Ѓорѓиевска.

Министерот за финансии достави одговор на пратеничкото прашање поставено од пратеникот Никола Ќуркчиев.

Министерот за економија достави одговори на пратеничките прашања поставени од пратеникот Верица Филипова.

Бидејќи дел од одговорот на пратеничкото прашање што се однесува на работењето на акционерските друштва АД ЕЛЕМ и АД МЕПСО содржи податоци од доверлив карактер, го молам пратеникот Верица Филипова доколку сака да постави дополнително прашање тоа да го стори без изнесување на податоците од доверлив карактер.

Доколку пратеникот Верица Филипова, при постаување на дополнителното прашање има намера да изнесе податоци содржани во одговорот што се од доверлив карактер, Собранието треба да одлучи да рботи без присуство на јавноста.

Согласно Уставот на Република Македонија и Деловникот на Собранието, за исклучување на јавноста, Собранието одлучува без претрес со 2/3 мнозинство на гласови, на предлог на претседателот на Собранието, Владата или најмалку 20 пратеници.

Го молам министерот за економија ова да го има во предвид при давањето на одговорот на дополнителното прашање.

Го молам пратеникот Верица Филипова да се произнесе дали е задоволна од одговорот на министерот за економија..

Процедурално Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули** Почитуван потпретседателе,

Денеска, би сакал да го искажам она што за жал го зборуваме во име на пратеничката група секој последен четврток, а тоа е дека, за жал, седницата започна со задоцнување. И, за жал, оној кој е најодговорен и најповикан, а тоа е господинот Никола Груевски, претседателот на Владата на Република Македонија, го нема.

Затоа, да ве замолам, да го обезбедите претседателот на Владата господинот Никола Груевски, кој има обврска, согласно Деловникот за работа на Собранието. Гледам дека во малцинство се бројот на министри присутни овде, по бројот на министерства што постојат во Владата, што е рекордер во Европа, затоа ќе ве замолам да ги обезбедите најодговорните и најповиканите, потпетседателот Ставрески, реалниот потпретседател на Владата и да можеме да работиме продуктивно, конструктивно и транспарентно. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Макрадули.

Што се однесува до задоцнувањето, тоа ќе го надокнадиме после до 18,00 часот. Ќе работиме продолжено толку колку што продолжено задоцнето започнавме.

Што се однесува до неприсуството, ме известија дека најдоцна за половина час ќе биде тука. Дотогаш е присутна вицепремиерката, така што можеме да продолжиме со работа. Благодарам.

Го молам пратеникот Верица Филипова да се произнесе дали е задоволна од одговорот од министерот за економија, кој е од доверлив

карактер или сака да постави дополнително прашање?

Има збор пратеникот Верица Филипова, повелете.

**Верица Филипова:** На почеток би сакала да кажам дека воопшто не се работи за доверливи податоци. Имено, во писмото од Министерството за економија доставено до претседателот на Собранието на Република Македонија, прво;

второ, во писмото од АД МЕПСО како одговор доставено до Министерството за економија и

трето, во одговорот од АД ЕЛЕМ до Министерството за економија, никаде не постои класификација за доверлив документ.

Дали доверливоста имаше право да ја направи собраниската служба или претседателот на Собранието?

Поради тоа, а бидејќи се работи за јавни набавки што не задираат во никаква тајност и тајни документи, барам да ја симнете доверливоста на овој документ како би можеле на денешната седница јавно да расправаме за ова прашање. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Филипова.

Што се однесува со вашето барање, писмото сме го примиле како доверливо, односно одговорот како доверлив во Собранието и вие како пратеник. Така што јас го немам тоа право да ја симнам доверливоста на писмото. Можеби министерката за економија може подетално да ви одговори по ова прашање.

Ако имате дополнително прашање, ве молам поставете го.

Има збор Филипова Верица, повелете.

**Верица Филипова:** Барам седницата околу одговорот на ова прашање да биде затворена.

**Бесим Догани:** Во ред.

Госпоѓо Филипова, дали имате поддршка о 20 пратеници или Владата да побара...

Процедурално збар Манасијевски Јован, повелете.

**Јован Манасијевски:** Благодарам господине потпретседателе.

Пратеничката Филипова е потполно во право, затоа што на овој начин се внесува комплетен волонтаризам во процесот на доставување на документи до пратениците и се спречува јавната расправа.

Ние имаме Закон за класифицирани информации донесен од ова Собрание пред неколку години, што точно пропишува процедура. Во овој случај, таа процедура воопшто не е почитувана, туку сосема волонтаристички е ставено на документите знакот доверливо. Така што не можеме да дозволиме да по сопствено наоѓање на министерствата или Владата се става етикетата доверливо. Имаме Закон за тоа и навистина апсолутно нема никаква причина да не се прифати барањето на пратеничката и нема никаква причина да тоа се става на гласање, туку ние имаме процедура по која што се определува дали некој акт е доверлив или не. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Манасијевски.

Јас ви објаснив дека и ние писмото сме го добиле како доверливо. Значи не е означено како доверливо од страна на Собранието, туку одговорот е така добиен.

Затоа, јас ќе морам да ја почитувам процедурата или Владата да предложи да се одговори на ова прашање од затворен тип или госпоѓа Филипова Верица, со поддршка на 20 пратеници?

Има 20 пратеници.

Тогаш, предлогот на госпоѓа Филипова Верица го ставам на гласање.

Ви напомнувам дека согласно...

(Реакции во салата).

Со 2/3 мнозинство.

Ги молам службите да избројат дали имаме 2/3 мнозинство во салата.

(Службите бројат дали има 2/3 мнозинство во салата, а пратеникот Верица Филипова бара збор процедурално).

(Пратениците од опозицијата реагираат со зборовите за што да се гласа).

Да гласаме за да се исклучи јавноста...

(Реакции и негодувања во салата од страна на опозицијата).

Да ви прочитам уште еднаш, согласно Уставот на Република Македонија и Деловникот на Собранието, за исклучување на јавноста Собранието одлучува без претрес со 2/3 мнозинство на гласови на предлог на претседателот на Собранието, Владата или најмалку 20 пратеници.

Исклучување на јавноста е отворено да се дискутира само пред Собранието.

(Реакции во салата).

Ве молам...

Госпоѓо Филипова, бидејќи нема услови за исклучување на јавноста по ова прашање, ве молам дали ќе поставите дополнително прашање?

Има збор госпоѓа Филипова Верица, повелете.

**Верица Филипова:** Дополнително и дополнително дискусија околу добиениот одговор е фактот дека нашата Влада, вклучително АД ЕЛЕМ и МЕПСО ги кријат непосредните спогодби склучувани секојдневно во нивното работење.

Всушност, одговорот од страна на Министерството за економија и на фирмите ЕЛЕМ и МЕПСО е таков.

Во одговорот стои дека има склучено директна спогодба со синот на пратеничката Јагнула Куновска за адвокатско застапување на МЕПСО и Адвокатската канцеларија на господин Никола

Куновски. Тоа претставува кршење на Законот за јавни набавки, бидејќи само еднаш годишно може да се склучува јавна набавка од мал обем во вредност од 500 евра. А, Спогодбата, односно Договорот важи за секој месец по 30 илјади денари.

Второ, договорите за осигурување на компаниите ЕЛЕМ и МЕПСО исто така претставуваат кршење на Законот за јавни набавки, односно претставуваат директни спогодби, бидејќи сеуште овие компании немаат по тендер избрана осигурителна компанија. Сеуште ваши стариот Договор што истекол согласно одговорот на пратеничкото прашање на 31 декември 2006 година, а месечните суми за осигурување, според податоците добиени во одговорот на моето пратеничко прашање, само на МЕПСО изнесуваат над 60 илјади евра по месец. На ЕЛЕМ многу поголеми. Всушност, во нивниот арогантен одговор и не е изнесено колку изнесува Договорот за осигурување, годишен, на оваа компанија.

Факт е дека сеуште, денеска е 26 април 2007 година односно, иако изминаа четири месеци од 2007 година, овие компании немаат направено, согласно Законот за јавни набавки, согласно јавност и тендерска процедура, договори за осигурување на нивните имоти, односно работат преку директни спогодби за суми од неколку стотици илјади евра.

Понатаму, во одговорот на моето пратеничко прашање е содржано дека овие компании имаат примено нови вработени, не го знаат точниот број, над 200 нови вработени во текот на овие шест-седум месеци од нивното работење.

Дополнително прашање што би сакала да го поставам е какви се договорите за мобилна телефонија во АД ЕЛЕМ и АД МЕПСО, односно имам информации дека исто така и тие се направени по пат на директна спогодба. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Филипова.

Процедурално господинот Есад Рахиќ, повелете.

**Есад Рахиќ:** Почитуван заменик претседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани министри и заменици министри, доколку ги има.

Се извинувам, сакав само кратко да изразам еден вид на протест и негодување, затоа што и на моето пратеничко прашање што беше поставено во насока на спорното осигурување што ЕЛЕМ и МЕПСО го направија, го имав истиот одговор.

Во одговорот што беше доставен денеска, беше спомнато дека на исти начин е одговорено. Јас, тогаш, бидејќи не добив одговор, споревме околу доверливоста, како и сега, не го слушнав, затоа што барав дополнителен одговор тогаш од министерката за економија. Бидејќи станува збор за компанија што е уште еден случај, еве случајот со Бојчеви, Тобако Осигурување, јас би ве замолил во име на транспарентноста на Владата, за што оваа Влада максимално се залага и заради тоа јас ја почитувам, да ја симнете доверливоста и да ние расправаме за ова прашање, затоа што сметам дека во документите, во одговорот што го добивме нема ништо што е од доверлива природа.

Затоа би ве замолил да размислите уште еднаш, би го повикал и парламентарното мнозинство и Владата да расправаме по однос на овие прашања, затоа што најверојатно, со ваквиот начин на работење ќе се врати на оваа Влада и на Република Македонија како бумеранг. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Рахиќ.

Мислам дека оваа состојба ја разјаснивме. Останув...

(Реакција во салата од страна на опозицијата).

Одговор на дополнителното прашање на министерот за економија, ќе одговори сега на дополнителните прашања на госпоѓа Филипова Верица.

Има збор министерот за економија, повелете.

**Вера Рафајловска:** Благодарам.

Она што се однесува до барањето за договори за мобилните телефони, ќе им доставиме писмено барање, да видиме како се склучени тие договори.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Госпоѓо Филипова Верица дали сте задоволни од добиениот одговор?

**Верица Филипова:** Воопшто не сум задоволна од добиениот одговор, бидејќи јасно се гледа дека го кршат, дека Владата се плаши во јавноста да се изнесат податоците за неправилностите за секојдневното работење на ЕЛЕМ и МЕПСО.

Доверливоста и тајноста од страна на Парламентот, од страна на вас претседавачите, всушност е обид да од јавноста се задскрие начинот на работењето на овие претпријатија.

Се работи за фирмите ЕЛЕМ и МЕПСО, од другата страна за Табак Осигурување, за чист криминал што е секојдневно присутен во овие работење. Благодарам.

**Бесим Догани**: Благодарам госпоѓо Филипова.

Госпоѓа Шекеринска, процедурално, повелете.

**Радмила Шекеринска:** Претседателе, како сме тргнале мислам дека нема резон да држиме седница за пратенички прашања. Теоретски е можно за секое наше прашање да ни се достави одговор што е наводно службена тајна. И, ако почне вака праксата, сите министри тоа ќе го сфатат дека е наједноставен начин да се заобиколи прашањето.

Замислете кои се адвокати и колку чинат во едно јавно претпријатие, службена тајна.

Каде се осигурува едно од најголемите јавни претпријатија, службена тајна.

И, за тоа треба да ја затвораме седницата во Собранието? Апсурд невиден.

Мислам дека, ако тргнеме вака ќе се види дека службената тајна што всушност се крие од јавноста е дека премиерот Груевски продолжува да ги штити сите матни зделки од периодот на Владата на Љубчо Георгиевски и Груевски. Тоа е единствената службена тајна што се труди да се скрие во ваквите пратенички прашања. Благодарам.

**Бесим Догани:** Го молам пратеникот Верица Филипова да се произнесе, дали е задоволна од одговорот на министерот за економија, на прашањето што се однесува на тендерот за продажба на акциите на ТЕЦ Неготино, или сака да постави дополнително прашање?

Има збор пратеникот Верица Филипова.

**Верица Филипова:** Пред да земам збор бараше процедурално господин Лазар Китановски.

**Бесим Догани:** Господине Лазар Китановски, дали сте за процедурално?

Повелете, Верица Филипова.

**Верица Филипова:** Добро, вие продолжувате со истиот начин на работа. Од одговорот од министерот за земјоделие не сум воопшто задоволна. Прашањето беше во врска со. . .

**Бесим Догани:** Се извинувам, се работи за економија, одговорот од министерот за економија, прашањето што се однесува на тендерот за продажба на акциите на ТЕЦ Неготино.

**Верица Филипова:** Во одговорот добиен од страна на министерот за економија за состојбата околу тендерот за продажба на ТЕЦ Неготино, поточно пратеничкото прашање беше за еколошката заштита и влијанието врз околината од работењето на идната термоцентрала, досегашната работи на мазут, идната би требало да работи на јаглен. Од одговорот не сум задоволна, бидејќи најверојатно состојбата со ФЕНИ, состојбата со загадувањето во Кавадарци и околината ќе се преслика и во неготинскиот крај во областа каде долги години се гаат најквалитетните сорти на винова лоза.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Процедурално пратеникот Јован Манасиевски.

**Јован Манасиевски:** Господине потпретседателе, ние ова прашање со доверливоста мора да го разрешиме, затоа што може да ни се повторува и понатаму. Внимателно уште еднаш го прегледувам материјалот, никаде нема во дописот од Министерството за економија спрема Собранието барање за степен на доверливост. Значи, воопшто надлежниот државен орган кој што го подготвува одговорот на пратеничкото прашање не побарал таква работа, воопшто не ни е доставено. Така што акционерското друштво ЕЛЕМ кое што си напишало во горниот десен агол, доверливо, воопшто не е субјект кој што има право врз основа на законските прописи да определува степен на доверливост. И тоа е писмо спрема Министерството за економија. Парламентот комуницира со Министерството за економија, во дописите нема никаде барање за степен на доверливост. Така што мене ме чуди и врз основа на што сега Собранието во доставата до пратениците дефинира степен на доверливост. Ве молам, на некоја од вашите координации на Претседателството ова прашање да го разрешите, затоа што во иднина и пратениците и целата македонска јавност се доведуваат во многу непријатна ситуација волонтаристички, дури и без барање на државен орган се определува степен на доверливост.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Процедурално, господинот Лазар Китановски.

**Лазар Китановски:** Првиот пат ме прекинавте, не знам, веројатно по грешка. Сакам да го кажам следното. Јас имав таа среќа, или несреќа да работам на тој закон за класифицирани информации. Неговата цел беше да има процедура во оние случаи кога треба да се заштити државниот интерес, има тука степени на доверливост. Не може кој како ќе стигне и на кого како ќе му текне да прогласува доверливост. Значи, нашето барање не беше да има затворена седница, туку нека се научат министрите, или Владата и нека го прочитаат Законот, нека се организира курс во рамките на Владата и некој експерт да им објасни кога некој документ е доверлив, а кога не е доверлив. Бидејќи предлагачот на законот тој одлучува дали е нешто доверливо, меѓутоа, според законски определени услови. Не може едно приватно претпријатие да определува дали е нешто довеливо, или не е доверливо. За тоа определуваат државните органи на Република Македонија, тие се овластени. А ако некој има бизнис интереси помеѓу Владата и некое приватно претпријатие, тоа е предмет на Антикорупциската комисија. Па се прогласува нешто доверливо што нема врска со доверливоста. Како ќе развиеме ние пазарна економија и транспарентност, ако приватните претпријатија и диктираат на Владата што е доверливо? Тогаш кај нас тоа предизвикува сомнение, дека се работи за заобиколување на процедурата при реализација на определен закон.Значи, ние не бараме затворена седница. Меѓутоа, тука е премиерот, седнете и прочитајте го законот. Ако не ви е јасно побарајте експерти по тоа прашање, одржете курс.Тоа е многу сериозен закон.Еден од условите за членство во НАТО беше токму тој закон. И немојте да не малтретирате овде со некои небулози.Ако имало некои приватни зделки, не можат тие да бидат причини за затворена седница на Собранието на Република Македонија. Напротив, можеби ова е шанса Антикорупциската комисија да земе да го разгледа овој случај и да види зошто се доставува материјал кој нема никаква врска со законот, да се прогласи за тајна со одредена степен.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Китановски. Се надевам дека Владата и

министрите до кои се обративте ќе го имаат во предвид ова ваше барање и вашето укажување.

Го молам пратеникот Хади Незири, да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од Владата на Република Македонија, или сака да постави дополнително прашање?

Има збор пратеникот Хади Незири.

**Хади Незири:** Ви благодарам господине потпретседателе, почитуван премиер, почитувани министри, почитувани колеги пратеници. Од добиениот одговор воопшто не сум задоволен затоа што одговорот гласи дека господинот Атила Клинче, директор на Турскиот театар е разрешен поради непотпишување на колективен договор, а претходно беше наведено дека, цитирам: Господинот Атила Клинче е разрешен од функцијата директор на Националната установа Турски театар, со образложение поради неостварување на програмата на Установата. Што значи нема врска ова со добиениот одговор, затоа што во Програмата Атила Клинче има остварено над 16 проекти, а годишно одржува од 110 до 120 претстави. Во одговорот стои дека Атила Клинче е разрешен поради колективниот договор, тоа е како прва точка. А втората точка за доделување на државно земјиште од страна на Министерството за култура како идеен проект седум труда конкурирале како идеен проект за Националниот театар. Што значи не биле само двајца конкуренти, па едниот од нив бил да речеме избран како идеен труд. Конкурирале седум фирми. И со втората точка не сум задоволен поради интерес на времето писмено до Министерството за култура ќе го доставиме нашето незадоволство.

**Бесим Догани:** Го молам пратеникот Илинка Митрева да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за надворешни работи, или сака да постави дополнително прашање.

Госпоѓа Митрева не е присутна.

Го молам пратеникот Ратко Димитровски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за надворешни работи, или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Ратко Димитровски.

**Ратко Димитровски: Б**лагодарам потпретседателе.

Од добиениот одговор не е точно прецизирано кога ќе се отвори граничниот премин и кога ќе се изработи патниот правец.Меѓутоа, во образложеиието е кажано дека се работи на тоа поле и од наша страна, од македонска страна и од страна на соседна Република Бугарија. Мислам дека е сосема исцрпно одговорено на ова прашање.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Го молам пратеникот Кире Гештаковски да се произнесе дали е задоволен од одговорите добиени од министерот за здравство, или сака да постави дополнително прашање?

Има збор пратеникот Кире Гештаковски.

**Кире Гештаковски:** Ви благодарам господине потпретседателе.

Од одговорите воопшто не сум задоволен и најпрвин сакам да протестирам бидејќи поминаа скоро четири месеци од поставувањето на прашањето а одговорите ги добивам сега.

Значи, по Деловник во рок од 15 дена е должно одговорното министерство да го даде одговорот. Сега веќе депласирано е она што стои во одговорот. Исто така, сум изненаден навистина сум фрапиран од сите невистинити што се напишани во одговорите.

Еве ќе почнам со првото прашање каде штосе вика тоа прашање да потсетам околу реорганизцијата на Клиничкиот центар односно околу растурањето на Клиничкиот центар. Значи, се тврди дека Комисијата од странски експерти го поддржува овој проект а ние сме сведоци имавме интегралниот текст на една национална телевизија беше даден како што меѓународниот експерт вика дека ова е катастрофална грешка на Владата на Република Македонија со овој начин што го изнајде за растурање на Клиничкиот центар.

Исто така, во одговорот пишува дека не е точно дека реорганизацијата на Клинички центар ќе се врши заради приватизирање на одделни клиники или институти,со цел да се задоволат апетитите на идни газди, како и тоа дека некои клиники ке бидат профитабилни, а други помалку профитабилни. Ќе се случи сосема спротивното и ќе бидат приватизирани со новиот начин на јавно приватно партнерство точно најпрофитабилните клиники, како што се клиниката за кардиологија, имплантацијата на колковите, на леките, дијализата, ренген институтот. Исто така во одговорот стои дека Влдата на Република Македонија е основач на клиничкиот, што е точно и дека како врвна институција обезбедува терцијална и секундарна здравствена заштита за сите граѓани на Република Македонија, односно укажувањето на здравствената заштита ќе биде врз основа на невршење и остварување на профит. Сето тоа се правда со подигање на нивото на задоволството на пациентите од укажаните здравствени услуги.

Сега дополнително сакам да прашам, дали ќе понесе одговорност министерот за здравство ако се случи баш овие профитабилни клиники да бидат приватизирани и дали во светот познавате барем еден случај на инвестиција од приватен партнер каде што тој инвестира и го менаџира јавниот сектор без да добие профит. Ако има еден таков случај во светот без да добие профит, тогаш ќе се сложам и ќе бидам задоволен од одговорот.

**Бесим Догани:** Бидејќи министерот за здравство не е присутен, се надевам дека ќе ви одговори заменикот.

Има збор Владимир Лазаревиќ, заменик министер за здравство.

**Владимир Лазаревиќ:** Благодарам за прашањето на господинот Кире Гештаковски.Ние ќе доставиме дополнително писмен одговор. Меѓутоа, само би сакал да дообјаснам дека, се разбира дека постојат многу примери во светот каде практично функционираат вакви модели и ќе се потрудиме да ви ги образложиме. Инаку, се разбира дека Министерството и министерот прифаќа одговорност за се што ќе го спроведе, бидејќи тоа е политика на Владата на Република Македонија. Така што одговорот на тоа прашање е, да.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Го молам пратеникот Лилјана Поповска да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за здравство, или сака да постави дополнително прашање?

**Лилјана Поповска:** Благодарам господине потпретседателе. Задоволна сум од одговорот и благодарам што Владата во овој мандат навистина на време ги одговара прашањата навистина со сериозни и задоволителни одговори.

**Бесим Догани:** Го молам пратеникот Агим Рамадани да се произнесе, дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за здравство или сака да постави дополнително прашање.

**Агим Рамадани:** Секако задоволен сум од одговорот од господинор министер за здравство. Јас сум задоволен и немам дополнително прашање до Министерството, затоа што одговорите дадени во одговорот кој ми го доставија по прашањата кои ги поставив во овој Парламент се точни, научни и во согласност со законите и реформите во здравството.

**Бесим Догани:** Го молам пратеникот Фијат Цановски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за здравство, или сака да постави дополнително прашање.

Господинот Фијат Цановски не е присутен.

Го молам пратеникот Јани Макрадули да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за здравство, или сака да постави дополнително прашање?

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Јас да изразам разочарување од временскиот период што поминува за одговор на пратеничко прашање, што е надвор од Деловникот. И тоа ќе го аргументирам дека прашањето е поставено на 25 јануари 2007 година, а одговорот е пратен на 24 април 2007 година. За разлика од пратениците од парламентарното мнозинство, јас го знам Деловникот дека на пратеничко прашање треба да се одговори во рок од 30 дена. За нив можеби е тоа воодушевување, за мене ова е разочарување. Среќа што тука е заменикот министер за здравство, па можам слободно да прашам без да се плашам од обезбедувањето на министерот за здравство како ќе реагира, а тоа е дека прашањето е слично, бидејќи е поставено уште во месец јануари со она што го постави господинот Гештаковски, а тоа е за растурањето на Клиничкиот центар.

Моето дополнително прашање е дека како единствена установа што нуди терицијално здравство, здравствена заштита за сите граѓани на Република Македонија, дали има Владата, или Министерството план, концепт и идеа каде и како граѓаните ќе наоѓаат пари за скапите услуги што ќе се нудат после приватизацијата само на профитабилните делови од Клиничкиот центар?

**Бесим Догани:** На вашето прашање ќе одговори заменик министерот за здравство.

**Владимир Лазаревиќ**: Пред се мислам битно е да се каже и на сите граѓани и на сите пратеници дека реорганизацијата на Клиничкиот центар воопшто не треба да се поврзува со приватизација на тн., профитабилни делови, туку сосема концептот на реорганизацијаа е друг, а идеата е да се подобри ефикасноста и управувањето практично со клиниките. Значи, повторно категорично и неколку пати министерот кажа и ќе потврдиме дека тоа не значи приватизација на профитабилни, или на било кои делови од клиниките, туку едноставно значи подобрување на начинот на функционирање на Клиничкиот центар во целина.

**Бесим Догани:** Го молам пратеникот Цветанка Иванова да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, или сака да постави дополнително прашање.

**Цветанка Иванова:** Благодарам потпретседателе,

Значи, воопшто не сум задоволна од одговорот. Не сум задоволна и веднаш ќе ја демантирам колешката Лилјана Поповска затоа што ја пофали Владата дека брзо одговарала на пратеничкире прашања што не е случај кај мене. Можеби ги селектира прашањата од која пратеничка група се поставени. Еве да кажам само за илустрација, моето пратеничко прашање е поставено во месец јануари, а сега сме веќе уште малку мај месец, па мислам дека прво се крши Деловникот и сме спремни да го прекршиме Деловникот се со една цел да ја намалиме актуелноста на прашањето. Јас ќе кажам дека моето прашање беше, што ќе преземе Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, односно Владата за да се надминат состојбите со откупот на тутун која што во месец јануари беше алармантна ситуацијата. И сега наместо министерот навистина после четири месеци од кога еве е завршен откупот на тутун, а исплатата не, наместо да ми одговори на прашањето и после четири месеци тој ми го цитира Законот за тутун и тутунски производи.

Законот за тутун и тутунски производи, кој што на сите тука ни е пред нас и ќе го прочитаме сами. Не одговорил на клучните прашања, зошто ја нема премијата на килограм откупен тутун од 15 денари и ја има, и ја нема, се изнаслушавме разни изјави, од вице премиерот, од министерот за земјодеслтво, шумарство и водостопанство, но до денеска втората рата од премијата, од стимулацијата за тутун за реколтата 2005-2006 година ја нема. Не станува збор за стимулација, за одредеување стимулација за идната реколта 2006-2007 година, уште помалку абер си нема Владата да си донесе програма за развој на примарното тутунско производство, кое што е обврска од Законот за тутун, со кое што ќе одговори на многу прашања, кои што им ги поставувааат тутунопроизводителите и пред изборите и пред сега, како што се прашањата колкава ќе биде стимулацијата, или премијата, како ќе се распределува по килограм откупен тутун, по квалитет или фикснопо површина засаден тутун. Значи, до денеска на ова мое пратеничко прашање, иако го иницирав, министерот не ми одговори.

Исто така, не ми одговори како е постапено со откупот на тутунот во Прилепскиот регион, односно Долненскиот, каде што имаше тутунопроизводители кои што не склучиле договори за тутун. Знам дека тутунот е таму откупен, но надвор од сите законски решенија, со посебни ваги, без контрола од страна на службите, а за исплатата на овие тутунопроизводители не станува збор. Се на се, многу неодговорени прашања на моето потпрашае. Не сум задоволна од одговорот.

**Бесим Догани:** Ви благодарам. Значи немате дополнително прашање. Или, вашето објаснување да го сфатиме како дополнително прашање.

**Цветанка Иванова:** Моето прашање мислам дека сам треба да си го извлече минситерот за земјоделие. Кога ќе ај донесе програмата за развој на примарното тутунопроизводство, каква ќе биде премијата, колку ќе биде, како ќе се исплаќа. Значи, сето тоа се регулира со оваа програма, која што е законска обврска и исто така кога ќе биде исплатен тутунот на тутунарите од Долненскиот регион кои што немаат склучено договори со откупните фирми за тутун.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Иванова.

Го молам пратеникот Јопван Гинев да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Цветанка Иванова.

**Цветанка Иванова:** Не добив одговор од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, дали ќе ми одговори денеска на дополнително поставеното прашање, или писмено ќе ми одговори.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Има збор министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, повелете.

**Ацо Спасеноски:** На вашите дополнителни прашања можеме да одговориме и сега, а може да одговориме и дополнително и писмено ако сакате. Инаку, Програмата за тутун е веќе донесена, колкава ќе биде премијата, тоа е веќе објавено, помина на Влада таа Програма со самите тутунски претпријатија, тоа е објавено и во Службен весник. А како ќе се субвенционира и тоа е објавено. Тоа е изработено во Програмата за субвенции што помина на Владата, а Информацијата за исплатениот тутун, постојано ја следиме таа ситуација и можам да ве информирам дека тутунот во сите тутунски комбинати е исплатен 100%, а остана за исплата уште 50% од вкупната количина на тутун од Тутунскиот комбинат Прилеп.

За ваше информирање известувањето што го добивме од Тутунскио ткомбинат Прилеп, доисплатата ќе започне утре. А целио тутун од регионот што го спомнавте е исплатен.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине министер.

Го молам пратеникот Јован Гинев да одговори дали е задоволен од одговорот, или има дополнително прашање.

Има збор господинот Јован Гинев, повелете.

**Јован Гинев:** Благодарам потпретседателе, почитуван премиере, почитувани министри заменици, почитувани колеги пратеници.

Писмениот одговор што го добив од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство сум апсолутно задоволен, а се однесуваше на прашањето, што планира Владата на Република Македонија со пласманот, цената и исплатата на винското грозје од овогодишната ртеколта каде од Тиквешијата се очекува околу 100 милијона килограми грозје од кое што ќе егзистираат не помалку од 70 илјади жители.

Дали Владата има стратегија како ќе влијае врз монополот на откупната цена на винското грозје за оваа година. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Гинев.

Го молам пратеникот Васко Шутаров да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од минситерот за министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Васко Шутаров, повелете.

**Васко Шутаров:** Благодарам господине потпретседателе, почитуван претседателе на Влада, почитувани членови на Влада, почитувани колеги.

Писмениот одговор што го добив од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, а што се однесува на моето прашање за материјално финансиската позиција

на водостопанството од Југоисточниот дел на земјата, го сметам за сосема коректен и задоволува во еден од аспектите на моето прашање, а тоа е делот од финансиското работење на овие водостопанства.

Во сумарниот преглед што ние како пратеници го добивме, стои дека Водостопанството Мантово од Радовиш, вкупно должи 27.956.540 денари. Струмички Слив дека има вкупно долгови од 81.715. 222 денари и Јавното претпријатие Гевгелиско Валандовско Поле должи 75.726.713 денари. Меѓутоа фактичката состојба на теренот, овие фрапнтни бројки за задолжувања ги прави уште повеќе алармантни, со оглед на фактот дека сезоната за наводнување веќе започнува, а материјалната подготвеност на овие претпријатија за стартување со работата е повеќе од проблематична.

Од тие причини имаме и дополнително прашање до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Имаме инфорамции за материјално-финансиското работење на организациите Мантово и Струмички Слив кој ме загрижуваат. Бидејки во ни една форма не ги најдов во прегледот што вие ми го испративте, сакам сега да ги споделам со вас почитуван минситер за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Имено, континуирано подолг временски период 5 години наназад во овие две водостопанства се случува процес, кој што во најблага форма може да се нарече башибозлук и крајно неодговорен однос кон општественото добро и во однос на водокорисниците и во однос на државнио тинтерес од оваа област.

И покрај огромните долгови, неисплатени плати и придонеси во изминативе неколку години раководителите на Мантово и Струмички Слив си дозволуваат такво незаконско самоволие во работата, кое бара од нас и од вас посебно министре наитни санкции и санации на состојбите. Ќе ви наведамнеколку примери, кои што ги имам како информација, кој што вие би требало да ги проанализирате малку подобро.

Конкретно, во Радовиш во Мантово е продадено старо железо на нетранспарентен начин, извршена е тешка кражба и продадено какостаро железо. 20 работни дена во месецот, раководителот на таа организација, 18 од нив си ги користи за службени патувања. Во Струмички Слив раководителот ја задолжува организацијата за купување на кујнски прибори за сместување на амбасадори.

Во Гевгелиско Валандовско Поле огроми долгови за струја неотчетени талончиња за наплата на водата.

Барам од вас почитуван министре да направите увид во комплетното материјално-финансиско работење на овие водостопанства за изминатиот барем четиригодишен период, во форма на надворешна ревизија, внатрешна контрола, или билокаква форма, за да се констатираат вистинските состојби и носителите на истите да ги казните и санкционирате. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Шутаров.

На вашето прашање ќе одговори министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, повелете.

**Ацо Спасеноски:** После увидот што ќе се изврши ќе виодговориме писмено.

**Бесим Догани:** На вашето дополнително прашање ќе биде одговорено писмено.

Го молам пратеникот Верица Филипова да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Верица Филипова, повелете.

**Верица Филипова:** Благодарам почитувани присутни.

Моето пратеничко прашање се однесуваше на договорите за плодоуживање од општините Штип и Карбинци, вкупно 74 договори со вкупно 150 лица, дел од нив социјални случаи, дел од нив невработени, дел од нив од категоријата стечајни работници.

Иако беа изминати сите рокови на жалби, сите рокови на поплаки кој важеа согласно овие договори, поминаа 10 месеци, а тие 150 лица не беа воведени во владение.

Во одговорот од страна на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, се кажува дека дел од договорите односно 34 ќе биле раскинати, а за останатите ќе биле воведени до 24 април во владение. Да, точно е. Според информациите кои ги имам од теренот, дел од договорите, односно дел од потпишувачите на договорите, се воведени во владение, меѓутоа, по партиски клуч. Исклучиво на припадниците на владеачките партии им се уважени договорите за плодоуживање и се воведени во владение во општините Штип и Карбинци, заклучно завчерашниот ден, заклучно 24 април.

Сите останати договори ќе биле поништени. По кој закон кога поминаа сите рокови на, како што реков жалби и поплаки, ќе бидат поништени договорите и евентуалните оштети, после судските жалби, дали ќе ги сноси министерот од неговата плата, или ќе ги плаќа државата Република Македонија.

Мое дополнително прашање за целата оваа партиск ауједурма е да ми достави Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство потполн, односно целосен список на договорите за плодоуживање на општините Штип и Карбинци, вклучително кои од тие договори се поништени и кои од тие договори се важечки.

Како што реков моја информација е дека само 15 до 16 договори, а не 34 како што е напишано во одговорот се воведени во владение. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Филипова.

На вашите дополнителни прашања ќе одговори министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, повелете.

**Ацо Спасеновски:** На крајот на август, некаде 20 август, министерот на заминување Садула Дураки потпишал решение за доделување на земјоделско земјиште и тоа на некој чуден начин. Прво, од 120 пријавени разгледани се 70-тина. Од тие 70-тина склучени се 50 договори, а другите не се ни отворени, не се ни разгледани, не се нибодувани.

По извршената контрола што ја направи Државниот инспекторат за земјоделство, шумарство и водостопанство за 34 од тие договори има недоследности, има неисполнување на критериумите, или можам да ви напомнам дека од тие 34 договори има и бивши градоначалници, има и несоцијални случаи, нестечајни работници, така што има повеќе критериуми кои не ги исполнувале. Она што го направиме беше дека сите тие што ги исполнуваат критериумите, сите тие штолегално добиле или имаат склучено решенија, сите тие ќе бидат ставени во владение и веќе се ставени во владение. Дополнително можеме на вашето дополнително прашање ќе ви одговориме писмено, каде што точно ќе ви прецизираме кој што не исполнил во тие критериуми, и сами да се уверите дека тука нема партија, тука нема партиски клуч, туку има луѓе кои сакале да користат земја и тие што ги исполнуваат условите ќе ја добијат таа земја, а тие што не ги исполнуваат условите не можат да ја добијат таа земја на овој начин.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине министер.

Го молам пратеникот Гариб Каба, да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за транспорт и врски, или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Гариб Каба, повелете.

**Гариб Каба:** Ви благодарам господине потпретседателе, ви благодарам почитувани членови на кабинетот на Владата, почитувани пратеници. Јас сум во целост задоволен од одговорот кој ми го достави министерот за транспорт и врски во однос на моето прашање во однос на уредувањето на плажата на Охридското Езеро за градот Струга.

Јас во конкретниот случај би сакал да ја искористам оваа можност ,јавно да побарам во Обвинителството кој е орган кој менаџира со состојбата да донесе заслужна одлука и да го забрза овој процес и секако, оваа афера да се затвори еднаш за секогаш и туристичката сезона за оваа година е многу блиску и барам ова прашање еднаш да се стави во потребнио тколосек. Значи, како што е уредено прашањето за Охридското Езеро за градот Охрид, да се уреди и за градот Струга и оваа Одлука е добро да се донесе што побрзо. Значи целосно сум задоволен од одговорот и му благодарам на министерот.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Го молам пратеникот Роза Топузова-Каровска да се произнесе дали е задоволна од одговорот добиен од министерот за транспорт и врски, или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Роза Топузова-Каровска, повелете.

**Роза Топузова-Каровска:** Благодарам потпретседателе.

Моето прашање се однесуваше на штетниот договор кој што е потпишан од тогашниот министер за финансии, а сегашен премиер господинот Никола Груевски, во врска со телекомуникациите. Морам да кажам дека не сум задоволна во поголем дел на сегменти од одговорот и тоа ќе го потенцирам. Значи , не сум задоволна. Како може да се биде задоволен ако стои дека и покрај тоа што е донесен Законот за електронски комуникации, со чии што измени се постапува поинаку со концеските договори, сепак, во одговорот стои дека од страна на Агенцијата за електронски комуникации беше извршен инспекциски надзо рна Македонски телекомуниакции Т-Мобиле и Космофон и направени се записници во кое е констатирано дека ниту еден од операторите не постапиле според заклучокот на Владата. Заклучокот на Владата се однесува на тоа да се применуваат одредбите од Законот за електронски комуникации во однос на концесиите, затоа што секое одложување на овој закон значи повеќе нелегални пари, кои што одат на сметка на споменатите погоре Т-Мобил, Космофон и Македонски телекомуникации. Затоа прашувам, што ќе преземе Владата за да се надмине оваа ситуација и не сум задоволна од тоа што вели доколку има сомнежи за одредени коруптивни елементи, ве молиме истите да ги пријавите до надлежните органи.

Мислам дека јас не сум таа што треба, ниту пратениците, да ги пријавуваме на надлежните органи, тука е Владата и ако веќе се зафатила со жестока борба против корупцијата, треба и во овој сегмент да си ги преземе своите надлежности, не само да бидеме сведоци на спектакуларни апсења.

Задоволна сум од она што после нашето прашање, кое што е поставено на седницата на 29, веднаш другиот ден се укинати, на седницата одржана на 30 март 2007 година, се укинува манипулативниот трошок и тоа е добро за граѓаните. Меѓутоа, исто имам дополнително прашање, дали ќе им се вратат парите на граѓаните за она што беззаконски го плаќаа манипулативниот трошок и дали ВМРО-ДПМНЕ ќе исполни дел од своите предизборни ветувања, каде што им ветуваше на граѓаните корисници на фиксната телефонија дека ќе имаат во она што го плаќаат како надоместок од околу 400 денари дека ќе имаат и бесплатни импулси. Тоа се моите дополнителни прашања. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Роза Топузова. На вашето поставено прашање ќе одговори заменик министерот за министерот за транспорт и врски, повелете.

**Скендер Палоши:** Јас колку што ја слушнав пратеничката, не знам дали постави дополнително прашање. Таа не беше задоволна од некои делови на поставеното прашање од добиениот одговор.

**Роза Топузова Каревска:** Господине потпретседателе, очигледно кога јас ќе сакам да комуницирам со било кој од претставниците на Владата господинот Ружди Матоши има приватни разговори, така се случи на вчерашната седница, но јас ќе ги повторам моите дополнителни прашања.

Едното беше што ќе превземе Владата во случајот каде што се констатирани, врз основа на поставеното прашање неправилности во однос на непочитување на Законот за електронски комуникации во однос на концесиите.

Следното дополнително прашање беше дали Владата ќе може да превземе мерки за коруптивните однесувања во Телеком и пред се ќе им ги врати парите на граѓаните, кои што незаконски ги плаќаа манипулативните трошоци и дали ВМРО-ДПМНЕ ќе исполни дел од своите предизборни ветувања со кои што ветуваше дека во надоместокот од околу 400 денари ќе имаат граѓаните бесплатни имплуси.

Во таа насока беа моите дополнителни прашања. Благодарам.

**Бесим Догани:** Има збор за да ви одговори заменик министерот за транспорт и врски, повелете.

**Скендер Палоши:** Благодарам.

За двете ваши прашања ќе добиете одговор во писмена форма.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Ви благодарам господине министре.

Го молам пратеникот Борис Кондарко да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за транспорт и врски, или сака да постави дополнително прашање.

Пратеникот Борис Кондарко е отсутен.

Го молам пратеникот Ратко Димитровски да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за транспорт и врски, или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Ратко Димитровски.

И тој е отсутен.

Го молам пратеникот Мери Младеновска Ѓорѓиевска да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за внатрешни работи, или сака да постави дополнително прашање.

Има збор госпоѓа Мери Младеновска Ѓорѓиевска, повелете.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Благодарам господине потпретседателе, почитувани дами и господа.

Веднаш ќе кажам дека не сум задоволна од одговорот, затоа што воопшто не е одговорено на прашањето што го поставив на минатата седница на министерот за внатрешни работи.

Моето прашање гласеше дали од страна на министерот за внатрешни работи се почитувани одредбите од Законот за следење на комуникации во предвидениот рок 3 месеци по стапувањето на сила на законот е донесен подзаконскиот акт - правилник за следење на комуникациите и дали во рокот од 6 месеци од денот на стапувањето на сила на законот, тоа значи заклучно со 29 март 2005 година државните органи и правните лица кои вршат производство, нудење, продажба и држење средства за следење на комуникациите ќе го усогласат своето работење согласно одредбите на овој закон.

Во одговорот на прашањето има само обид да се одговори или поточно да се избегне одговорот на првиот дел на прашањето затоа што добиен е одговор дека правилник е донесен, но дека претставува посебен режим на заштита на податоци собрани со овластено следење на комуникациите кои претставуваат класифицирани податоци односно службена тајна и поради тоа тие не се доставени во Собранието, а во однос на вториот дел на прашањето дали работата ќе се усогласи согласно законот до мај месец 2007 година воопшто не е одговорено.

На министерот за внатрешни работи треба да му биде позната кои се постапките за доставување на класифицирани информации во Парламентот. Ако е нешто класифицирана информацијата тогаш има режим и постапка во која може да се достават класифицираните информации.

Исто така, на министерот за внатрешни работи би трабало да му биде познато кои од пратениците имаат и сертификати за класифицирани информации до државна тајна и на кој начин треба овие податоци да бидат доставени.

Значи, пратениците, Собранието како законодавен дом врши надзор над работата на Владата и поради тоа нема прашања за кои не може да се достави одговор, туку има само различно постапување, различна постапка за доставување на одговорот.

Но, бидејќи очигледно е дека ваков правилник не само од страна на министерот за внатрешни работи туку и од страна на другите овластени министри кои што треба да донесат вакви подзаконски акти немаат донесено токму затоа е даден и ваков одговор.

Зошто немаат донесено? Заради тоа што Владата и за најмала ситница што ќе ја направи ги информира медиумите, за ова прашање не слушнавме ништо.

Бидејќи не сум задоволна од одговорот, а постојано се соочуваме со кршење на постапките

согласно овој закон, а наша цел беше со донесувањето на законот да се избегнат тие постапки за кршење на процедурите моето дополнително прашање е ако е ваков правилник донесен да се одговори од страна на Министерството за внатрешни работи на кој датум е донесен правилникот и да се следи постапката согласно законот. Ако е службена тајна како треба да се достави овој правилник до Парламентот и за колку постапки и за кои кривични дела е постапувано согласно правилникот.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Младеновска.

Бидејќи претставникот од Министерството за внатрешни работи не е присутен најверојатно ќе бидете дополнително писмено известени.

Го молам пратеникот Јани Макрадули да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за внатрешни работи, или сака да постави дополнително прашање.

Има збор господинот пратеник Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Прашањето беше дали лицето Имери Рамадан од Боговиње, против кого е поднесено барање за истражна постапка, предлог за притвор, се бара по потерница и се бара по потерница заменик командир на полициската станица во пограничната полициска станица Рогачево.

Прашањето беше поднесено на 29 март, одговорот од министерката Јанкуловска вели дека полицискиот работник не извршува работни задачи командир, па моето дополнително прашање е дали е точно дека истото лице на 1 април е разрешено од функцијата заменик командир на полициската станица и сега е униформирано лице во Тетово. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Дали госпоѓа Коневска сака да одговори на дополнителните прашања?

**Габриела Коневска Трајковска:** Сакам да дадам информација дека министерот за внатрешни работи е отсутен затоа што е со парламентарната делагација на НАТО.

По нејзиното придружување дополнително пратениците што поставија прашања ќе добијат одговор.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Го молам пратеникот Мери Младеновска Ѓорѓиевска да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за труд и социјална политика, или сака да постави дополнително прашање.

Има збор пратеникот Мери Младеновска, повелете.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Благодарам потпретседателе.

Не сум задоволна и од овој одговор доставен од страна на министерот за труд и социјална политика.

Моето прашање се однесуваше на постапките за посвојување во Република Македонија, за тоа колкав број на деца се посвоени во изминатите 7 месеци и дали се дадени на посвојување на државјани на Република Македонија кои имаат приоритет, а колку се дадени на посвојување на странци.

Од одговорот само сум информирана за тоа што претставува законска одредба. Јас законските одредби ги кажав и одредбите од правилниците по кои мора да постапува Министерството за труд и социјална политика, значи познати ми се мене позитивните прописи и токму поради тоа немало потреба исцрпно да се елаборираат законските одредби што мора да се почитуваат од страна на Комисијата.

На прашањето е одговорено само со две реченици со тоа што стои одговор колкав е бројот на лица што барале деца за посвојување и дека од таа бројка одреден број деца се дадени на посвојување на државјани на Република Македонија, а еден дел на странци.

Не е наведено кои се причините, тоа е најосновното прашање, поради кои децата што се дадени на посвојување на странци се доделени токму на странци, а не на државјани на Република Македонија кои имаат приоритет. Ова само уште повеќе ги зголемува моите сомнежи што ги искажав и минатиот пат од говорницата, заради тоа што за овие прашања не сакаат да зборуваат лицата кои бараат деца за посвојување, заради тоа што се изложени на една долга долгота пред органите, не само во однос на исполнувањето на критериумите, туку и многу други причини, за кои споменав и минатиот пат се заинтересира и министерот за внатрешни работи и Министерството за внатрешни работи.

Министерот за труд и социјална политика минатиот пат кажа дека ова прашање е значајно и за Владата и дека за потребите на Владата и Министерството за труд и социјална политика ќе изготви една целосна информација за постапките за присвојување и дека таа информација ќе биде доставено во овој одговор. Но, такво нешто немам добиено. Дали овие две реченици се исто така информација што се доставува од страна на Министерството до Владата, тоа е прашање до Владата, не знам во која процедура и на кој начин одлучува, но во никој случај не претставува одговор за едно вака значајно прашање.

Токму поради тоа јас загрижена навистина за правата на граѓаните кои имаат проблеми со ваквата материја сакам да поставам дополнително прашање, се надевам барем дека на ова дополнително прашање ќе бидам удостоена со одговор - кои се причинте поради кои овие лица односно деца со бројка наведена во одговорот се доделени на странци и зошто не се доделени на државјани на Република Македонија.

**Бесим Догани:** На дополнителното прашање ќе одговори заменик министерот за труд и социјална политика, повелете.

**Ајдуван Мамудов:** Благодарам потпретседател.

Бидејќи се работи за добивање на прецизни податоци одговорот ќе се достави во писмена форма на ден 16 мај (среда) до 12,00 часот.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Го молам пратеникот Никола Ќуркчиев да се произнесе дали е задоволен од одговорот добиен од министерот за финансии, или сака да постави дополнително прашање.

Господинот Никола Ќуркчиев не е тука.

Преминуваме на поставување на пратенички прашања.

Има збор претеникот Радмила Шекеринска, повелете.

**Радмила Шекеринска:** Благодарам потпретседателе.

Првото прашање ќе го поставам до претседателот на Владата Никола Груевски.

Во предизборната програма на вашата партија, очигледно и на вашата коалиција истакнавте дека проблем број еден во Република Македонија е невработеноста и дека секоја мерка што ќе ја применува Владата на политички и економски план ќе биде во насока на решавање на овој проблем.

Во исто време, во таканаречената “Програма во 100 чекори” ка жавте “бараме од вас успехот на новата Влада на ВМРО-ДПМНЕ да го мерите единствено преку реализација на оваа цел”, повторувам “единствено преку реализација на оваа цел”.

Земајќи ги во предвид овие тези, овие ветувања, овие најави во Програмата имам да поставам едно прашање, а тоа е како можеше Програмата во 100 чекори за 6 месеци да финишира во зголемување на бројката на невработени на околу 50 илјади нови невработени лица.

Имено, кога Владата на ВМРО-ДПМНЕ, ДПА и НСДП ја презеде власта бројот на невработени изнесувал 320.947. После само 6 месеци таа бројка порасна на 372.078 лица. И да не зборуваме само за општите бројки еве што се случувало во некои општини во Република Македонија.

На пример во Куманово бројката на невработени е зголемена за околу 3000 лица. Во Битола за над 4000 лица, во Скопје за 22.887 лица, Струмица бројката на невработени за овие 6 месеци е зголемена за околу 6000 лица, рекордни 40%, во Гостивар за 1600 лица. Значи, се работи за проблем кој што се влошува и тоа се влошува секаде.

Економија, само економија и ништо друго освен економија, така говореше Груевски.

Резултати сега, ветуваше Груевски.

Резултати, резултатот единствен е 50.000 нови невработени лица. 50.000 невработени лица оставени на улица, 50.000 лица кои што дополнително не можат да си ја обезбедат својата егзистенција. Тоа се резултатите на Владата на господинот Груевски при решавање на проблемот, кој самите кажаа дека е проблем број еден во Република Македонија.

Второто прашање кое што сакам да го поставам е исто така до претседателот на Владата, а се однесува на тема која неколку пати сме ја отвориле во Собранието на Република Македонија.

Имено, ако се сеќавам добро во три наврати на седница за пратенички прашања и Владата и премиерот и министрите одбиваа да дадат одговор на прашањето колку пари се потрошени за рекламирање во домашните и странски медиуми. Го поставуваме еднаш, неуспешно. Го поставивме до министерот неуспешно. Третиот пат не обвинија некои министри дека сме имале пристап очигледно до некои недозволени информации. Значи, не добивме ниту еднаш директна информација колку го чини Буџетот на Република Македонија рекламите и во странските и во домашните медиуми. Најпосле, да бидам искрена се откажавме од ова прашање и немам намера повторно да барам одговор кој што очигледно нема да и биде никогаш достапен ниту на опозицијата, ниту на јавноста.

Наместо да поставуваме прашања седнавме па направивме пресметка.

Според некои информации, анализи, пресметки очигледно е дека само во првиот месец од оваа година Владата потрошила околу 4 милиони евра за вакво рекламирање. Тоа ме води кон моето вистинско прашање за овој пат. Прашањето е до претседателот на Владата и гласи:

Кој во Владата на Република Македонија, во Владата на господинот Груевски ќе понесе одговорност што неколку милиони евра, повторувам, неколку милиони евра потрошени за реклами за информирање на странските инвеститори и тоа за рекламирање на Македонија според реномираниот Ројтерс завршија на тој начин што Македонија не постои, ама буквално не постои на бизнис картата на Европската унија. Имено, во анкетата која што ја објавија и некои наши медиуми и во која што учествувале раководни лица на најголемите европски и светски банки и компании, како што се АБМ Амброс, Сити груп, БМП Париба, Дојче банк, Стандард и Пури итн, итн, познати имиња и на која е поставено прашањето кога очекувате балканските држави да влезат во Европската унија, па согласно тоа и да бидат поактрактивни за инвеститорите европски и светски, прогнозите се многу различни за различни држави. Меѓутоа една работа е фиксна. Од Македонија нема ни траг, ни глас. Така на пример овие странски аналитичари и бизнисмени прогнозираат дека Хрватска ќе влезе во Европската унија

најверојатно во 2010 година, за Србија ја спомнуваат 2015, за Босна 2016, за Албанија 2017, дури и Турција сметаат дека во просек ќе влезе во Европската унија во 2018 година, меѓутоа никој не ја спомнува Македонија. Нема дури ни песимистичка прогноза. Ниту ја поставиле како прашање, ниту се сетил некој да ја додаде на листата. Значи, ако анализираме што се случуваше во изминатите неколку месеци ќе можеме да го кажеме следното.

Реклами низ цел свет. Голем број на огласи во странски печатени медиуми. Огормен број на средства, околу 4 милиони евра потрошени за таа намена. Пари од овој Буџет. 4 или 5 министри кои што наводно се посветија само на странските привлекувања на странски инвеститори, а кои очигледно се сведоа на тур оператори.

Резултат на целата таа скапа вежба на Владата на Република Македонија нула. Македонија е заборавена. Македонија не е спомната. Македонија не влегува дури ни во прогнози.

Сметам дека во оваа Влада и во оваа држава треба некој да сноси одговорност и за вака лесно потрошените пари. И јас и македонската јавност се сеќаваат дека кога ќе беше поставено прашањето колку чини кампањата единствениот одговор кој што го добивавме беше не е важно колку чини, важни се резултатите.

Ако бидам малку слободна да искористам некои претходни анализи резултатот дури не е ни нула, затоа што Македонија претходно беше влезена во вакви анализи и прогнозите беа многу пооптимистички, 4 милиони евра за реклами, 4-5 министри за странски инвестиции, кои чинат многу-многу, авионски карти, многу одржани форуми, за резултатот да биде дека Македонија исчезнала дури и од балканската инвенстициона карта. Ако ја рекламиравме Македонија како инвенстициски рај, јас можам само да заклучам дека после толку потрошени пари, единствениот рај што го чувствуваат се само министрите во Владата на Груевски.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Пред да продолжиме со одговорите на прашањата, почитувани дами и господа пратеници, почитуван претседател на Владатада, министри во Владата, ве повикувам да го поздравиме присуството на нејзината екселенција, госпоѓа Каталин Сили, претседател на Парламентот на Република Унгарија и нејзината делегаціја. (аплауз).

На првото прашање поставено од госпоѓата Шеќеренски ќе одговори министерот за финансии, господинот Славески.

**Трајко Славески:** Благодарам господин потпретседателе.

На прашањето ќе биде одговорено од моја страна и од страна на премиерот кој ќе се јави за збор за некои дополнувања.

Почитувани, нема да биде премногу долго и нема да биде неитересно.

Почитувана госпоѓо Шеќеринска, почитувани пратеници,

Пред секое катастрофално губење на изборите, СДСМ драматично ја намалува невработеноста на Република Македонија. Изгледа дека македонската јавност не знае тоа да го цени. Во 1997 /98 година тие ја намалија "невработеноста" над 100-тина илјади, а истото го направија и во периодот 2005-2006 година. Тогаш невравотеноста беше, значи во 2005/ 2006 година невработеноста беше, по методологијата која сега ја користи госпоѓа Шеќеринска, беше намалена за 120 илјади лица. Значи Владата на СДСМ со министри од нивниот помал партнер, ЛДП бришеше месечно просечно по 6.000 лица од регистарот на невработени лица во Агенцијата за вработување. Почитувани, овие лица неоправдано избришани имаат право по законот, одкако биле ставени надвор од евиденција во рок од една година, по истекот на таа година да се пријават затоа што тоа право им го дава законот.

Ја користам оваа прилика да ве известам дека во овој момент бројот на евидентирани лица кои активно бараат работа, изнесува 294.470, што е за 8,3% помал од оној на 31.08.2006 година кога изнесуваше 320.247 лица. Затоа ваквата манипулација, како што беше изнесено прашањето, воопшто не е точно, што ќе биде поткрепено со конкретни податоци. Податокот е од Агенцијата за вработување затоа што и податокот кој беше искористен за поставување на ова прашање, беше повторно некое толкување на податоци од Агенцијата за вработување. Ова е последен пат што одговарам на дофрлување.

Исто така и вкупниот број на евидентирани невработени лица што денес изнесува 371.143, бележи пад од 0,3% во однос на февруари на оваа година, што значи дека веќе за почнува трендот на опаѓање на бројот на невработени лица.

Со мерките и активностите кои Агенцијата за вработување ги превзеде во делот на средување на евиденцијата, транспарентноста во остварување на правата и обврски на невработените кон Агенцијата, се успеа да се амортизира ударот кој требаше да го нанесе враќањето во евиденција на армија на незаконски избришани лица, како и на средношколците на кои им беше забрането да се евидентираат како невработени лица до моментот на завршување на образованието.

Најголемиот број од овие лица кои беа масовно и неправедно бришани од евиденција на невработени, во 2005 и во 2006 година, во месец август поради ненавремено пријавување, или по друг основ и по истекот на забраната што ја споманв на почетокот на моето излагање, а право кое согласно член 56, 57, 57-а и 58, од Законот за вработување и осигурување во случај на

невработеност, тие лица повторно го обновуваат својот статус на невработено лице. Таквите незаконски дејствија во изминатата година предизвикаа тогашниот број на невработени да биде многу помал од реалниот број на евидентирани невработени лица, а со тоа да бидат и статистички несоодветни за било каква споредба. Во тој временски период голем број од евидентираните невработени лица го изгубија статусот на невработено лице по следниве незаконски основи:

Прво, беа упатувани кај работодавачи, на несоодветни работни места кои не одговараа на нивното образование, квалификација и вештини. Според Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, Агенцијата за вработување е обврзана за едно слободно работно место да упати 5 лица кај работодавачот, а практиката беше да се упатуваат најмалку 10 и повеќе такви лица, со цел по тој основ тие да бидат избришани од евиденција.

Второ, во периодот на претходното раководство, на лицата кои сакаа да се пријават во евиденцијата на Агенцијата за вработување, тоа не им беше дозволено. Не се здобиваа веднаш со работни книшки бидејќи беа упатувани во работни клубови, им се закажуваа термини за прво пријавување, за еден до два месеци, за што им беше ускратено уставното право за здобивање со статус на невработено лице и бенефициите што од тоа произлегуват.

Трето, друг основ по кој беа избришани евидентирани невработени лица, беа и записниците од Трудовата инспекција која ги евидентираше сите лица затекнати во работните простории, без разлика дали нелегално работат или се само посетители, бидејќи беа обврзани да исполнат одредена норма.

Четврто, во горе наведениот контекст, да напоменам дека беа избришани поголем број на лица кои имаа поднесено барање за лиценца на вршење на таква услуга, значи лица во процес на регистрација на дејност, без дефиниран статус беа бришани од списоците на Агенцијата за вработување и го губеа статусот на невработени лица.

Петто, врз основа на добиените списоци од МВР, сите граѓани за кои имало евиденција за излез од земјава, во Агенцијата за вработување се третираа како иселени лица и неоправдано беа избришани, значи едно волонтаристичко доделување на статусот на иселени лица, лица кои моментно биле надвор од земјата. И на крај, се бришаа и лица основачи и содружници на фирми, според не ревидирани и не проверени списоци од Централниот регистар и Управата за јавни приходи.

Почитувани, во текот на цела 2005 и 2006 година до месец август беа избришани преку 120 евидентирани невработени лица или просечно месечно по околу 6 илјади лица. Но, тоа на претходната владеачка гарнитура воопшто не и помогна да ги убеди граѓаните во успешноста на своите политики на драматично намалување на невработеноста, пред губењето, драматично, на секои избори.

Повторно би сакал да потенцирам дека во овој момент во однос на август 2006 година, бројот на лицата кои активно бараат работа, без оние кои се изјасниле дека се на евиденција само заради остварување на правото на здравствена заштита, е намален за 8,3%.

Материјата која е предмет на работење на Агенцијата за вработување е специфична и комплексна. Состојбата во евиденцијата се менува во секој момент од работниот ден, што се должи на следното: враќање во евиденција на лица кои биле избришани, сега имаат законско право повторно да се вратат во списоците на регистрирани невработени лица, оние лица на кои по било кој основ им престанал работниот однос се регистрираат, лицата кои прв пат се евидентираат по завршување на нивно образование и голем број на лица мотивирани да бидат опфатени со активните мерки за вработување, во рамките на оперативниот план за вработување, на Владата на Република Македонија. Почитувани, ова последното го повторувам, лица кои во методологијата се нарекуваат обесхрабрени невработени лица кои престанале да бараат работа и не се пријавуваат, а се невработени во Агенцијата за вработување, сега откако разбраа дека Владата има активни мерки за зголемување на вработеноста, се пријавуваат за да можат да бидат корисници на тие мерки.

Сакам повторно да спомнам методолошки.

Во светот денес никој ги користи како најрелевантни, ниту манипулираа на овој начин со податоците од регистрираната вработеност или невработеност од агенциите за вработување. Она што е прифатен стандард за мерење на невработеноста и следење на невработеноста, се анкетите за работна сила кои кај нас се спроведуваат два пати годишно. Има побогати земји кои имаат буџети и овие анкети ги спроведуваат еднаш месечно. Ние тоа го правиме во април и некаде во октомври.

Според податоците од овие анкети, стапката на невработеност во четвртиот квартал од 2006 година е намалена за 0,6%. Повторувам, според податоците од анкетата за работна сила на што се повикуваат сите меѓународни институции и организации, стапка која во сите публикации се публикува како релевантна за стапката на невработеност во Република Македонија, во последниот четврт квартал од 2006 година, е намалена на 0,6%, во однос на четвртиот квартал од 2005 година. Оттука упатувам на користење на релевантни извори, кога се сака да се носат релевантни заклучовци. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам министре.

Процедурално за збор се јавува господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Член 38 вели, го поставувате на тој што е упатено.

Член 41 вели - на прашање упатено до претседателот на Владата, одговор дава претседателот или определен “бубалица”, претставник на Владата. Значи одговор дава претседателот или ... Не и. Или ...

**Бесим Догани:** Благодарам.

Дали госпоѓа Радмила Шекеринска е задоволна од добиениот одговор.

Повелете.

**Радмила Шекеринска:** Благодарам потпретседателе.

Изгледа не треба да држиме седница за пратенички прашања, треба да држиме седници за министерски говори кои треба да ги прочита министерот наместо премиерот. Навистина е срамота да доаѓате во Собрание со пишани говори и да ни држите лекции дека всушност ова што се случува, невработеноста која не се решава, всушност секој ден, во секој поглед е се помала и помала и да ни тврдите во еден момент дека треба да ги читаме едните податоци, а во друг момент треба да ги читаме другите податоци.

Мислам дека министерот ни даде шанса, друг пат кога ќе анализираме да прочитаме многу од неточните информации кои овде ги изнесе. Според неговите бројки испаѓа дека во еден момент во Република Македонија невработеноста изнесувале 450 илјади невработени. Собираше 320 со 120 итн. Апсолутно неточни работи.

Ако веќе се враќаме назад, господине министре за финансии, треба да кажеме дека Владата на СДСМ во 2002 година наследи од господинот Груевски како министер за финансии и господинот Љубчо Георгиевски како негов шеф, 390 илјади вака запишани и после кога станавте вие опозиција, никој од вас не рече, знаете што, овие бројки на луѓе кои одат во Агенцијата за вработување и се регистрираат, не се битни. Не се луѓе тоа. Битно е ние да се надеваме дека процентите се намалуваат. Тие се пријавуваат заради тоа што немаат друга попаметна работа па бараат работа односно одат во Агенцијата за вработување и само ги зголемуваат бројките за да му ја отежнат задачата на премиерот Груевски. Апсолутно е неточно.

Ако е точно дека бројката се намалила заради тоа што некој ги бришал списоците, како го објаснувате фактот што и од декември натаму бројката продолжува да расте. Значи не само што веднаш после примањеот на власта бројката рипнала на 360 илјади, после тоа станала 366, па 370 илјади, па 372 илјади итн. И тоа ли е измислено, или е измислено тоа што бројот на луѓе и во град и во село, што бараат работа, се зголемува подеднакво, во секоја општина се зголемува подеднакво, или тие бројки и тие луѓе нас не ни се битни.

Дали не е точно и дали не е битен податокот кој го објавува друга институција, а тоа е Државниот завод за статистика дека и бројот на работниците во индустријата и рударството, исто така е намален за 4,8% во февруари 2007 година, или сега и процентите не се доволно добри. Навистина, 50 илјади нови невработени за само 6 месеци. Ако направиме пресметка испаѓа дека секој работен час на Владата се генерираат дополнително 12 нови невработени. И бидејќи премиерот многу сака да каже дека Владата работи до доцни часови, а бидејќи со секој час има нови 12 невработени, би сакале да ве замолиме да не работите толку многу, бидејќи продуктивноста не ви е добра.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Шекеринска.

Дали е тоа дополнително прашање?

**Радмила Шекеринска:** Не.

**Бесим Догани:** Добро.

Процедурално за збор се јавува господинот Александар Николовски.

**Александар Николовски:** Потпретседателе, би сакал да ве замолам и да ги замолам колегите пратеници да го задржиме нивото на дискусија и на почитување, прво помеѓу нас пратениците, потоа пратениците и Владата заради тоа што овој начин на комуникација и овој начин на говорење и дофрлање, ги поминува сите граници. Разбирам дека треба послободно да се изразуваме, ова е Парламент, но тоа ги помина сите граници и станува дури и тенденција на СДСМ заради тоа што, ќе ве потсетам, пред неколку месеци кога имавме пратенички прашања, еден друг министер тогаш беше уште потешко наречен, фашизоиден итн. Така што, ако е целта на тој начин да ги растураме дискусиите за пратенички прашања, само губи опозицијата. Ова е најдобар начин рејтингот натаму да им опаѓа.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Господине Макрадули, ќе ве замолам уште еднаш да не дофрлате од место туку да се јавите кога имате процедурални приговори.

Процедурално за збор се јавува господинот Груевски. Повелете.

**Никола Груевски:** Почитуван потпретседателе, гледам дека има нова пракса во Собранието, некој да излезе да се изнапостави прашања и после да рече нема дополнително прашање.

Госпоѓата Шекеринска постави многу дополнителни прашања при што го спомна и моето име и најверојатно се плаши од одговорот, па на крај да каже нема дополнителни прашања, за да не одговориме.

Јас би ја замолил госпоѓа Шекеринска да дозволи да одговориме, бидејќи постави неколку дополнителни прашања на кои јас би сакал да одговорам. Таа неколку пати го спомна моето име. Имам одговор. Не би сакал да ја

злоупотребувам оваа можност. Знае таа дека постави дополнителни прашања и да не не спречува на таков начин да не можеме да одговориме, да биде коректна и да ни дозволи, како што ние коректно ја ислушавме.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Процедурално за збор се јавува госпоѓа Шекеринска.

**Радмила Шекеринска:** Јас поставив едно прашање, првото и го поставив до претседателот на Владата. Претседателот на Владата не сакаше да одговори на тоа прашање. Ако имало многу што да кажува, требаше да се пријави па тоа да го каже. Меѓутоа, тогаш сакаше да премолчи и да префрли министерот за финансии да си го прочита својот подготвен одговор. Се извинувам, но овде или ќе ги почитуваме правилата, или ќе се јавува секој кој сака да зборува.

Ако е пратеничко прашање, а не е, што слушам пратениците дофрлуваат, квизот Милиониер, па да го повикате пријателот односно министерот за финансии да помогне, тогаш треба да ги одговарате прашањата кога ви ги поставувам. Ако јас не сум сакала премиерот да го одговори прашањето, немаше да го поставувам до господинот Груевски кој е премиер. Ако премиерот сакаше да одговори на битните прашања, требаше да одговори, а не да му мафне на министерот за финансии да излезе и да го изрецитира текстот.

Ако претседателот на Владата на Република Македонија е толку сигурен во бројките што ги фрлаше на сите нас министерот за финансии, ако претседателот на Владата не е свесен дека проблемот на невработеност е проблем број еден во Македонија, не знам кој ќе биде свесен. Во тој случај ако беше свесен ќе излезеше и ќе ги кажеше овие работи, ќе ги објаснеше прашањата. Ако имаше аргументи, јас сум убедена дека Груевски немаше да пропушти самиот да се пофали со добрите резултати. Па имеме прес конференции и сликање за најмала работа која ќе ја направи Владата. Сега се поставува прашањето на невработеност, претседателот на Владата, извинете, ама одлучи да не одговори на тоа прашање и сега има шанса да одговори на второто прашање кое, се надевам дека ќе го удостои со одговор. Меѓутоа, очигледно е дека целата нервоза е кога во ова Собрание ќе се спомне , ние сите се сеќаваме и на периодот пред 2002 година и дека господинот Груевски не може да ја симне сликата на владите во кои се сликаше со господинот Георгиевски.

И секој пат кога некој ќе му спомне дека носи одговорност и за тој период, како министерот Славески за овој, тогаш се дига тензијата кај парламентарното мнозинство, а вие се обидувате да ми го земете зборот и покрај тоа што моите три минути не се завршени. Значи, ова не е прашање дали јас ќе дозволам, прашањето е дека процедурата мора да се почитува.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

На второто прашање на госпоѓа Шекеринска ќе одговори премиерот Никола Груевски.

**Никола Груевски:** Еве да го прифатиме тоа дека госпоѓа Шекеринска е во право, дека еден има право да одговори, тој одговори и таа подоцна постави дополнителни прашања. И, се плаши од одговорот на дополнителните прашања. Знае дека тоа не е точно, не ја кажува вистината и не дозволува да се одговори на дополнителните прашања. Ја подготвиле за едно прашање и ги кажале бројките, запишала, научила на памет, ни го постави прашањето и сега жива среќна што не и одговоривме, не дозволува да и одговориме на дополнителни прашања. Не дозволува да одговориме и да се потсетиме дека постојана пракса на СДСМ е да ги бришат невработените од евиденција пред избори. Да бришат, за да прикажат пред граѓаните пред изборитем дека имаат помалку невработени. Но, тоа никогаш не им помага. Не им помогна ни овој пат. Во 2002 година само од Скопје избришаа 90 илјади луѓе. Во 2006 година, можеби повеќе од тоа. Луѓето сега си се враќаат во евиденцијата на невработени. Жалам манипулираат со граѓаните, како што тоа го правеше поранешниот претседател на СДСМ Бранко Црвенковски и денешниот реален претседател, како што кажуваат во нивната терминологија на СДСМ, така што само ќе ги потсетам дека целата стручна меѓународна јавност невработеноста ја мери според процентот на анкета на работна сила, што од кај нас го вади Заводот за статистика. И, ќе ги потсетам дека таа 2002 година односно пред 2002 година во 1998 година невработеноста, според тој меѓународно прифатен модел и од ММФ и од Светска банка и од ЕБРД и од сите меѓународни институции во 1998 година наследивме 34,5% невработеност. Во 2002 година каква била таква таа Влада, завршивме со 4% помалку, за да во 2006 година имаме рекордни 36,7% невработеност. Тоа е реалната слика во Македонија.

Госпоѓо Шекеринска, со лаги не можете да ги добиете граѓаните на ваша страна да ви веруваат, затоа што тоа е прозирно. Вие можете да кажувате убави зборови, можете тоа да го кажете харизматично, можете да кажувате трикови како некој бил бубалица, како некој се плашел, како некој бегал, меѓутоа економијата е егзактна наука, таму има точни податоци. Можете да манипулирате со Агенцијата за вработување, ама треба да најдете и некој што ќе ви верува. Знаете, кога кажувате невистини, се можете да направите, само не можете да најдете луѓе кои доволно ќе ви веруваат. Затоа што, се гледа што се прави сега во економијата, се гледа какви чекори се прават во економијата, намалување на даноци, регулаторна гилотиња, намалување на бирократски процедури, скратување на времето за правење на компании. Така, сосема е јасно дека овие бројки се целосно неточни што вие ги

кажувате. Значи, се манипулира со бројките на Агенцијата за вработување. Не можете на таков начин да ја подобрите вашата политичка позиција со лаги и со интриги. Сите економисти знаат, кои навистина не се занимаваат со политика, туку со економија, дека Заводот за статистика е таа институција која што ги вади меѓународно прифатливите бројки во меѓународно прифатлива методологија и дека се друго е манипулација. Дали сакате да ги извадиме луѓето кои што сте ги избришале, за да покажете подобри резултати. Дали треба да ги извадиме на прес конференција и тие да кажат дека беа избришани заради политички цели и заради тоа вашата партија да се прикаже подобра пред граѓаните, беа елиминирани од списоците за невработени. Беа елиминирани и сега се враќаат назад. Дали треба и нив да ги извадиме на прес конференција и да ви го кажат тоа во лице, како и да ги извадиме списоците на илјадници лица што ги извадивте од евиденција и им ја одзедовте можноста за здравствено осигурување.

**Бесим Догани:** Господине премиер, дали може да продолжите по второто прашање.

**Никола Груевски:** Околу второто прашање беше поставено колку пари се потрошени за рекламирање и за домашните медиуми и во странските медиуми. Сакам да ви одговорам дека Владата нема потрошено пари за рекламирање и тоа што вие го нарекувате рекламирање, тоа е информирање на граѓаните во земјата, тоа е начин како да се достават потранспарентно многу информации до граѓаните и начин како во некои сегменти што се исклучително важни за државата, да се подигне јавната свест за одредени работи. Тоа е нешто што можеби вие не го разбирате, меѓутоа е поздравена од граѓаните, затоа што добиваат повеќе информации, затоа што сега со проектот регулаторна гилотина што моментално оди во медиумите, се повикуваат сите граѓани да дадат информации, да дадат податоци, да се понудат на кој начин можат да помогнат заедно со Владата да дојдеме до сите потребни информации, кои бирократски процедури би можеле да бидат скратени, а тоа да не биде на штета на државата, кои процедури во издавањето на разни дозволи, на разни лиценци би можеле да бидат скратени за да се олесни бизнисот и да се олесни животот на граѓаните. Исто така каде и на кои места може да се поефтинат или целосно да бидат бесплатни одредени давања на согласности, на дозволи, на лиценци. Така што, тоа се работи со кои што се информираат граѓаните, државата настапува потранспарентно или се прибираат на соодветен наин податоци од нив за да се подобри квалитетот на живеење во Република Македонија.

Тоа што вие го нарекувате рекламирање, тоа е информирање, тоа е транспарентност и можеби на вас ви е тешко што Владата има одредени проекти, кои што се јавно достапни до многу граѓани, кои граѓаните ги поздравуваат, па вие тоа го нарекувате рекламирање. Тоа не е рекламирање или вие не го разбирате или не сакате да го разберете. Тоа е контакт со луѓето, барање информации од нив, барање податоци или информирање за тоа што го работи Владата, што се сработило, што се носи понатаму, што се планира, што значи тоа е еден друг стил на работење, кој што вие никогаш не го научивте или не сакавте да го научите.

Она што се однесува до делот на рекламирањето на државата во странство, беше поствено прашање и сакам да одговорам, доколку може да ми биде дозволено.

(Реакција од страна на опозицијата).

Оваа реакција од страна на опозицијата покажува каде е нервозата, каде е вистината и каде е лагата. Оваа реакција за време на моето говорење да има урлање, довикување, навреди, тоа е навистина нешто што покажува кој ја говори вистината и зошто сега му е тешко кога се даваат одговорите.

Почитувани пратеници од СДСМ, бидете малку трпеливи да ви се одговори затоа што вие поставивте прашање и вие барате да ви одговорам. Дозволете да го завршам одговорот. Можеби не ви одговара и можеби не очекувавте одговор, па еве ако треба да се повлечеме само вие да поставувате прашања и да викате дека нема прашања во тоа. Ако е тоа поентата, еве јас можам да се повлечм, да ви го направам меракот, само вие да зборувате, да се повлечеме сите. Ако дозволите, ве молам да го завршам одговорот.

Прво, инсинуациите дека Македонија ја немало во никакви параметри до 2018 година, па Турција била предвидена во 2018 година, не знам која држава во 2015 година и тн. значи ние денес сме таму за 2020 или 2025 година и тоа покажува едно немање чувство за реалност, немање чувство за она што се случува или обид да се изманипулира граѓанинот. Не оди тоа така, не се прави тоа така. Не можете да ги убедите граѓаните дека толку многу ние не сме сработиле, толку лошо сме работеле, па сега откако ние дојдовме во овие шест месеци, наместо досега да бевме примени, ќе бидеме примени во 2025 година. Кој ќе ви поверува на тоа, госпоѓо Шекеринска. Дајте бидете малку реални, немојте да излегувате со податоци дека за сите земји имало проекција, дека само Македонија после Турција ја ставиле Македонија, па малку реалност, ве молам и во вашите прашања и во вашите дискусии. Треба малку тежина да има тоа што го говорите и да ви поверува некој, немојте така.

Она што ние го првиме е нешто што требаше да се направи многу одамна. Многу одамна требаше да се намалат даноците во Република Македонија. Многу одамна требаше да се намали времетраењето на формирање на компанија, да се направи толку широк пат за кој што е либерализиран и толку многу договори за слободна трговија. Многу одамна требаше да се

удри на корупцијата и криминалот, како што се удри во овие шест-седум месеци. Многу одамна требаше да се започне реформата во катастарот. Многу одамна требаше да се направат многу работи, за да земјата многу одамна да излезеше со презентација пред меѓународниот бизнис свет и да покаже компаративни предности зошто некои компании треба да инвестираат во Република Македонија. Тоа е она што ние го правиме. Ние со кампањата Инвестирајте во Македонија, која што како што можам да забележам од многу истражувања на јавните мислења, ја поздравуваат поголемиот број на граѓани на Република Македонија. Преку таа кампања се обидуваме да ги информираме сите компании во Европа, во светот, кои што имаат интерес да се шират со капитал и со инвестиции надвор од својата држава и да го прават тоа во држава во која што има подобри услови за правење бизнис, дали има нешто лошо во тоа, да ја проширите информацијата за компаративните предности што ги дава една држава. Да им дадете информација на биснизмените во Германија, во Франција, во Италија, во Америка, во Шведска, во Австрија, во Австралија и тн., кои се можностите да инвестираат во Македонија. И, вие тука најдовте да броите пари, вие кои за една реклама од која што нема никакви ефекти што одеше на СНН се дадоа околу 300 илјади евра, сега кажувате кога конкретно информираме илјадници бизнисмени, кога имаме еден куп повици, нивни доаѓања од обиди тие да воспостават контакти со нашите компании во Република Македонија. И тоа го нарекувате несоодветно трошење на пари, тоа го нарекувате рекламирање . Каде се рекламираме ние? Што е поентата да се рекламираме, ако нема некоја смисла од тоа надвор од државата. Ние не се рекламираме како Влада, како поединци, ги рекламираме предностите на Македонија, ги рекламираме компаративните предности, можностите да се инвестира во Македонија. Ако се инвестира, ќе се отворат работни места и тоа е единствениот начин да се отворат работни места, да дојдат странски компании и да се охрабрат домашните компании и да се отворат работни места. Тоа што сме го ветиле во нашата програма, тоа ќе го и исполниме и го исполнуваме. Тоа е основната разлика меѓу вас и нас, разликата во која што имавме Бранкови закони, од кои што немаше никаков ефект, разликата во која што имавме од ваша страна ветување по еден вработен од семејство и класично лажење на граѓаните на Република Македонија и разликата во она што се прави сега, во она што се прави во промени во системот, во подобрување на бизнис климата, во информирање на странските компании, што е тоа што е подобрено во Република Македонија и која би била предноста да инвестираат во Република Македонија. Тоа се разликите и тоа е идејата, почитувана госпоѓо Шекеринска и жалам што сеуште вашата партија нема созреано до толку, што барем елементарно ме ислуша како премиер кога одговарам на ваше прашање. Колку да ви е тоа прашање болно и колку одговорот да не ви одговара и колку да не сакате да го слушнете, такво однесување какво што имавте сега, 15, 20 пратеници да викате, да довикувате, да навредувате, да урлате, тоа навистина повеќе говори за вас, отколку за било што друго. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Груевски.

Процедурално има Шекеринска Радмила, повелете.

**Радмила Шекеринска:** Прво, мислам дека е непримерно премиер да користи збор урла во Собрание. Тоа е прво.

Второ, господине Груевски добивте процедурално право да говорите, иако немате. Јас имам право и ќе ги искористам овие три минути прво процедурално да говорам.

Претседателе на Владата, овој тип на однесување е дозволен во Владата, бидејќи тука вие ги диригирате работите. Дозволен е дури и на медиумите кои што ви дозволуваат да се однесувате така. Ќе си поставите прашање, па ќе си го одговорите. Овде треба да се обидете да дадете одговор на прашањата кои што ги поставил пратеник, а не да си наметнувате пратенички прашања самите. Најголемата грешка која што еден политичар може да ја направи во секој момент и кога е во опозиција, ама и кога е на власт, е да се труди да го потцени противникот, па да зборува дека противникот нема чувство, да зборува дека на противникот нема кој да му верува. Овде не сме заради тоа што некој ни верува или не, овде вие сте да одговорите на прашање, а ние да поставиме прашање. Јавноста ќе цени. Мислам дека вашиот пристап да не говорите за проблемот за невработеноста во Македонија, доволно говори. Да беше вашиот рејтинг рекорд, да беше вашата работа квалитетна по прашањето на решавање на проблемот со невработеноста, немаше вака да се однесувате. Ќе излезевте и 20 минути вие ќе говоревте. Немаше да ја прекрши потпретседателот процедурата, на тој начин што прво ќе му даде да говори на министерот за финансии, а потоа ќе ја прекрши процедурата, со тоа што повторно ќе му даде на претседателот на Владата да одговара на исто прашање. И, ваквото рушење на процедурата сега ќе ни се повторува секогаш и ќе правиме каша од седниците на Собранието, какви што ги направивме. Има многу бројки околу нас, кои сакате да ги гледате. Вие очигледно не сакате да го гледате фактот дека 372 илјади лица во Македонија се пријавиле како невработени и дека секој ден растат. И, вие велите бројките си ги бирате. Ајде да ги погледнеме и другите бројки. Да ги погледнеме и бројките колкав број на лица се вработуваат на неопределено време. Ако не ни оди со невработените, можеби ни оди со вработените. Во февруари о.г. имате полош резултат, отколку

во февруари минатата година. И тие ли лажно се пријавиле дека се вработени.

Господине Груевски, знаете како, економијата колку и да сакате да ги потценувате другите, е егзактна наука. За разлика од други економисти овде, јас сум имала високи оценки по математика, така што обидот ајде да не зборуваме за бројки, туку да говориме за проценти, малку е несмасен. Меѓутоа, јас би сакала само да апелирам до потпретседателот или ќе одговараме на пратенички прашања или ќе имаме говори на слободна тема. Затоа, би сакала да поставам и едно дополнително прашање.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Пред да ве прашам дали сте задоволни од одговорот, само да ви укажам дека, ве молам, јас се обидувам колку можам да фаќам забелешки од вашите прашања. Колку што се сеќавам јас, во вашето прашање имаше дел за влез на Македонија во ЕУ и за делот на рекламната кампања. Затоа, нормално, му дозволив на премиерот да говори за тоа. Затоа, сега ве повикувам дали сте задоволни од добиениот одговор. Повелете.

**Радмила Шекеринска:** Ќе повторам со тоа што ќе кажам дека никој воопшто не говореше за кампањите за кои што одговори премиерот. Значи, премиерот ни објаснуваше дека Владата трошела многу пари за рекламирање во домашни медиуми, заради тоа што била транспарентна. Тоа не беше прашањето. Прашањето беше кој е ефектот на милионите евра потрошени во странски и домашни медиуми со наслов Инвестирајте во Македонија. Тоа беше прашањето, кое премиерот очигледно не сака да го одговори.

Ако веќе зборуваме за јавност и транспарентност на Владата, многу интересно е премиерот немаше прилика да го чуе тоа, што на прашање на кој начин се осигурани компании во државна сопственост, добивме одговор дека е службена тајна. Значи, ако се чепне малку по договорите, во кои што очигледно интерес имал и претседателот на Владата Груевски, тогаш е службена тајна и тогаш не важи транспарентност. Ако се праша кои се адвокатите и на кој начин се ангажирани да ги бранат наводно тие претпријатија, службена тајна е, нема транспарентност. Ако прашаме што се случува на Клинички центар со бизнис интересите на блиски советници на премиерот и тоа не е транспарентно. И тоа е службена тајна. Ако прашаме било какво друго прашање, кое зборува за парите на граѓаните и интересите на граѓаните, впечатокот и одговорот на Владата на Груевски е нема одговор на тоа прашање. Меѓутоа, 4, ако е точна таа бројка за која што се повеќе се говори во јавноста, 4 милиони евра ако се потрошени само за еден месец, да им кажеме на странските инвеститори дека Македонија е добра земја за инвестирање, а нив кога ќе ги прашаат за Балканот, тие велат ништо за Македонија, немаат прогнози, што е полошо од тоа да ни кажеле 2017 година не нема на бизнис картата, тогаш прашањето кое Груевски треба да го постави, не треба јас да го поставувам, е кој ја носи одговорноста за оваа погрешна политичка одлука. Некој тврдел дека ќе се инвестираме и резултати ќе дојдат. Ние сме инвестирале, не јас, не опозицијата, не СДСМ, еве го списокот на Ројтерс.

Не е битно кога ние ќе влеземе сега веќе во ЕУ, не е тоа прашањето. Очигледно дека многу подоцна отколку што се надевавме. Меѓутоа, тоа дека ја има Албанија, ја има Црна Гора, ја има Босна, ја има Турција, а Македонија ја нема никаде, мора да биде одговорност на Владата која трошеше пари за никаков резултат. Впрочем, можно е една од причините зошто инвеститорите не се сетиле е што на пример ние во нашата реклама тврдевме дека државата има најниски даноци и тоа е главната реченица која и денес се повторува. Погледнете било кој извештај на некоја од меѓународните финансиски институции, ќе видите дека не е баш така, па инвеститорот ќе ни прочита една реченица, ќе види дека не ја говориме вистината на едно место и Србија и Црна Гора се со пониски даноци од нас, на друго место Босна и Херцеговина се со пониски даноци од нас, и велат зошто да читаме, зошто воопшто да калкулираме со Македонија. За жал, на сите тие прашања Груевски даде заобиколен одговор.

Немам дополнително прашање.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

(Премиерот Никола Груевски реагира со зборовите: “Ве молам, да одговорам”.

Реакција од пратеници.

Повторна реакција од премиерот Никола Груевски со зборовите: “Како нивно процедурално прашање нека биде”).

Не, господине Груевски, ве молам.

(Реакција од пратеници).

Не сте во право, и тука е прекршена процедурата бидејќи вашите три минути се за поставување на дополнително прашање.

(Реакција на пратеничката Радмила Шеќеринска со зборовите: “Јас не поставив дополнително прашање”).

Не поставува прашање господинот Груевски.

Продолжуваме понатаму.

Десет минути за поставување пратенички прашања има господинот Стојан Андов.

Процедурално, господинот Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Господине потпретседателе,

Мојата интервенција навистина ќе биде процедурална. Јас не сакам да верувам, но се повеќе ме убедувате дека намерно го прекршувате Деловникот, а ќе ви кажам и зошто: за да ги оневозможите пратениците да поставуваат пратенички прашања. Уште 20-30 минути ќе одиме на пауза, а е поставено само

едно пратеничко прашање. Спротивно на Деловникот дозволувате да се одговара на прашања кои што не се поставени.

Второ, спротивно на Деловникот дозволувате да одговараат оние министри на кои не им е упатено прашањето.

И третата работа, вие сте најодговорни за текот на седницата. Наместо да ни се потсмевнувате на нас пратениците од опозицијата како сте не - да не употребам некој лош збор - изманипулирале, јас би ве замолил, немојте и вие како претседателот на Собранието, Парламентот да го сведувате на најниски гранки во оваа држава. Немојте да ја прекршувате процедурата, плашејќи се за вашето место потпретседател.

Би ги замолил и останатите пратеници, ако пратеникот може согласно Деловникот кратко и прецизно да поставува прашања и да дава образложение, тогаш и министрите кратко и прецизно да одговараат на поставените прашања. За тоа сте вие најодговорен и на секој од министрите што дискутира надвор од поставеното прашање, вие сте тој кој што треба да му го одземете зборот, без разлика дали е претседател на Влада, министер, потпретседател на Влада.

Ве молам, да дозволите да поставуваме прашања.

Би ги замолил моите колеги од опозицијата да не влегуваме во замката која што сака мнозинството и Владата да ни ја постават, да не ни дозволат да поставуваме прашања. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Најдовски.

Најпрво, немојте многу да се грижите за моето место како потпретседател, бидејќи не сте гласале за мене како потпретседател, и немате некоја одговорност кон тоа.

Втора работа, ако работиме како што налагате вие, тогаш треба од почетокот на денот да ве прекинувам сите до еден, бидејќи и страната која поставува прашања избегнува да поставува директни прашања. Нормално, кога прашањата се опширно поставени, и одговорот ќе биде опширен, можеби во два три сегменти.

Затоа, ќе ве замолам, и вие кои поставувате прашања поставете ги поконцизно, и времето за дополнителни прашања искористете го за дополнително прашање, па да продолжиме со нормален тек на работата на денешнава седница.

Затоа, го молам господинот Андов . . .

Процедурално, има збор господинот Владимир Ѓорчев.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам потпретседателе.

Јас би сакал да реагирам во однос на тоа што тука повеќе пати беа поставени прашања, но кои всушност не беа прашања, туку беа дискусии, имавме нарушување на процедурата од страна на пратеникот Радмила Шеќеринска.

Пратеникот Радмила Шеќеринска, која реално е вработена во ова Собрание, пратеничката Шеќеринска која секој месец зема 50 илјади денари плата . . .

(Реакција од пратениците на СДСМ, на што потпретседателот Бесим Догани вели: “Ве молам, дајте да заврши”).

. . . а која месечно се појавува по 15 минути. 15 минути Шеќеринска доаѓа на работа месечно, а зема 50 илјади денари плата и се води како вработена.

Денес си ги земавте папките кои што сте ги оставиле во февруари и вие говорите за невработеност. Ако едно лице во Република Македонија три дена не доаѓа на работа, ја губи работата, а Радмила Шеќеринска со денови и месеци не доаѓа на работа, а зема плата, така што целосно мислам дека станува збор за непродуктивни дискусии. Ви благодарам.

(Реакции во салата од повеќе пратеници)

**Бесим Догани:** Господине Макрадули, ве молам, немојте од место, јас не можам веќе да ви одговорам. Никогаш не сум ви барал да ми одговорите, земете стенограми и прочитајте.

Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Претседателе, јас ја разбирам. . . .

(Реакција на пратеникот Силвана Бонева:”Јас бев пред тоа пријавена”).

**Бесим Догани:** Се извинувам, прво Силвана Бонева, па потоа Игор Ивановски.

Повелете, госпоѓа Силвана Бонева.

**Силвана Бонева:** Ви благодарам потпретседателе.

Навистина, ова денес што се случува е театар што го прави опозицијата и изигрува дека тие се жртви на работењето на потпретседателот, дека не се почитува процедурата предвидена со Деловникот. Навистина, тоа е манипулирање со јавноста во Република Македонија. Ќе ја потсетам и госпоѓата Шеќеринска и господинот Најдовски, да престанат да кажуваат дека е пркршена процедурата, со тоа што е дадено право на министерот да одговара. Ќе ги потсетам на членот 41 од Деловникот, бидејќи јас ќе се држам на Деловникот во рамките на процедуралното каде што јасно стои: “на прашање поставено на претседателот на Владата одговор дава претседателот или определен претставник на Владата”.

(Реакција од пратеници од опозицијата со зборовите:”Стои “или” овде”).

Значи право е дали претседателот ќе даде одговори или определен претставник на Владата. Апсолутно нема никаква злоупотреба на процедурата. Злоупотребата на процедурата е од ваша страна, да си дозволите да зборувате три минути, да држите политички говори, поставувајќи илјадници прашања, поставувајќи тези, градење

тези на неточни постулати и потоа да кажете дека немате прашање. Тоа е злоупотреба на институтот политичко прашање, одземајќи му право на премиерот и на министрите да дадат одговор на илјадници прашања кои беа поставени од ваша страна.

Ве молам, да се почитува Деловникот за работа на Собранието, да не правиме театар од институтот пратенички прашања. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Господин Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Да, потпретседателе, иако ми е јасна нервозата пред се во Владата и кај колегите пратеници од изнесените аргументи, јасно ми е исто така, за да докажам што е процедурално, дали Влатко или сите останати по нарачка ќе прават упади во разговорите во дебатата, за да го релативизираат тој факт, нема да успеат да го избришат фактот дека има 50 илјади нови невработени лица благодарение на работата на оваа Влада.

(Реакции од пратениците).

Дозволете, бидејќи потпретседателе, сакам процедурално да зборувам, дозволете, ќе кажам зошто ова го говорам - милуваат сите пратеници од парламентарното мнозинство да бараат извинувања од нас како пратеници за јавно искажан говор кој сеуште во Македонија е уставна категорија, иако сакате и тоа да го забраните.

Од тие причини господине потпретседателе, бидејќи во обраќањето на премиерот беа упатени серија на навреди спрема членовите на парламентарната група на СДСМ или генерално кон пратениците, барам премиерот Груевски да се извини на Собранието за неговиот однос денес овде во овој законодавен дом. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Госпоѓо Шеќеринска, дали сте и вие за процедурална забелешка? Повелете.

**Радмила Шеќеринска:** Член 37 ги регулира пратеничките прашања и јас би препорачала и на госпоѓа Бонева, пред да обвинува се и секого, да го прочита. Како што можете да видите, пратеникот на една седница може да постави најмалку три прашања, поставувањето не може да трае подолго од 10 минути и затоа потпретседателе, нема зошто да барате од нас да бидеме куси и концизни. Мораме да бидеме куси и концизни, за разлика од претставниците на Владата кои се многу екстензивни и кои што говорат за се, само не за тоа што се прашани. А пратеникот има право да се изјасни дали е задоволен од одговорот, но не подолго од три минути. Може да поставува дополнителни прашања, но не мора, може да се изјасни само дали е задоволен или не е задоволен.

Затоа, се чудам што госпоѓата Бонева најде дека се прекршила процедурата и тоа од моја страна и од старна на некој друг, не знам, кога ние, за разлика од претставниците на Владата, сме во рамки на Деловникот. Меѓутоа, Деловникот исто така вели дека одговор може да даде или претседателот на Владата или некој од министрите, не може и двајцата.

Останува на крајот следниот заклучок:

Прво, опозицијата поставува едно прашање за проблемот број 1 во државата, невработеноста. Прашањето не го поставува на било кој, го поставува до премиерот токму заради тоа да не го заобиколи. Премиерот одлучува да не даде одговор. Овие три работи доволно говорат, 50 илјади лица не се измислени, не се измислица на опозицијата и нема да ги решиме на тој начин што ќе велиме дека не постојат или ако не поставуваме ние како опозиција прашање.

Затоа, потпретседателе, јас ве молам, да не се јавувам јас кога останатите пратеници тврдат дека е прекршена процедурата од моја или од туѓа страна, вие треба да кажете дека процедурата не била прекршена и дека единственото прекршување кое денес го дозволивте е услугата која што му ја направивте на премиерот.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Веќе еднаш објаснив, мислев дека сум многу јасен, но очигледно секој кој се јавува процедурално за збор се јавува да даде објаснување, што е ваш проблем, не е мој проблем.

Што се однесува до одговорот на министерот за финансии, рековме дека деловнички во членот 41 му е дадено тоа право на претседателот на Владата да одговори било кој.

Второ, во второто јавување на господинот Никола Груевски, претседател на Владата, одговори на вашето второ прашање.

(Пратеникот Кире Гештаковски бара збор процедурално).

Мислам дека нема што да дискутираме повеќе за ова, господине Гештаковски. Мислам дека се разјаснивме.

Вистински процедурално, повелете, Кире Гештаковски.

(смеење)

**Кире Гештаковски:** Можете да се смеете колку сакате.

Господине потпретседателе, навистина ја прекршивте процедурата, бидејќи пред вас тука се наоѓаат четири одговори на пратенички прашања поставени пред четири месеци до министерот за здравство и после толку време стигнаа тие. Мене ми беше овозможено да одговорам дали сум задоволен само на едно поставено прашање. Дали намерно или ненамерно, вие за останатите три одговори не ме повикавте да се произнесам и бидејќи сега е навистина депласирано, бидејќи се отвора расправа за поставување нови прашања, ако ми ветите дека на следната сесија ќе можам да одговорам на тие трите дополнителни прашања,

во интерес и на времето и на конструктивноста би се откажал денес да одговорам на тие три прашања. Вие навистина ги заборавивте трите одговори на преостанати прашања стигнати од министерот за здравство.

**Бесим Догани:** Господине Кире, додека вие говоревте, јас го најдов сценариото. Можете да погледнете сите ваши четири прашања се поставени на едно место и многу внимателно ве слушав, вие говоревте по сите овие четири поставени прашања. Може за тоа да го земеме стенограмот ако сакате. Во сценариото се сите ваши четири прашања, кои можам да ви ги прочитам.

Прво, одговорот на првото прашање се однесува на имплементација на реформите во примарното здравство.

Одговорот на второто прашање се однесува на тендерот за набавка на лекови, говоревте и за ова.

Одговорот на третото прашање се однесува на реформите во Клиничкиот центар, прашавте и за ова.

Одговорот на четвртото прашање се однесува на реформите во здравството кои се однесуваат на медицинските доктрини. Говоревте и по ова.

(Реакција на пратеникот Кире Гештаковски со зборовите: "Нешто говорев, вие треба по одредено прашање да ме прашате, јас имав четири одговори на пратенички прашања").

Господине Гештаковски, вие имавте време, мислев дека се ви е јасно, требаше дополнително да прашате ако не бевте задоволен од одговорот во моментот кога јас ве прашав.

(Реакција од пратеникот Кире Гештаковски: "Не можеме да ги соединиме четирите прашања").

Во вашите прашања, во сценариото беа поставени како четири прашања.

Предлагам да продолжиме пред да стане 14,00 часот и да одиме на пауза.

10 минути за поставување пратенички прашања има господинот Стојан Андов, повелете.

**Стојан Андов:** Господине потпретседателе, господине премиере, министри, колеги пратеници,

Сакам да поставам три прашања.

Првото прашање го поставувам до министерот за економија и се однесува на испуштањето на штетни и отровни гасови од ФЕНИ и штетите што настапуваат во врска со тоа.

Моето прашање го поставувам заради информациите што ги добиваме од средствата за информирање, од медиумите, за обемот на излачување на тие гасови и ширење, а исто така и поради некои навестувања како ќе се решава прашањето. Тоа ќе се решава со градење на филтер, кој ќе биде готов во август итн. Тие такви ветувања повеќе пати ги има до сега, не дале резултат и затоа сакам да го поставам следното прашање.

Бидејќи во ФЕНИ има значајно отстапување во тековното работење на Топилницата од процедурата по технологијата по која е градена индустриската постројка и од таму произлегува најголемиот дел излачување на отровни материи и други видови штета, дали Министерството со своите капацитети или со ангажирање на друга институција, можеби и од странство, ќе го испита проблемот на отстапување на работата на ФЕНИ од базниот инженеринг и од технологијата заради која е изграден и врз основа на која е изграден, чиј автор е професорот Стево Трајков, кој е во пензија, ама е уште жив и може да се искористи да се разјаснат прашањата.

Второто мое прашање е упатено до министерот за транспорт и врски и министерот за финансии.

Кога расправавме за Буџетот, последниот пат, во декември, дојде едно ветување дека за идната година ќе се води сметка и ќе се обезбедат средства во Фондот за патишта да се изгради или барем да се почне сериозно изградбата на заобиколниот пат во Дојран. Сега ме интересира, веќе сме скоро на половина година, дали некои подготовки во "Македонија пат" се вршат за да може да се ефектуираат тие намери на двете министерства што беа најавени, дали сите проекти се готови, дали другите работи се испитани и дали истражувањаа се вред и дали сите субјекти кои треба да бидат вклучени, дури и локалната самоуправа, се информирани за тоа што треба да прават во меѓувреме, за да може да се изгради овој пат.

Третото прашање е упатено до министерот за внатрешни работи и министерот за надворешни работи.

Република Македонија во своите напори да го олесни или укине овој режим што ни е наметнат сега, еден ден да биде и без визи, имаше некои обврски кон ЕУ, и меѓу другото требаше да потпише редица договори за реадмисија. Некои земји потпишаа, некои не потпишаа, па еве информирани сме дека пред извесно време е потпишан Договор за реадмисија со ЕУ што ги заменува сите оние непотпишани договори.

Оттука, бидејќи тој го сметам за многу важен договор, затоа што еден од условите за олеснување на визниот режим со тоа е исполнет, во јавноста многу малку се знае и се зборува, дури има и некои противречни и неточни информации, би сакал министрите овде да одговорат за каков вистински договор се работи и што македонските граѓани добиваат од таквиот режим, а што македонската држава.

Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Андов.

На вашето прво прашање ќе одговори министерот за животна средина, повелете.

**Џелил Бајрами:** Благодарам на прашањето.

Во поглед на вашето прашање околу Рударско металуршкиот комбинат ФЕНИ би сакал да ве

информирам дека од страната на Државниот инспекторат при Министерството за животна средина и просторно планирање, во континуитет се врши инспекциски надзор, се реализираат мерења од страната на централната лабараторија при Министерството и се преземени соодветни мерки.

Поради дејноста што ја обавувам производство на фероникел, оваа Компанија се соочува со проблеми на зголемување на емисиите на прашаниа. Поради тоа, ФЕНИ - индустри е задолжен со решение да врши редовни мерења на емисиите на штетните гасови и прашаина, како и на квалитетот на амбиенталниот воздух. Државниот инспекторат за животна средина од своја страна врши увид и мерења на истите параметри кои, во досегашниот период, освен во однос на зголемената концентрација на прашина, не констатираше други отстапувања.

Поради ова, против Компанијата беше покрената прекршочна пријава и парично се казнети од страна на судот.

За решавање на овој проблем, задолжени се со решениајод страна на Државниот инспекторат за животна средина во најкраток можен рок до 15 август 2007 година да постават нов електронски филтер, со што ќе се сведе емитирањето на штетните материи во воздухот во рамките на максимално дозоленит еконцентрации.

Во врска со инцидентот што настана на 24.04.2007 година, овој инцидент настанал поради проблеми со филтерските постројки, Државниот инспекторат веднаш реагираше по пријавата на граѓаните. Изврши увид и издаде решение со кое скоро за два пати го намали производството на Комбинатот, односно го редуцира производството од 125 тони на час на 73 тони на час. Со ова ќе Собрание еобезбеди и намалување на концентрациит ена емитирањето на прашина.

Исто така е наложено да фирмата пристапи кон ремонт, со што би се подобрил технолошкиот процес.

Ова се мерки што ние како Министерство ги презедовме. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине министер.

Дали господинот Андов е задоволен од добиенито одговор, повелете.

**Стојан Андов:** Јас сум задоволен од досегашните активности на инспекцијата за животна средина и за другите надзорниоргани. Меѓутоа, овие работи се повторуваат со години. Вие ги гоните, вие гиказнувате, ги предупредувате, забранувате и т.нн. но вакви работи се случуваат.

Јас го псотавив прашањето дали е можно тоа да се реши само со филтер? Се отстапува од технологијата. Во основната технологија, според која се градеше ФЕНИ, јас тоа добро го познавам, бидејки работев таму на времето, во Кавадарци, бев градоначалник, едно време бев и вд директор на ФЕНИ, во основната технологија не се предвидуваше дека воопшто ќе има емисија на прашина. Затоа, технологијата што се применува сега отстапува од таа технологија.

По основната технологија се донесени одлуките да се гради ФЕНИ и сите кредити се донесени и сите дозволи што ги добива ФЕНИ се по таа основна одлука. Затоа треба да се испита степенот на придржување до онаа технологија што е основна, базична технологија и што треба да се применува во ФЕНИ. А, тоа не може без нејзиниот автор и без негово вклучување во испитувањето. Тоа ми беше да се разјасни таа работа. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Андов.

Дали сакате дополнително да ви се разјасни ова прашање или не?

**Стојан Андов:** Сега не може тоа.

**Бесим Догани:** Во ред.

Тогаш, на вашето второ прашање поставено кон минситерот за транспорт и врски и кон министерот за финансии.

Има збор заменик министерот за транспорт и врски.

**Скендер Палоши:** Благодарам.

Прашањето се однесуваше во врска со заобиколницата во Дојран.

Фондот за магистрални и регионални патишта кој е надлежен за овој сегмент од работата на Министерството за транспорт и врски има проект за таа заобиколница. Има и една мошне стара студија врз основа на која е изработен проектот.

Поради долгото време од кога е изработена студијата и главнио тпроект, се има пристапено кон ревизија на истиот проект и по добивањето на забелешките од ревизијата, ќе се пристапи кон вметнување на тие забелешки попроектот. Со тоа проектот би требало да биде комплетиран и тогаш треба да се изнајдат средства, бидејки се потребни доста големи средства за реализација на таа заобиколница. Меѓутоа,основ за истата, за реализација на истата е квалитетен главен проект. Сега сме вопостапка на ревидирање на истиот, бидејќи е доста стар и некореспондира со потребите и технологиите што денеска се применуваат.

Јас и писмено ќе одговорамна господинот Андов, точно вокоја фаза се наоѓа ревидирањето на проектот и кои се можностите за пронаоѓање на средства за изградба на истата заобиколница.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине заменик министре.

Има збор господинот Андов, повелете.

Повелете господине Андов.

**Стојан Андов:** Јас сум задоволен од одговорот и добро е попрецизно да ме информирате писмено. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Има збор министерот за финансии, како дополнителен одговор на вашето прашање. Повелете.

**Трајко Славески:** Како што и самиот почитуван господин Андов спомна , кога го псотави ова прашање, ако добро се сеќавам, во текот на расправата за Буџетот 2007 година, тоа што беше одговорено и што сега интерпретираше, станува збор за многу значаен проект што има и еколошки аспекти и економски од обласат на развојот на туризмот. Нешто што навистина може многу да придонесе за крајот за кој што станува збор и за Република Македонија.

Сакам само да спомнам дека од финансиски аспект, Фондот, Министерството за транспорт и врски е во фазното следење на проектот. Сега беше кажано од заменикот министер, дека студијата се ревидира. Ќе се подготви, најверојатно, адекватна студија за издржан проект. За тоа се потребни средства. Тие средства ќе бидат обезбедени.

За жал, во изминативе неколку години Фондот забележа колапс на сопствените приходи од патарините. Тоа, во последно време е многу подобрено, но негативна компензација се забележува заради градежните работи што се извршуваат на мостовите на делницата од Автопатот од Скопје кон Велес каде што на една наплатна рампа се губат приходи од ненаплатена патарина.

Владата на Република Македонија, од други причини и оради потребата од дополнителни средства во Фондот ги презеде овие активности за предвремена отплата на долгови кон Светската банка и Европската инвестициона банка. Само да спомнам дека некои од тие долгови од Европската инвестициона банка се директна обврска на Фондот за магистрални и регионални патишта и целокупната заштедеа од каматите што се остварува со оваа операција се ставаат на располагање токму за вакви проекти.

Само да потсетам дека за оваа година, заради фактот што, речи си, најголемиот дел од буџетските средства што ги добива Фондот за магистрални и регионални патишта се наменуваат за исплата на затекнати односно заостанати обврски. Се соочивме со доста лимитирани можности од аспект на приоритетите.

Оттука, приоритетите беа патниот правец Струмица-Радовиш и третата лената на коловозот Велес-Прилеп. Но, секако, токму поради она штопретходного спомнав ја имаме на ум обврската за реализација на овој патен правец, откако ќе се подготви целокупната документација. Владата, во рамките на своите можности, преку Фондот за магистрални и регионални патишта ќе даде приоритет на овој проект. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине министер.

Господине Андов, дали сте задоволни од добиениот одговор, повелете.

**Стојан Андов:** Да задоволен сум

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине, Андов.

На вашето трето прашање ќе одговори минситерот за внатрешни работи, повелете.

**Гордана Јанкулоска:** Благодарам потпретседателе.

Третото прашање се однесуваше на неодамна парафираниот Договор за реадмисија како еденод условите, што Република Македонија треба да ги исполни за олеснување, односно во крајна линија либерализација на визниот режим со Европската унија.

Парафираниот Договор со Европската комисија за реадмисија практично ги одразува напорите на Република Македонија и сериозниот пристап што може да го потенцираме во последниве неколку месеци кон ова прашање.

Имено, до парафирањето на овој Договор, Република Македонија преговараше со земјите членки на Европската унија билатерално и домоментот на политичката одлука на Европската комисија да се разговара и преговара за хоризонтален тип на Договор на реадмисија, Република Македонија имаше склучено 16 договори за реадмисија со 16 држави членки на Европската унија. Меѓутоа, по политичката одлука на Европската комисија да се оди на поинаков тип на договор на реадмисија,од декември минатата година пристапивме кон преговарање на текстот на договорот. Практично, со неговото парафирање, Република Македонија го заокружи процесот на склучување на договори за реадмисија помеѓу Македонија и земјите членки на Европската унија.

Како што реков, ова е Договор од хоризонтален тип и истовремено, овој Договор е таканаречен комутативен тип на договор, што значи договорот нема да подлежи на поединечна ратификација од страна на земјите членки, туку ќе стапи на сила по неговата ратификација од страна на Европскиот парламент, се разбира и ратификација на Договорот одс трана на Собранието на Република Македонија.

По однос на вториот сегмент на ова прашање што се однесување на решенијата што ги нуди овој Договор, односно самата содржина на Договорот и што тој би значел за граѓаните на Република Македонија, јас би сакала да потенцирам дека Република Македонија може комотно и задоволно да се чувствува по однос на достигнатите решенија, бидејќи овој Договор претставува еден избалансиран и позитивен, пред се, Договор за Република Македонија. Особено ако се има предвид исклучително рестриктивниот мандат што преговарачите, од страна на Европската комисија го имаат добиено да преговараат на оваа тема, пред се како резултат на сериозноста на прашањето и проблемот на илегалната миграција што е еден од приоритетите на Европската унија.

Токму затоа, уште еднаш ќе потенцирам дека мандатот на преговарачкиот тим на Европската комисија беше крајно лимитиран, крајно ограничен. Сепак, со огромно задоволство можам да кажам дека македонската страна, по однос на неколкуте спорни точки, таканаречени спорни точки во Договорот успеа да постигне компромис во најклучните членови на Договорот, што не оди на штета на Република Македонија, туку напротив, значително ги подобрува нашите позиции, особено ако ги споредиме со нашите позиции што ги имавме претходно поодноc на одредени билатерални договори.

Ќе издвојам само три-четири членови што се од значење за граѓаните на Република Македонија и што беа предмет на толкување и аргументирање, јавна дебата низ медиумите, во интерес на попрецизно утврдување на она што значи, потпишан односно парафиран текст на Договорот.

Ќе потенцирам дека можеби едно од клучните прашање е членот 3, односно ставот 3 од овој член, каде што се затвара едно од највапните и најспорните технички прашања што произлегуваат од овој договор, со што Република Македонија затвори суштинско прашање и еден од пробелмите што веќе егзистираше во договор што беше во сила со една од земјите членки на Европската унија. Имено, со постигнатото решение што претходно беше во сила, каде немавме дополнителен услов што сега го имаме во овој Договор за реадмисија, статистичките показатели покажуваат дека од 1 мај 2004 година, од кога овој Договор е во сила, побарано е враќање на 200 лица според овој член. Со постигнатото решение, лицата од поранешна Југославија, кои биле предмет на реадмисија по однос на овој член, покрај фактот дека биле родени во Република Македонија, неопходно е да докажат дополнителен услов. Односно, тие треба да покажат дека имале пријавено престојувалиште до денот на осамостојувањето на Република Македонија.

Во однос на овој член, потребно е да се укаже дека имавме и координирани разговори со другите земји, вклучени во процесот на преговарање, на кои истите го прифатија нашиот став за неприфатливоста на првичниот предлог на Европската комисија и со тоа успешно придонесовме да се изнајде едно решение по однос на оваа категорија на лица, но и решение поволно за Република Македонија.

Вториот член што јас ќе го издвојам од овој Договор за реадмисија е членот 8, каде што во целост е прифатен нашиот предлог за категоризација на документите врз основ ана кои ќе се врши реадмисија на лицата. Оовј член се разликува од сите други земји, со кои Европската унијаимаше преговори, каде што предлогот на Комисијата беше усвоен од страна на другите земји штопреговараат.

Имено, Европската комисија инсистираше и на документи со истечен рок на важење и тие инсистираа овој услов, исполнувањето на овој услов да биде доволен за враќање на лицата без да се врШат дополнителни проверки на документите.

Нашиот став беше дека без проверки може да се враќаат само лица кои поседуваат важечки документи, со што ќе може да се потврди нивното државјанство. Во таа смисла, утврдувањето на државјанството, врз основа на документи со истечен рок на важност се наметна да биде предмет на проверка пред давање на согласност за враќање на овие лица.

Предлогот на Европската комисија беше релативизиран со тоа што документите, со кои се потврдува државјанството и во пракса значително може да ја наруши целокупната постапка за враќање со реперкусии по засегнатите лица и државата преземач, во крајна линија, што беше особено загрижувачко за Македонија, имајќи го во предвид фактот дека постојат потешкотии што би можеле да настант со потребата од нивно сместување и егзистенција на лицата додека се утврдува државјанството на лицата и евентуалните грешки што би се направиле на овој начин. Така што, со решението што ние го понудивме, беше елиминирана оваа, условно речено не многу позитивна позиција што дургите земји кои преговараа за договор за реадмисија ја прифатија како позиција на Европската унија.

Тука, само уште еднаш се потврди умешноста за преговарање и добро усвоената платформа, односно добро издефиренцираната платформа за преговори, со што нашиот преговарачки тим влезе во процесот на преговори.

Пред да завршам, да го истакнам уште членот 9 и неколку точки од овој член, каде што повторно е прифатена нашата позиција за неприфатливоста на првичниот предлог на Комисијата за документите со кои без понатамошни проверки би се враќале лицата поранешни државјани на Југославија. Повторно овде членот што Република Македонија го има во финалнио текст суштински се разликува од она што другите држави го добиле.

Нашата позиција поодноc на овој член е дека сите документи што ги поседуваат овие лица потребно е да подлежат на проверка и произнесување од наша страна пред лицата да бидат вратени во Република Македонија.

Неприфатливо беше за нас враќањето на лицата да се врши врз основа само на документи издадени од поранешна Југославија или од некоја од тогашните републики без претходно од страна на соодветните служби на Македонија да биде проверен фактот на раѓање, живеалиштето до определена етапа, итн. И сосема на крај роковите за реадмисија кои исто така се предмет на текстот на овој договор суштински се разликуваат од постигнатото решение кое успеаа да го испреговараат другите земји. Република Македонија и тука практично го издеференцира

статусот на земја кандидат и за суштинските разлики кои Македонија ги има во однос на другите земји кои преговараат со Комисијата. Европската комисија се согласи со предлогот на Република Македонија за одговор на доставените барања да постои рок од 14 календарски дена, така што и тука повторно овој статус на земја кандидат за членство се диференцира и се покажува една суштински различна положба на Република Македонија во однос на другите кои преговараа.

Уште еднаш ќе завршам со констатација дека постигнатото решение, е решение од кое можеме да бидеме задоволни. Добиени се мошне позитивни решенија што се разликуваат од сите други решенија кои беа понудени на другите земји кои преговараа за договорите за реадмисија. Уште еднаш потврдена е стратешката определба на Република Македонија за хармонизирање на својата визна миграциона и општа политика во крајна линија кон Европската унија и со парафирањето на овој договор за реадмисија практично не по секоја цена сепак ние добивме реални и позитивни решенија со што е отворен патот за спогодбата која непосредно по парафирањето на договорот за реадмисија, беше парафирана, а тоа е спогодбата за визно олеснување и во крајна линија маркирање на процесот на почеток на визното олеснување за граѓаните на Република Македонија. Значи, како надлежни институции продолжуваме со исполнување на условите и критериумите кои ги наметнува Европската унија, но дефинитивно со парафирањето на договорот за реадмисија Република Македонија е многу поблиску до либерализирање односно веќе го започна процесот на олеснување на визниот режим со Европската унија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Господине Андов, дали сте задоволен од добиениот одговор.

Има збор министерот за надворешни работи, повелете.

**Антонио Милошоски:** Јас би сакал само да се надополнам на исцрпниот одговор даден од колешката Јанкуловска. Успешно склучениот договор за реадмисија ни помогна да го парафираме и договорот за олеснување на визниот режим и она што би го истакнал во тој поглед е дека овој договор ќе вклучува една политичка преамбула која ќе означи дека овој процес на олеснување е еден трет чекор, една преодна фаза кон конечната цел, а тоа е постигнување на целосна визна либерализација помеѓу Македонија и земјите членки на Европската унија. Тоа квалитетно ја разликува Македонија од останатите договори слични, склучени на оваа тема, а во меѓувреме очекуваме до крајот на оваа година да почне имплементацијата на визното олеснување, со што за повеќе категории на граѓани на Република Македонија ќе биде олесната и процедурата за апликација за визи и времетраењето, а за некои категории ќе биде олеснета и цената односно одредена категории на граѓани помеѓу кои студентите ќе имаат право на добивање на бесплатна виза за студентски патувања и размени со нивни универзитети од Европската унија.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине министер.

Господине Андов дали сте задоволен од добиениот одговор, повелете.

**Стојан Андов:** Јас сум задоволен од одговорот што го добив.

Имам едно дополнително прашање, значи ли тоа дека заклучените, до сега, билатерални договори за реадмисија со овој договор престануваат да важат?

**Бесим Догани:** На вашето дополнително прашање ќе одговори министерот за внатрешни работи, повелете.

**Гордана Јанкуловска:** Токму така со стапувањето на сила на овој договор престануваат да важат билатералните договори кои Република Македонија веќе ги имаше склучено, што само по себе значи надминување на одредени решенија кои веќе постоеа во тие договори кои не беа многу позитивни за Република Македонија. Оттука е и значењето на финалниот текст на договорот кој е поповолен во однос на некои од договорите кои претходно беа склучени на билатерално ниво.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Повелете господине Андов.

**Стојан Андов:** Задоволен сум и од одговорот на дополнителното прашање. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Бидејќи, веќе е 14,04 часот ја објавувам редовната пауза до 15,00 часот.

(Пауза до 15,00 часот).

(По паузата седницата продолжи во 15,32 часот).

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во слата и да си ги заземат своите места.

Продолжуваме со поставување на пратенички прашања.

Има збор пратеникот Јован Манасиевски.

**Јован Манасиевски:** Благодарам господине претседателе.

Јас имам две прашања, двете беа наменети за премиерот, меѓутоа бидеќи гледам дека премиерот имал обврски, не е присутен. Едното прашање ќе биде поставено до министерот за финансии бидејќи се покажа во утринскиот дел дека министерот има голем мерак да одговарна на пратенички прашања.

Почитуван господине министре во предизборната програма на вашата партија на која што сте еден од авторите ветивте раст на бруто домашниот производ од 6 до 8% годишно. Во образложението на Буџетот за 2007 година го позициониравте

растот на бруто домашниот производ на минимум 6%. Имаше голема расправа и во комисиите и на пленарната седница при што повеќе пратеници ви укажаа дека таквиот раст не е реално проектиран и побараа од вас аргументација, импути врз основа на што го проектирате тој раст. За жал, такви аргументи не дадовте и остана само да веруваме на вашиот збор. Сега веќе поминаа 4 месеци од фискалната година и што велат некои параметри што веќе ги имаме, дека Државниот завод за статистика излезе со податок за последниот квартал на 2006 година, тоа е квартал комплетно во надлежност на новата Влада каде што растот е скромен 2,6%, а врз основа на повеќе параметри што месечно ги следи Заводот за статистика сите аналитички укажувања говорат за тоа дека во првиот квартал на 2007 година не можете да остварите поголем раст од 3%. Тоа значи дека за да биде вашата проекција од 6% раст остварлива, вие мора во еден од наредните квартали да остварите фантастичен раст од 12% за да го анулирате сегашното потфрлање од 3% за првиот квартал. Се разбира, дека тоа е невозможно. Згора на тоа и ММФ уште еднаш во февруарскиот извештај ги потврди своите ставови дека не предвидува раст поголем од 4,5% што е голема разлика, што е голем јаз во однос на вашите проекции.

Моето прашање до вас е следно, дали како министер за финанасии и понатаму стоите на вашите проекции за раст на бруто домашниот производ од 6%. И ако стоите, ве молам уште еднаш да се обидете да аргументирате кои импути ви се валидни за таквата проекција, затоа што никакви инвестициони активности немавме во изминативе 6 месеци што би можеле да резултираат во реален раст на буто домашниот производ. Тоа е едното прашање.

Второто прашање, бидејќи премиерот не е тука, гледам дека има еден од замениците на премиерот. Моето прашање е следно, дали е точно она што последниве денови се говори дека Владата добила рок не повеќе од 6 недели од преставниците на меѓународната заедница да го финишира дијалогот и да има конкретни резултатит од дијалогот што сега се одвива вон институциите. И ако е тоа точно, дали Владата се чувствува способна да ги исполни тие барања и со тоа да не го доведе во прашање нашето НАТО интегрирање.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господинот министер за финансии.

**Трајко Славески:** Господине Манасиевски, благодарам на прашањето.

Со цел малку да го подигнеме нивото на дискусијата овде јас ќе се повикам на една мисла на најпознатиот економист нобеловец, истражувач на економскиот раст за опседнатоста на луѓето со економскиот раст, затоа што во претпладневната сесија имавме од некои академски образовани луѓе такви настапи кои што не доликуваат на овој Парламент. Па можеби сега просекот ќе испаден сепак задоволителен.

Еден од најпознатите истражувачи на економскиот раст има кажано дека кога еднаш ќе почнете да размислувате за феноменот на растот, вие не мислите повеќе на ништо друго. Значи, оправдано е луѓето да бидат заинтересирани за прашањето за економскиот раст. Денес, Заводот за статистика ги објавува конечните резултати за бруто домашниот производ за 2005 година. Значи, денес на 26 април 2007 година имаме конечни резултати за 2005 година. Така тече постапката, процедурата, има извесно заостанување заради потребата од уточнување на показателите, такви се методологиите. Директно да одговорам на прашањето. Ние стоиме на проекцијата и не само што стоиме туку таа проекција се покажа како оправдана. На што го темелиме ова тврдење? Проекцијата за економскиот раст заради подготовка на Буџетот се прави за да се проценат што попрецизно очекуваните приходи, затоа што приходите во Буџетот најмногу зависат од нивото на економската активност во една земја. Не зависат ниту од зголемени контроли, зголемена свест за плаќање на давачките итн, туку најмногу од обемот на трансакции на кои што се пресметуваат давачки и на кои се упатуваат такви давачки. Значи, бојазноста која што некој од нас овде можеби ја имаа за високо проектираната стапка на раст беше дека ќе потфрлиме со приходите во Буџетот кои се проектирани на реална стапка на раст од 6% плус очекувана стапка на инфлација од 3%, значи номинален пораст во старт на приходите по оваа основа за 9%. Оваа година како што знаете, информирана е јавноста започна дури подобро од очекувањата. За првото тромесечие кај даночните приходи на кои што ги намаливме стапките, воведувајќи го концептот на рамен данок на 12%, имаме надфрлање на проекциите многу амбициозни за цели 12% и кај персоналниот данок од доход и кај данокот од добивка. Ова за нас е индиректен показател дека проекциите се коректно направени. Ќе ви цитирам една реченица од писмото за намери што Владата на Република Македонија и Централна банка го потпишамандман со ММФ и кој што документ е утре на 27 април во Вашинтон на дневен ред пред Бордот на директори на ММФ кој што треба да го усвои вториот преглед на аранжманот стен-бај кој што Република Македонија го има со ММФ. Значи, официјален документ потпишан и од наша страна и од ММФ. Таму уште на првата страница во точка 2 се вели следново: економските перформанси во рамките на стен-бај аранжманот остануваат силни и понатаму се силни. Според прелиминарните податоци за производството реалниот бруто домашен производ има пораснато за околу 3% во 2006 година, но индиректните показатели на економскиот раст сугерираат дека раалниот економски растеж бил повисок. Ова господине Манасиевски ја отвори оваа мала дебата која што

ја слушаме последнава недела по мојата прес-конференција по враќањето од Вашинтон. Значи, јас укажав и ништо друго не коментирав, освен оваа реченица од писмото за намери кое што е потпишано и од страна на ММФ. Значи, Владата на Република Македонија, Заводот за статистика го смета како стручна, независна институција и само настојува во рамките на можностите да помогне за натамошно зголемување на капацитетот на оваа институција. Особено во земји во транзиција, оној систем на национални сметки кои што се однесуваат на бруто домашниот производ е еден од најсложените типиви на статистички операции и показатели. И не случајно секоја земја настојува да го зголеми, да го подигне капацитетот. Оттука уште пред да започне оваа дебата, Владата на Република Македонија имаше индицирано дека би примила техничка помош експертска дури со резидентен претставник од одделот за статистика на ММФ, еден од најсилните стручни оддели и тела на планетава кои што ги следи овие развои на пресметката на националните сметки и чии што показатели се релевантни за цел свет. Оттука, и нашата заложба за натамошно подигање на статистиката на националните сметки на пресметката на бруто домашниот производ, затоа што како што реков ова е посебно значајно за транзициона економија каде што и во кратки временски интервали имате промени во структурата на самото производство и на услугите во земјата. Значи, уште еднаш, првичните резултати индиректни за еконимскиот развој на Република Македонија се повеќе од охрабрувачки.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Манасиевски, дали сте задоволни од одговорот, или доколку не сте, дали сакате да поставите дополнително прашање?

**Јован Манасиевски:** Благодарам господине претседателе.

Од одговорот не сум задоволен затоа што министерот за финансии се обиде да го одбегне одговорот со тоа што реферираше дека прашањето на растот е релевантно само од аспект на буџетските приходи, за потоа во самиот свој одговор да се демантира и тука го делам неговото мислење, затоа што добрите буџетски приходи не се должат на економскиот раст, туку веројатно на првичните ефекти од намалувањето на даноците и на зголемената и ефикасна работа на Управата за јавни приходи. Значи, не се должат на зголемениот економски раст. Оттаму, извртувањето на тезата, бидејќи ќе се остварат предвидените буџетски приходи, тоа значи посредно дека и целите за економски раст од 6% се остварени, се разбира апсолутно е неприфатливо.

Друго што сега спомена министерот за финансии бидејќи тој со оваа своја аргументација ги доведе во прашање и сите претходни податоци. Дали тоа значи дека стапките на раст просечни од 4% што ги остваруваше претходната влада, не се 4%, туку 6%, или 7%. И зошто тогаш претходната влада трпеше критики од опозицијата на тоа прашање. И зошто тогаш во времето на претходната влада не почна невработеноста рапидно да опаѓа. Затоа што знаеме сите дека еден граничник за отпочнување на опаѓање на невработеноста е всушност остварување на минимален раст од 5%. Значи, господине министер, или со ваквата ваша аргументација ќе признаете дека претходната влада имала стапки на раст од 6% просечно, или пак ќе се доведете себеси во непријатна ситуација и овој проектиран раст да не можете да го остварите. И бидејќи моето дополнително прашање е следно, бидејќи стоите цврсто на тоа дека ќе остварите раст од 6%, дали вие ќе превземете лична одговорност, ако тој раст од 6% не биде остварен. При тоа не мислам да ја чекаме 2009 година за да ги дочекаме финалните податоци за 2007 година, туку постојат Државниот завод за статистика дава прелиминарни податоци, тие прелиминарни податоци се 60 до 90 дена после завршетокот на секој квартал. Така што почитуван министре вашиот таргет од 6% ќе знаеме дали е реален, или не уште во почетокот на септември врз основа на анализите на претходните два крартали. Затоа моето прашање е следно, доколку не биде остварен раст од 6%, дали вие лично ќе превземете одговорност и ќе поднесете оставка?

**Љубиша Георгиевски:** Има збор министерот за финансии.

**Трајко Славески:** Добивајќи ја довербата на граѓаните на Република Македонија според програмските определби Владата на Република Македонија и секој министер одговара политички пред граѓаните. И ние ја презедовме одговорноста пред граѓаните.

**Љубиша Георгиевски:** На второто прашање на господинот Манасиевски претпоставувам ќе одговори вицепремиерот господинот Имер Алиу.

**Имер Алиу:** Благодарам претседателе.

Имајќи во предвид дека на ова прашање треба да одговори премиерот, но бидејќи бев повикан како заменик премиер, ќе дадам краток одговор. Значи. премиерот треба да одговори на ова прашање, бидејќи инволвираноста на премиерот во политичкиот дијалог не е само како премиер на Влада, туку и како претседател на најголемата партија во Владата. Како и да е, ние како Влада сме заинтересирани да ги исполниме сите услови за интеграција на земјат во Европската унија и во НАТО, имајќи предвид дека ова сепак е државен интерес. Но, ја повикуваме опозицијата да има предвид дека и нивните одговорности се големи. Значи, треба консензус од позицијата и опозицијата за да ги исполниме сите улови за зачленување на земјата во Европската унија и во НАТО.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Манасиевски, дали сте задоволни од одговорот или имате дополнително прашање?

**Јован Манасиевски:** Не сум задоволен од одговорот. Моето дополнително прашање е всушност идентичното прашање, дали Владата на Република Македонија доби рок од 6 недели да ги санира состојбите од областа на таканаречениот политички дијалог. И дали Владата има капацитет за 6 недели да го реши тоа што како проблем не можеше да го реши во изминатите 8 месеци.

**Имер Алиу:** Вашето прашање е дополнително и мојот одговор ќе биде ист.

Значи, сепак, ќе го чекате премиерот кога ќе се врати и ова прашање ќе му го поставите нему, ако сакате дополнителна информација.

Што се однесува до роковите, ние сите сме свесни дека се приближува датумот за донесување на одлука за прием на Македонија во НАТО. Така што ние работиме напорно да ги исполниме сите услови меѓу кои ќе спомнам уште еднаш е и политичкиот дијалог.

**Љубиша Георгиевски:** Има збор господин Игор Ивановски.

**Игор Ивановски:** Благодарам претседателе.

За 10 минути ќе се обидам да поставам три прашања. Првото прашање ќе го поставам до министерката за внатрешни работи, а се однесува на еден од најинтересните случаи досега отворени во Република Македонија, а тоа е оној случај каде што беше уапсен, беше во притвор доктор Дејан Докич. Сега имаме информација која што е пласирана во јавноста дека нема обвинителен предлог, туку обвинителен акт итн. Јас не би навлегол во самата суштина на тој процес, бидејќи помалку или повеќе е познато. Но, она кое што сакам да го потенцираме информацијата дека обвинението, или обвинителниот предлог ќе се темели на тоа дека соодветното лице примило награда во износ од 48.875 денари за одредени цели. Ако за овој случај за примање на награда едно лице е во притвор одреден број на денови, мислам 15 дена, и за него Министерството за внатрешни работи започнува истрага, го формира процесот, го доставува до Јавното обвинителство и понатаму си тече процесот. Очекувам дека и во истите такви, слични, или идентични случаи Министерството за внатрешни работи ќе биде ревносно согласно и најавите на министерката, дека Министерството за внатрешни работи ќе реагира секогаш кога ќе има несоборливи докази. Во таа ситуација сакам да ве информирам дека пред два месеци СДСМ објави најмалку 4 случаи на примање "награда", да го користам вашиот речник, на лицето доктор Сашко Кедев кој што во овој момент е се уште директор на Клиниката за кардиологија, еден од главните креатори на одличните, со голема доза на иронија, реформи во здравството, а не знам дали се уште, или не бил воопшто личен советник за здравство на премиерот Груевски. На пример, прва награда од овој тип претставува кога на доктор Сашко Кедев ќе му се платат 1.028 евра од Интермедика од Богдановиќ Данило за престојот во луксузниот хотел "Плаза" во Вашинтон. Кога ќе му се платат две фактури исто на лицето Сашко Кедев од истата фирма во износ од 8.023 евра за хотелско сместување, или исто така претставува награда кога на лицето Сашко Кедев одредена фирма ќе му плати повратен авиобилет на релација Скопје-Франкфурт, Вашинтон-Франкфурт, Скопје, кога преку Сфивт ќе му достави на личната сметка, чинам во Стопанска банка беше износ од 2216, 90 американски долари итн. Може да продолжиме и понатаму. Јас не видов четири типови на награди согласно вашата терминологија, можеби на обвинителството кога станува збор за давање на обвинителен акт.

Знам дека по сите овие дејанија Министерството за внатрешни работи не постапува. Да биде иронијата поголема денеска е добиена Информација дека Управата за јавни приходи воскликнува доктор Кедев е чист. Тоа е нивен став, тоа е став на институција, за неа можеме да разговараме или не. Но, она што мене ме интересира, како е возможно за едно лице, за едно дело да се води истрага, тоа лице да биде во притвор и да се подготвува и да се доставува обвинителен акт кој треба да има соодветна правна последица, а за истото такво дело, за лице од истата професија, да не се постапува воопшто. Дали тоа е резултат затоа што првиот случај беше можеби пример за пресметки внатре во ВМРО-ДПМНЕ, за приватни цели. Дали Законот важи за едни, а за одредени лица кои што претставуваат лица кои што ја кројат катастрофалната политика во здравството, истите закони не важат. Моето прашање конкретно до министерката за внатрешни работи е, кога Министерството за внатрешни работи ќе достави, или ќе започне истрага, а како резултат на неа и ќе достави соодветна пријава до Јавното обвинителство за лицето Сашко Кедев, имајќи предвид дека доставивме несоборливи, да го користам терминот на министерката, докажи за кои што веќе е направен еден преседан. Со тоа, дали конечно ќе се прикаже дека борбата во Република Македонија против криминалот и корупцијата не е фарса, не е селективна и не е лично и партиски ориентирана.

Второто прашање е она кое што денеска беше доминантна тема, бидејќи не го гледам премиерот, ќе го упатам до министерот за финансии, кој што жалам, што во континуитет, наместо да дава одговор врз база на економски аргументи, се обидува со лични навреди, веројатно како резултат на арогантноста во овие изминати 8 месеци и да го одбегне одговорот.

Јас знам дека 50 илјади невработени во оваа држава не можете да ги избришете. И тоа е жално што има толкава бројка. Жално е што за 8 месеци ја зголемивте бројката на невработени за 50

илјади. Катастрофално е кога министерот за финансии, премиерот или другите ќе не убедуваат дека 50 илјади не се 50 илјади. Има такви вицови многу. Жално е кога министерот за финансии нема да се обидува да го даде одговорот, а ќе не убедува дека нема пад и нема остварување на проектираната стапка на раст, туку дека има и натфрлање. Замислете, да биде иронијата поголема тоа покажува дека се користи принципот на велела математика, каде што недостатокот на сериозни резултати се прави со замаглување на бројките. Последен пример за тоа е Извештајот на Државниот завод за статистика во делот на индексот на индустриско производство. Да ја потсетам јавноста дека директор на овој Државен завод е госпоѓата Благица Новковска, која што за жал повеќе се ориентира 43 дена да биде отсутна од државата на службени патувања, а да ја потсетам јавноста и вас колеги пратеници дека тоа е истата директорка на Државниот завод за статистика, кога премиер беше Љубчо Георгиевски, а министер за финансии Никола Груевски. Веројатно, тоа е спојката помеѓу нив двајцата во тој дел.

Во последниот извештај се тврди дека има пораст на индустриското производство од 14,9% во однос на февруари лани. Ова е направено како резултат на штимаање на резултатите преку менување на пондерите, преку менување на структурното учество на одредени групи, сектори и дејности за формирањето на индексот на индустриското производство, со однапред обмислена цел. Владата, Министерството за финансии, Заводот за статистика, не знам, треба да тоа вие да ни дадете одговор, знае дека има пад или очекува дека ќе има уште поголем пад на пример на производство на струја во снабдувањето со гас и со вода, или на пример во делот на учеството на енергијата и го намалува дополнително учеството на овие сектори во формирањето на индексот. И обратно, каде има зголемување на пример во вадењето на камен и руди, што е нормално и тоа е резултат на активирање на инвестициите од претходнота Влада, дополнително или нереално, се зголемуваат. На тој начин каде што е лошо се прави да е невидливо влијанието, таму каде што е малку добро се прави екстремно да е видливо влијанието. Тоа говори дека овие бројки не се резултат на реални апсолутни вредности, туку се резултат на една добра наштимена математика на масите или во Заводот за статистика, или во Министерството за финансии, но на крајот добиваме податок кој што има за цел да биде само пијар или маркентишки податок, но не и реален. Да го поткрепам тоа, ќе кажам дека токму од Заводот за статистика, не знам дали ги признавате тие податоци господине министре, се потврдува дека паѓа индексот на учеството на работниците во индустријата за 5%, односно 4,8%. Капацитетите, искористеноста во преработувачката индустрија, која што е доминантна во овој индекс паѓа во сите, во однос на претходните 6 месеци и на крајот, главниот импут на индустриското производство, струјата, нејзиното производство се намалува за речиси 13%. Како тогаш докажувате дека има раст. Но сепак, тоа се бројки кои што вие ги употребувате за да потврдите нешто што не постои. Не постојат видливи резултати.

Последното, трето прашање до министерот за надворешни работи, добро е што е присутен тука. Во последно време не можеме да го видиме ниту на телевизија, ниту надвор. Доцни таму каде што треба да оди. Жал ми е што пропушти да присуствува во одредена ситуација, иако е блиску во Бугарија, кога имаше потреба за тоа, но навистина, не можев да најдам барем логично објаснување, што бара министерот за надворешни работи во критичниот период за Република Македонија за Европската унија и НАТО, на пример, да оди во посета на Сирија.

Дали присуството на министерот за надворешни работи во Сирија ја донесе Република Македонија еден чекор поблиску до НАТО? Бидејќи, веројатно, ја знаете официјалната позиција на Белата куќа кон Сирија. Дали тоа не донесе поблиску до Европа, или и вие како Живко Јанкуловски, одите во Катар и во Сирија, за да продадете јагне и на крајот тоа не се случува.

Моето конкретно прашање е кои се ефектите од посетата на министерот за надворешни работи на Сирија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Првото прашање беше упатено до министерот за внатрешни работи, госпоѓица Гордана Јанкуловска, повелете.

**Гордана Јанкуловска:** Благодарам претседателе.

Практично прашањето на пратеникот Ивановски имаше два сегмента, јас ќе се обидам да дадам одговор и на едниот и на другиот сегмент.

Првиот сегмент се однесуваше на случајот каде што по добиени сознанија дека доктори, вработени во државни медицински установи бараат мито да извршат лекарска интервенција, Министерството за внатрешни работи постапуваше и презеде одредени мерки. Врз основа на одредени оперативни мерки и активности ние добивме податок дека еден доктор од Клиниката за пулмологија и алергологија од Клинички центар во Скопје, побарал од роднина на пациентка да му плати авионска карта за патување во Канада, во една од туристичките агенции во Скопје.

Во врска со ваквите сознанија, согласно законски пропишаната процедура, бидејќи верувам дека дури и пратеникот Ивановски ќе се согласи, рамката во која институциите постапуваат се законите и се што е надвор од таа рамка, не може да биде земено предвид. Значи, во рамките на законската процедура Министерството за внатрешни работи веднаш го извести Обвинителството, односно Одделението за

гонење на сторители на кривични дела од областа на организиран криминал и корупција и од нивна страна ние добивме наредба за примена на посебни истражни мерки, што е во согласност со членот 142-б став 1 и точка 3 од Законот за кривична постапка. Така што постапувајќи по наредбата беа преземени посебни истражни мерки и преземени конкретни активности за обезбедување на докази. Притоа, во оваа постапка на обезбедување на доказите од туристичката агенција во Скопје е добиена профактурата за уплата на 49 илјади денари на име аванс за авионски билет на име на докторот на кого се однесува овој случај.

Исто така, по пријава на роднина на пациент дека од страна на претходно спомнатиот доктор, дополнително му биле побарани парични средства во износ од 300 евра. Врз основа на наредба од Основниот суд Скопје 1, извршен е претрес во неговата канцеларија, при што на неговата работна маса пронајден е бараниот износ на парични средства.

По целосно документирање на случајот до Јавното обвинителство, се разбира, до Одделението за гонење на сторители на кривични дела од областа на организиран криминал и корупција, доставен е доказниот материјал и соодветна пријава, а понатаму врз основа на овие прибавени докази, во рамките на сопствените надлежности, онака како што тоа го предвидува Законот, Јавното обвинителство прави проценка и оформува обвинителен акт, а понатаму во судска постапка доказите се ценат.

Значи, Министерството за внатрешни работи постапувајќи по наредба на судот, применувајќи посебни истражни мерки, согласно Законот за кривична постапка, ги обезбеди претходно спомнатите докази. Во рамките на законските рокови, доказниот материјал е предаден до Обвинителот.

Затоа, најљубезно ќе ве упатам, сите прашања кои ги имате до Обвинителот околу квалификацијата на делото, проценката на доказите, нивната презентација и образложение, да ги упатите на соодветната адреса. Нашата задача се додека не добиеме ново барање во соодветна законска процедура останува на позициите кои ги имаме во моментот.

Значи, така тоа го предвидува законот, така работи Министерството за внатрешни работи.

Спомнавте какви решенија и одлуки носела Управата за јавни приходи. За поздравување се сите нивни активности, но сепак, јас нема да си дозволам да ги коментирам работите, ниту што се во надлежност Управата за јавни приходи, ниту да ги коментирам реформите во здравството и здравствената политика на Република Македонија, иако како член на Владата на Република Македонија целосно ги поддржувам овие реформи, бидејќи крајно време беше и во овој Сектор конечно да се воспостави ред.

Навистина, не ми е јасно зошто секогаш се вознемирувате кога ќе се спомне криминал, кога ќе се спомне корупција. Наместо да ја погледнете процедурата, но ние сме тука таму каде што треба да објаснуваме, ќе објаснуваме и ќе даваме одговори. Вие не најдовте случај во Бачило, вие не најдовте случај во Фиком и во ред други работи, ние таму случаите ги најдовме, Министерството за внатрешни работи постапи, го почитуваше законот, имаме пресуди. Значи, ќе продолжиме така да работиме и ќе продолжиме неселективно.

Спомнавте некои докази и покажавте некои хартии, кои за жал, јас од оваа далечина не можам да ги видам, но ќе ве упатам на Законот, ќе ве упатам на процедурата, почитувајте ја, доставете ги и ќе добиете одговор, како што секогаш го добивате кога ќе го побарате.

Министерството за внатрешни работи и понатаму ќе го почитува Законот, ќе ги разгледува случаите, секаде каде што вие ценевте дека нема случаи, нема криминал, ние почитувајќи го законот, ќе ја презентираме вистината.

Се откри Бачило, се откри Фиком, има уште многу случаи, допрва следуваат. Јавноста на соодветен начин ќе биде запознаена за нашата работа, затоа што тоа се нашите принципи на работа. Работиме доследно, неселективно и транспарентно. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам.

Повелете господине Ивановски претпоставувам со вашето дополнително прашање. Повелете.

**Игор Ивановски:** Јас добив се, само не одговор. Реков дека не навлегувам во делото поврзано со лицето ДД и разговараше министерката само за тој случај. Но нејсе. Ако работите неселективно и транспарентно госпоѓице министерке, сакам да знам зошто Министерството за внатрешни работи не постапи и не мрдна еден милиметар во делот на несоборливите докази, поврзани со лицето Сашко Кедев. Зошто Министерството за внатрешни работи по службена должност не ги побара, иако тие се дадени на располагање на целата јавност. Доказите во кои што се гледа дека добил спонзорство, за кое што не го пријавил, иако бил пратеник и имал обврска согласно законот. Добил со формулација на Обвинителстовто награди, кои што се 15 пати поголеми од износот кој што толку го спомнувате 48 илјади. Добро е да се води борбата против криминалот. Тука нема разлика. Не сум апсолутно вознемирен. Но апсолутно ќе реагирам кога гледам дека фраглантен случај, каде што има несоборливи докази во целата македонска јавност е под заштита на политичката врхушка на ВМРО-ДПМНЕ и на Владата, зошто, бидејќи никој од надлежните по службена должност со Уставот и законите не се ни обидува да ги погледне тие докази. Ако за еден случај еден доказ е несоборлив, тогаш истиот таков доказ за истиот таков случај треба да биде несоборлив. Почнете

ја истрагата, доставете ја до Обвинителството, па тогаш ќе ме уверите дека не сте селективни. Вака покажувате дека законот важи за еден, а не важи за друг.  Зошто, бидејќи тој истиот треба да спроведе некои работи за некого. Лични ли се, партиски ли се, не можам да тврдам.

Моето дополнително прашање господине претседателе ќе биде идентичното прашање што го поставив на почетокот: дали и кога Министерството за внатрешни работи ќе оформи, ќе започне процес, со вашата формулација како се вика, во делот на несоборливите докази поврзани со лицето Сашко Кедев. Ако ги немате тие докази иако пред два месеца се отворија во јавноста од наша страна, ќе бидат соодветно доставени до Министерството за внатрешни работи за да можете по нив, како велите вие, согласно Уставот и законите и да постапите. Јас очекувам дека вие согласно Уставот и законите ќе постапите. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете госпоѓице министер со вашиот одговор.

**Гордана Јанкуловска:** Благодарам претседателе,

Господине Ивановски никој не е над законот и никој не е заштитен од законот, независно дали се работи за високи членови и функционери на вашата партија, или за останатите граѓани. Министерството за внатрешни работи води истрага, ги почитува законите и ќе продолжи да го прави тоа. Секогаш кога имаме сознание, индикации постапуваме и оформуваме предмет и на соодветен начин ги информираме Обвинителството или другите надлежни институции.

Ме радува фактот што конечно сфативте дека тогаш кога сакате да постигнете нешто, а сакате можеби и да дадете придонес за прв пат искрено ако го кажувате тоа, ќе треба да ги почитувате законите, односно ако имате како што вие велите несоборливи докази, ќе треба да ги презентирате.

Јас јавно ви упатувам покана да дојдете во Министерството за внатрешни работи да дадете исказ и да ја потпишете сопствената изјава, со која давате обвинување против одредена личност која вие ја спомнавте. Во било кое време може да дадете изјава во Министерството за внатрешни работи да ги презентирате доказите, а потоа ние ургентно ќе постапиме.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Второто прашање беше поставено до господинот министер за финансии. Повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

На ова прашање на господинот Ивановски може да се одговори единствено со одбрана на институцијата Државен завод за статистика.

Министерот за финансии го застапува Државниот завод за статистика пред Владата и пред другите институции вклучително и Собранието и јас тоа ќе морам овде да го направам.

Значи, она што господинот Ивановски го презентираше тука беше недоверба во веродостојноста на методологијата на Државниот завод за статистика на начин кој што најголем број од гледачите нема да го разберат, заради формулациите што ги користеше, но само да спомнам дека секоја институција која што ги следи економските перформанси на една економија агрегатно или по гранки, од време на време врши приспособување на така наречените пондери. Тоа е нормална процедура. Не може селективно да одбираме кои потези или кои постапки на институциите ќе ги поздравуваме, а на кои ќе исфрламе жестока критика.

Имено, ваквата постапка во прашањето беше коегзистентна на традицијата на луѓето од СДСМ да менуваат директори или први луѓе на Државниот завод за статистика на секои 2-3 месеци.

Значи, резултатите од индустриското производство за февруари кои покажуваат дека пораснале во однос на истиот месец минатата година за 14,9% се такви какви ги презентира Заводот за статистика и да ги прифаќаме.

Не влечеме некои којзнае какви заклучоци за тоа дали овој податок влијае или не влијае на благосостојбата на македонските граѓани, затоа што може да е тоа резултат на некои сезонски варијации и тн., ние чекаме на оние податоци кои што знаеме дека навистина ни обезбедуваат солидна основа за носење на дијагностички заклучоци, како прво

и второ, за водење на мерки на економската политика.

Имено, во овој период од аспект на она што беше поставено прашањето дајте да оставиме на граѓаните да оценат дали тие се чувствуваат подобро во овој период отколку во периодот на пример од пред 10 месеци, или се чувствуваат полошо. Тие се врвниот арбитер. На тоа се сведува економијата. Економијата е за луѓето. Ваква манипулација како што денес ја видовме со цифрите претпоставувам дека не многу  луѓе ја ценат.

Значи Државниот завод за статистика се охрабрува од Владата на Република Македонија да си ја врши својата работа. Владата на Република Македонија со сите можности ќе му помогне за зголемување на капацитетот се со цел и оваа институција да придонесе за обезбедување на реалните состојби во македонската економија и општество и да пружи основа на носителите на политиките да имаат реална подлога во резултатите односно показателите што тие ќе ги презентираат. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине Ивановски повелете со вашето дополнително прашање.

**Игор Ивановски:**  Благодарам.

Сега воопшто не се чудам зошто така беше пренесено информацијата на вашиот однос кон текстилните работници во Штип кога на истиот начин се однесувате кон многу сериозна работа, не ме чуди колку безобразно сте се однесувале кон нив. Значи не била лоша интерпретација во медиумите.

Она што господине министре денеска се обидувате да ни кажете дека сте магионичар и сакате да ги корегирате бројките кои што се факти, јас апсолутно, тоа го реков и вчера на прес конференцијата на СДСМ дека сите овие бројки што ги говориме, а се однесуваат на индустриското производство не значат многу за животот на граѓаните, ама знам дека лажните бројки кои што вие ги штимате и манипулирате дефинитивно нема ништо да поправат.

А за да знаете како се чувствуваат граѓаните на Република Македонија ќе треба да ги анкетирате, како велите вие по методот на анкетика оние нови 50 илјади невработени кои што ги направивте за само шест месеци. Тие ќе ви го дадат најдобро одговорот.

Оттаму господине министре мене ми е јасно која е улогата на директорката на Државниот завод за статистика, таа ќе треба да го одработи тоа кое што Владата ќе го обара односно можеби вие или премиерот, не знам, бидејќи директорот на Државниот завод за статистика го именувате вие.

Моето прашање до вас е дали Владата на Република Македонија ќе престане да манипулира со официјалните бројки на клучните економски показатели. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Повелете господине министре.

Има збор министерот за финансии Трајко Славески.

**Трајко Славески:** Благодарам претседателе.

Значи, за едно кратко прашање имаше подолг вовед повторно со навреди и квалификации на министри. Да споменам дека "волкот влакното го менува, ќутта не ја менува", оној кој што бил арогантен и безобразен во една средина останал арогантен и безобразен, а можеби и уште повеќе и во друга средина.

Владата никогаш не манипулирала, ниту ќе манипулира со статистичките показатели.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Третото прашање на господинот Игор Ивановски беше поставено до министерот за надворешни работи, господинот Антонио Милошоски.

**Антонио Милошоски:** Благодарам претседателе, благодарам колега Ивановски за поставеното прашање.

Оваа Влада има приоритет, тоа е развојот на економијата. Министерството за надворешни работи активно се вклучува во промоцијата на економските можности на Македонија и таму каде што нашите стопанственици можат да пласираат дел од своите производи и услуги. Посетата на Дамаск беше во таа насока. Кон крајот на првата половина на мај о.г. наша стопанска делегација ќе има повторно посета и средба со стопанственици од Сирија каде што претходно и ЕМО и Фабриката за автобуси и други производители имале веќе одреден пласман и пазар, така што веќе оваа посета ја направивме токму заради тоа, бидејќи имаме еден активен почесен конзул кој прилично добро умее да ги организира тие контакти и се надеваме дека ова ќе придонесе.

Во секој случај не би се согласил со вашето потценување на Блискиот Исток, особено со вашето потценување, вашиот однос кон Катар и Доха. Очекуваме оваа мала земја, но многу богата во скоро време да отвори свое дипломатско конзуларно претставништво во Скопје, што навистина ќе ни причинува чест.

Потенцијалите за економска соработка со нив постојат и мислам дека ќе бидат солидни.

Во исто време не би бил толку тесноглед како вас. Ние знаеме кои се нашите стратешки партнери, знаеме кои се нашите национални приоритети, но надворешната политика има поширoки димензии.

Во јули о.г., или август очекуваме да добиеме термин за посега на Пекинг, на Кина и дали тоа значи според вашата логика ако ние сме определени за Европската Унија и за НАТО дека треба да ги прекинеме контактите со државите кои немаат односи или не се членки на овие организации.

Во исто време ве упатувам, знам дека сте зафатен како пратеник, но најдете малку слободно време и анализирајте ги најновите настани и развојот на ситуацијата во САД и нивните односи кон Блискиот Исток и ќе видите дека тие не се толку тесногледи како што е вашиот пристап кон оваа работа. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине Ивановски претпоствувам дека имате дополнително прашање, повелете.

**Игор Ивановски:** Јас ја ценам определбата на Владата за развој на економијата. Добро е што министерот за надворешни работи наместо да ги врши своите работи во областа на надворешната политика повеќе има фокус кон економијата. Можеби треба да се заменат со госпоѓата Вера Рафајловска, таа да дојде министер за надворешни работи, а министерот Милошоски за економија, па така ќе го покријат целокупниот сегмент во делот на економијата.

Не зборувам господине Милошоски за Катар, зборувам за Сирија и треба да знаете господине Милошоски една разлика, веројатно во вашето слободно време забележите дека посетата на претставникот на Демократската партија на САД на Сирија не е идентична со посета на официјален министер на Владата на Република Македонија на Сирија. Веројатно ја правите разликата кој е сеуште власт во САД, а кој е опозиција. Ја знаете разликата помеѓу

Демократите и Републиканците во овој момент, што ќе биде на изборите тоа не е наша работа. Знаете што е официјалната политика на Белата куќа кон Сирија.

Споредбата со Пекинг апсолутно не ви држи, не можам да ви ја разберам аналогијата, но знам една работа. Читав неколку пати дека двајца министри, господинот Живко Јанкуловски и господинот Ташковиќ беа во Катар и таму има еден договор дека Република Македонија ќе продава јагнешко месо. Заврши извозот на јагнешкото место во определен временски период не чув дека едно јагне било продадено во Катар, што е логично бидејќи Македонија го продава и вишокот на своите производи на јагнешко месо во регионот.

Втората работа е, на пример кога зборуваме за тоа чудо дека ќе дојдат да отвораат петрохемиски складишта и тн., што е добро доколку се случи, но во исто време не можам да ја сфатам логиката да се канат инвеститори од Катар за инвестиции во оваа област кога вие од постоечкие, како што се ЛУК ОИЛ да се бркаат дефакто, или пак д се има онаков однос како држава, зборувам за последните случувања на Блаце.

Тоа говори дека е флоскулар господине министре тоа  што велите дека го правите. Јас мислам дека главниот мотив ви беше, можеби ви е егзотична земја Сирија, па велите ајде да ја посетиме, затоа повторно ќе го повторам прашањето.

Не мислам дека посетата на Сирија во овој момент е приоритет на министер за надворешни работи кога се има во предвид дека Македонија ќе се оценува за тоа што прави во делот на ЕУ и НАТО во следните шест месеци. Но, нејсе имаме разлика во делот на геостратегијата и на приоритетите со вас, тоа е за вас полошо не за мене, моето дополнително прашање ќе биде.

Кои конкретни економски ефекти се очекуваат од остварената посета на министерот за надворешни работи Милошоски во Сирија.

Ако може да добијам одговор во писмена форма, ако не министерот е доволно инвентивен, па ќе ми одговори усмено.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Повелете господине министер.

**Антонио Милошоски:** Може да одговорам и веднаш, директно, да го повторам одговорот на прашањето, бидејќи прашањето е исто.

Кон крајот на првата половина на мај стопанска делегација од Република Македонија ќе има посета на Јордан, потоа ќе има посета на Сирија каде што ќе има средби со нивни колеги и тоа е економскиот бенефит кој ќе резултира се надеваме со една потесна нивна сорботка и со можност за поголем настап на македонски субјекти на нивниот пазар. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор господин Насер Ајдини.

Повелете со вашите прашања.

**Насер Ајдини:** Благодарам господине претседателе.

Почитувани присутни,

Од средбите кои ги имав со граѓаните формулирав три прашања кои ќе ги поставам. Прашања за мнистерот за внатрешни работи.

Како што сме информирани многу граѓани Албанци кои живеат со години во Република Македонија, мнозинството од нив родени, образувани и со завршена воена служба во Република Македонија и ден денес не поседуваат државјанство. Го молам министерот за внатрешни работи да ми одговори како го предвидува решението на ова прашање, кое е од големо значење. Кога го имаме предвид фактот дека овие граѓани не можат да ги уживаат основните човекови права гарантирани со Уставот на Република Македонија, како што се вработувањето, социјалната заштита, здравствената заштита и други права.

Второто прашање е за министерот за транспорт и врски.

Општина Липково со над 5000 домаќинства има големи проблеми со снабдувањето со вода за пиење, иако во општината постојат две брани и со канализација која воопшто не постои. Ова е причината водата од изворите од кои жителите се снабдуваат да е загадена од отпадните води и постои опасност за проширување на разни заразни болести. Излез од оваа состојба е подготвување проекти на општинско ниво и реализирањето на овие проекти со помош на ова Министерство и разни странски партнери.

Го прашувам министерот на оваа Министерство кога и колку средства има можност да ни додели за да го решиме овој проблем.

Третото прашање е до министерот за надворешни работи.

Во средбите со граѓаните на општина Липково и Куманово тие изразија интерес во врска со отварање на граничен премин на границата со Србија Лојане- Миратовци и побараа дополнителна информација околу остварувањето на овој проект. Иако отварањето на овој граничен премин е најавен од Владата на Република Македонија пред извесно време ова сеуште не е реализирано. Прашањето е следното.

Кога ќе се отвори овој граничен премин. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Првото прашање на господинот Ајдини беше упатено до министерот за внатрешни работи, госпоѓицата Јанкуловска. Повелете.

**Гордана Јанкуловска:** Благодарам претседателе.

Постапката за регулирање на статусот за државјанство е утврдена во Законот за државјанство, така што сите граѓани кои имаат правна врска со Република Македонија својот

државјански статус треба да го регулираат во рамките на одредбите од овој закон.

Доколку пратеникот цени дека е потребно ние би можеле писмено да го информираме и да посочиме точно кои одредби од законот треба да се користат како правен основ за да во неговите контакти со граѓаните кои му се обратиле имаат прецизна дефиниција на кои одредби да се повикаат, затоа што претпоставувам дека се работи а различни правни ситуации.

Значи одговорот е државјанскиот статус се регулира врз основ на позитивните прописи, односно Законот за државјанство.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине Ајдини дали сте задоволен со одговорот, или имате дополнително прашање.

**Насер Ајдини:** Би сакал во писмена форма почитуваниот министер да ми даде факти и одговори.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Значи следува писмен одговор.

Второто прашање беше поставено до министерот за транспорт и врски, кој е отсутен, но тука е господинот Паљоши, неговиот заменик. Повелете.

**Скендер Паљоши:** Благодарам претседателе.

Прашањето беше околу можноста за финансирање на проекти за водоснабдување и канализација на општина Липково. Јас сум запознат со проблемите кои ги има оваа општина, која има голем број на население, меѓутоа општина Липково е само една од општините во Република Македонија која има проблеми во сегментот со снабдување со вода за пиење и канализација. Значи, претежно сите рурални општини се соочуваат со ваквов вид на проблеми.

Министерството за транспорт и врски има годишна програма, има годишен буџет за финансирање на проекти од областа на водоснабдителни системи и канализациони системи, останува на општина Липково да ја комплетира техничката документација во врска со водоснабдувањето и канализацијата, значи да има комплетна техничка документација, да се види финансиската конструкција колку изнесува, бидејќи средствата предвидени од Министерството за транспорт и врски се ограничени и тие се делат на сите општини во Република Македонија.

Доколку се потребни повисоки средства ние сме отворени да разговараме со претставници на општина Липково, да ја видиме техничката документација, да видиме за кој обем на средства се работи и истата би можела да се планира во текот на оваа година со можност за финансирање од страна на меѓународни институции кои го финансираат овој дел на проекти или да се предвиди во Буџетот, оваа година Буџетот е распределен, меѓутоа во Буџетот за идната година за изградба на ваков вид на објекти. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине Ајдини имате ли дополнително прашање?

**Насер Ајдини:** Благодарам за одговорот.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Третото прашање беше упатено до министерот за надворешни работи, господин Антонио Милошоски.

**Антонио Милошоски:** Еден од приоритетите на оваа Влада е отворањето на поголем број гранични премини особено гранични премини кои ќе имаат дневен карактер и ќе ја олеснуваат комуникацијата на граѓаните во пограничните региони. Таков е граничниот премин кој очекуваме што поскоро да биде отворен Лојане-Миратовац, но за поконкретни термини и датуми ако пратеникот би ми дозволил јас би замолил да дадеме писмен одговор.

Инаку сакам да истакнам дека во отварањето на гранични премини освен Минситерството за надворешни работи активни чинители се и Јавното претпријатие за станбен и деловен простор, Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана, така што ние ги координираме овие активности и правиме напор тоа да се случи што поскоро.

Ако ми дозволи пратеникот јас би замолил за еден детален писмен одговор на неговото прашање.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Господине Ајдини.

**Насер Ајдини:** Благодарам. Се согласувам да добијам писмен одговор.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има господин Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Почитуван претседателе, најпрво жал ми е што ќе го расипам рандевуто на премиерот и на господинот Тачи, ако може да го повикате премиерот, затоа што прашањето е за него.

(Премиерот влегува во салата).

Почитуван претседателе на Владата во духот на вашите заложби да демонстрирате почитување на законите и да се почитува хиерархијата и субкоординацијата во функционирањето на Владата би посакал да ви посочам еден пример каде што ваш близок министер, кој во периодот од 2000 до 2002 година ви беше шеф на кабинетот додека бевте министер за финансии, а од 2004 до изборите беше втор човек во ВМРО-ДПМНЕ, веројатно користејќи ја позицијата на која се наоѓа, министер за внатрешни работи неколку пати ја злоупотребува флускулата дека работи согласно Уставот и законите притоа кршејќи ги човековите права. За жал ќе ви посочам еден пример каде што се повредени човековите права на еден ваш исто така близок пријател.

Јас не знам кој во овој момент ви е поблизок, госпоѓицата министерка или господинот доктор,

кој ви беше несомнено, мала е Македонија, многу близок и мислам дека страда еден ваш пријател, а гледам дека вие немо набљудувате, а не го кроистите начелото кое го почитуваме сите, а тоа е да владее правото.

Значи на претходното прашање, незнаејќи, мојот почитуван потпретседател на кого можам да му простам, кој е економист, користеше за еден друг доктор со иницијали С.К., дека има несоборливи докази. Него можам и да му простам затоа што е пратеник, не студирал правен факултет и може да прави такви грешки. Но, министер за внатрешни работи кој е дипломиран правник, не може да каже дека има несоборливи докази. Зачи, конфронтацијата со дел од мои колеги од павниот факултет покажа дека, на шега некои велеа, не можеме да и ја земеме сега дипломата дипломиран правник и тоа ќе бие проблем на правниот факултет. Но, вие господине премиер, можете да и ја земете функцијата министер за внатрешни работи.

Сега,јас ќе ви посочам ако сакате да го почитувате правото, зошто тоа треба да го направите. Ќе го консултирате, мислам дека поголемо влијание има вашиот советник Трајко Вељаноски отколку министерот за правда кој што, јас да кажам, поинаку го толкува. Но, велат “ако коза лаже рог не лаже”. Ќе читам нешто што вие не мора да знаете. Може да го користите мојот почитуван колега кој мислам дека добро го познава правото. Го познава добро правото и господинот Владо Поповски.Некој ќе треба да арбитрира, бидејќи вие сте ставени сега во позиција, како човек со најголема доверба, да покаже, не кај господинот пријател, туку кај госпоѓицата пријателка дека сече, како што велат нашите северни соседи “ни по баби ни по стричеви”, затоа што генерално сега повторно, вечерва, попладнево ни зборува министерката за внатрешни работи дека имала несоборливи докази.

Почитуван премиер, нема несоборливи докази. Дали доказите се соборливи или несоборливи тоа го утврдува судот. Значи тоа е гаф број 1 што го прави министерот за внатрешни работи. Гаф бр. 2 кој не сака да го признае е што Обвинителството се повлече. Обвинителството во случајот, за примање на поткуп против еминентниот доктор со иницијали Д.Д. не го товари со несоборливот доказ за кој говореше министерот за внатрешни работи, туку за нешто друго, за посредување. Зошто? Затоа што е грубо повреден Законот за кривична постапка. Тоа ви го кажувам како опомена затоа што очекував дека можеби ова ќе го земете само како еден напор на Бучковски нешто да демонстрира пред македонската јавност но можеби ќе ве замисли, затоа што дефинитивно неподелено е мислењето во еснафот, тоа значи во Обвинителството, во судството, на Правниот факултет, во стручните кругови дека министерот за внатрешни работи веројатно од незнаење има направено груб превид. Како прво има побарано посебно истражни мерки кои се многу чувствителни. Затоа, законодавецот кога го има носено законот има посочено дека може да се користат посебни истражни мерки. Тоа е она што гледам сега дел од нив кои добиваат задача да го направат, сите се гледаат во улогата на Џемс Бонд па ставаат на реверите некои незнам какви микро камери, другите одат озвучени, третите не знам што прават и влезени се во филмот. Вие генерално сте режисер на овој филм, господине премиер и треба да им кажете доста. Забегаа работите. Грубо прекршена е процедурата во конкретниот случај. Затоа сега Обвинителството не знае како да побегне од случајот.

Претходно не ја слушавте вие министерката, бевте на рандеву со господинот Тачи, почна да говори и вели ние сме доставиле барање, Обвинителството да даде налогот за посебни истражни мерки, сме ја завршиле работата. Не сме ја завршиле. Тука се отвара една друга приказна што веројатно ќе ни помогне министерот за правда. Кој од име на премиерот се има јавувано, кој од име на премиерот, тоа вас ви го кажувам добронамерно, кој го злоупотребил вашето име да донесе одлука Обвинителството. Едно е што направил превид министерот за внатрешни работи, им поверувал на своите советници што рекле, а, а, овде ќе се справиме со белите мантили, имаме овде случај, ајде де примениме посебни истражни мерки, а не смееме, бидејќи овде пишува,во Законот за кривична постапка, може да се користат посебни истражни мерки, значи да им дадеме улога на дел од луѓето да се чувствуваат дека може да бидат дублери на Џемс Бонд, само ако станува збор за кривични дела, за кои е пропишана казна затвор од најмалку четири години. За примање поткуп казната е од една до 10 години. Значи тоа го знаете, го учиме на трета година, значи незавршен правник тоа го знае. Или втората варијанта, ако е пропишана казна затвор до пет години, ако постои основано сомневање дека ќе се прави делото од страна на организирана група, јас не видов дека докторот Д.Д. има организирана група, второто е банда, не дајбоже да има банда, или третото, да има друго злосторничко здружение. Нема ни такво. Не мислам дека докторот е злосторник.

Значи, гористејќи го овој член од законот, е спротивно на законот, спротивно на владеењето на правото, направена е груба повреда на постапката и тука е сега интересно. Злоупотребено е вашето име, Обвинителството тврди дека под притисок е издадена наредбата. Откако се истрча министерката за внатрешни работи дека има несоборлив доказ, во еснафските кругови почна да се шушка дека овде нешто не е како што треба. Се обидоа некои да ја заташкаат работата, да рече бил внук, внука или братучед на министерот Селмани, па тој без ваше знаење, или на премиерот број 2, ќе се пресметувал со вас, да го зголемиле рејтингот

ДПА и НСДП, да покажеле дека тие не се во коалицијата, второ или трето разредни партнери. И целата оваа приказна добива огромни размери. Значи, оваа работа нема тука да застане.

Обвинителството во меѓу време се повлекува и влегува во една неверојатна замка сега Министерство за внатрешни работи. Не знам дали беше несоборлив доказ број еден тоа што некој го снимил со микрокамерата. Ова мое знакче (покажува на знакот на реверот од палтото) не е микро камера, не снимам сега и немам таква можност да видам што ви дошепнуваше министерката за внатрешни работи, обично знакче, се борам и јас против некои работи како што се бори човештвото. Значи, немам можност да имам скриено нешто во џебот, да снимам, аудио, што вие разговаравте. Но, претпоставувам дека министерката мислела некој ваков видео или аудио запис, затоа што во меѓувреме дефинитивно се откажа од обележаните 300 евра, затоа што, почитуван господин премиер, внимателно, дали Вељановски или Поповски, треба да го исчитаат ова и вие логицирате. Значи, штом сте дипломиран економист, сега магистар, имате осет и за правото. Правото е суптилна материја, нема импровизации.

Пред ова мое прашање, не сум координиран за многу работи со пратеничката група на СДСМ, не знаев дека потпретседателот ќе постави такво прашање многу од поинаков контекст за несоборливи докази. Во конкретниот случај се поксажа дека не може министер во Владата да тврди дека има несоборливи докази.

Моето директно прашање е, дали откако ќе го испитате случајот ќе излезете во јавноста со слично соопштение, како што беше соопштението претходно, кога го разрешивте министерот за култура. Јас ви тврдам дека овде имаме многу по друга повреда и на принципот на владеење на правото и што е најбитно, груба повреда на човековите права.

Благодарам претседателе, сметам дека добронамерно ќе ме сфатите.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Бучковски.

На вашето прашање ќе одговори претседателот на Владата господинот Никола Груевски, повелете.

**Никола Груевски:** Благодарам за прашањето.

Вака кога го слушам господинот Бучковски, гледам се повеќе и повеќе колкава разлика има помеѓу нас како две политички опции, па и како два премиера, Тој во минатото, јас сега.

Кога зборуваме за спроведување на законот, за борба против корупцијата и криминалот, една третина од неговото излагање беше кој ми е подобар пријател, дали пријателката, дали пријателот, дали министерката, дали овој, дали оној, на кој пријател ќе му верувам повеќе, на кој нема да му верувам итн., па баби и стричеви, како што кажа господинот Бучковски по српски изреки, по македонски исреки, поблиски пријатели, подалечни, пријатели, да поделиме меѓу пријателите, со кои пријатели ќе застанеме. Навистина една многу чудна матрица. Се работи за матрица.

Господине Бучковски, ние не работиме со пријателства и не сме поставени на оваа функција да гледаме кој ни е поблизок пријател. Ние сме поставени како Влада да го спроведуваме законот. Министерката е на таа позиција да го спроведува законот и таа има добиено право за тоа, како министер и одговорност. Бидете убедени дека таа се труди максимално таа одговорност во никој случај да не биде злоупотребена. Во крајна инстанца судот ќе си каже дали било вака или така. Право на министерката е да верува дека има несоборливи докази. Тоа е сечие право, особено на некој ако е министер, да верува дека има несоборливи докази. Но, право е на судот, исто така на крајот да каже што е неговото мислење и да ја донесе пресудата. Така што тие приказни со пријатели, со пријателки, кој е поблизок, како е поблизок, ние не се оптеретуваме со тоа. Ние гледаме праведно и чесно да го спроведеме законот и тука нема пардон ниту за пријатели ниту за поблиски, ниту за подалечни, ниту кој со кого е близок. Можеби тоа било дел од работењето и стилот на вашата Влада, па со поблиските пријатели сте имале еден однос и спроведување на законот, со подалечните пријатели сте имале друг однос, со пријателите вака, со тие што не ви се толку пријатели на друг начин. Тука ние не работиме на тој начин. Морам да ви кажам дека нашиот однос е подеднаков за сите, подеднаков кон сите кои треба да го почитуваат законот. И тоа е обврска на Министерството да се труди да најде луѓе кои не го спроведуваат законот и да ги изнесе пред лицата на правдата и тоа го направи Министерство за внатрешни работи. Судот ќе си каж понатаму дали нешто Министерство за внатрешни работи погрешила, дали министерката некој треба да и ја земе дипломата, или можеби пак некој на вас да ви ја земе дипломата. Тоа ќе си го каже судот. Ние да не се оптеретуваме на кој и каква диплома ќе му земаат. Вие тука сте пратеник, не сте судија за дипломи да кажувате, дали на министерката треба да и ја земат дипломата или не треба да и ја земат. Ќе треба да ги оставиме овие работи кога станува збор за корупцијата и криминалот, да си одат во процедура, во оваа држава си има институции, си има судови и тие ќе си кажат кој згрешил, кој не згрешил и се знаат консеквенциите и за едната и за другата страна, кога таа ќе погреши. Така што од тој аспект мислам дека не треба да ги гледате работите во тој поглед. Треба да оставите и да почекате судовите да си го кажат тоа. Еве, судовите се изјаснија за Бачило и таму најдоа дека има потреба 44 години затвор да се пресуди за тие кои беа обвинети, вкупно на сите заедно, на кој 13, на кој 4, 3, 2, 1 итн., некои условно. Се реши за

Фиком, се реши за тој од кинески ѕид, си доби една година затвор, се решив за други, за тој судијата од Кочани ли беше или од каде, судот го осуди една година затвор. И тој викаше дека не згрешил ништо, не направил ништо, па еве судот, во таа инстанца во која го судеше најде дека направил и дека е виновен и му даде една година затвор. Така што треба малку да бидете трпеливи, да видиме како ќе си функционираат институциите и тие да си ги донесат решенијата.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Груевски.

Дали господинот Бучковски е задоволен од добиениот одговор.

**Владо Бучковски:** Не сум задоволен, затоа што не беше поентата, господине премиер да говорам за пријателите или за пријателките, туку да говориме за почитувањето на основниот принцип, владеење на правото. Имате конкретен доказ. Сакам да сочекате ќе сочекате. Но, со ова што денес го изјавивте, дефинитивно имате една причина повеќе, со јавно дадениот збор да се обврзите дека кога и финално, тоа што за многу мина беше изненадување, што го тврдеше дипломиран правник, министер на правни науки на Универзитетот Кендек, има несоборлив доказ, кога веќе падна додека трае постапката. Вие, гледам ги читате и весниците, имате време и за тоа. Ги знаете сите пресуди. И овде знаете дека не е прифатен несоборливиот доказ на министерот Јанкуловска.

Значи, дотичниот господин не се товари за примање поткуп затоа што има едно правило, на против законит начин прибавениот доказ не е доказ и говориме за злоупотребата. Затоа веќе штом ме влечете за јазик, не бев денес подготвен, но ќе побарам од вас, бидејќи верувам дека ова малку и вас ќе ве отрезни.

Можете ли да ни дадете официјална информација, веројатно за тоа ќе сакаат и пратениците од вашата пратеничка група, да ја затвориме седницата. Да ни дадете официјална информација нас во Парламентот, затоа што и денес ме прашуваат мене и претседателот на Парламентот нашите гости од НАТО, имаме ли ние демократска контрола на полицијата и на разузнавачките слоеви, бидејќи овде ја фативме на дело, условно речено, полицијата како, злоупотребувајќи го вашето име издејствувала наредба од Обвинителството, да примени мерки на Џемс Бонд, заштитни мерки, посебни мерки. Можете ли да ни дадете официјален податок дали е точно дека во овој момент специјални мерки во делот на следење на електронските комуникации, се спроведуваат на 1400 лица. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Бучковски.

На вашето дополнително прашање ќе одговори господинот Никола Груевски.

**Никола Груевски:** Благодарам.

Господине Бучковски не е моја работа да гледам над колку лица е применет овој закон. Сигурно дека што и да работи Министерство за внатрешни работи, работи согласно законот. Дали е согласно законот, во моментот тој закон се користи за двајца, еден, петорица, 15 или повеќе, ниту ме интересира, ниту се занимавам, бидејќи тоа е нивна работа. Можеби вие како премиер сте се занимавале, сте ги броеле, ви давале извештаи кого следат, како следат. Се знае таму по закон има кој може да се следи, се работи обично за криминалци и не можам да знам, но претпоставувам дека Министерство за внатрешни работи си ја брка таа работа. Тие бројки што ги вадите од џеб се веројатно за ваша политичка употреба. Благодарам.

**Бедим Догани:** Благодарам господине Груевски.

Бидејќи госпоѓа Весна Бендевска не тука, 10 минути за поставување пратенички прашања има госпоѓа Цветанка Иванова.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине потпретседателе.

Првото прашање го упатувам до министерот за земјоделие, а се однесува на поплавите од невремето од кое беше зафатен струмичкиот регион на 23 јуни 2006 година.

По оваа точка ние заедно со пратеникот Ацо Киров поднесовме информација за штетите и постапката за надоместок на штета од елементарни непогоди и денес господинот министер за земјоделие не ја удостои ни Комисијата за земјоделие на ова Собрание и да подебатираме по оваа инфорамција затоа што е многу важна особено за граѓаните од овој регион. Затоа се одлучив да го поставам ова прашање.

Бидејќи на дел од општинтие од струмичкиот регион Босилово, Ново Село и Василево, како така некако се исплатени или се обештетени од невремето и за тоа покасно по инфорамцијата кога ќе биде ставена на дневен ред ќе расправаме на кој начин и по кои критериуми е вршена наплатата.

За разлика од овие неколку општини во општина Срумица каде што со невремето беа зафатени две населени места, тоа е Просениково и Дабиле и каде што Советот на општина Струмица постапи во се, согласно законот, ја утврди штетата според методологијата за проценка на штети, достави елаборат до Влада, но до ден денес оштетените земјоделци од двете населени места, Просениково и Дабиле, немаат добиено обештетување.

Прашањето е зошто до сега ништо не е направено, ќе се направи ли нешто и кога ќе биде тоа, затоа што огромна е штетата.

Само за илустрација да спомнам дека само од овие две населени места имаат поднесено 442 барања, или вкупно беа 2.487.161 м2 површини уништени, а да не зборуваме за деловните субјекти кои исто така претрпеа огромна штета.

Бидејќи веќе доаѓа јуни наредна година, на земјоделците требаше да им се помогне во истиот момент, или барем најдоцна пред да почне сеидбата за оваа реколта. Тоа не е направено.

Прашањето е што ќе се направи за оваа работа.

Второто прашање, господине потпретседателе, ми беше упатено до претседателот на Собранието, но него го нема и бидејки вие сте потпретседатл на Собранието на Република Македонија и бидејќи и вие сте избрани од ова Собрание, може вам да ви го упатам тоа прашање.

Пред неколку дена или десетина дена околу 35 вработени во Стручните служби на Собранието на Република Македонија им е врачено известување дека им престанува договорот за извршување на работите во ова Собрание, заради кои што се ангажирани. Бидејќи, јас сум пратеник и од претходниот состав, можам да потврдам дека, ајде да не кажам сите, но 80% од тие луѓе јас и лично ги познавам, 80% од тие луѓе на мое барање завршувале работа која што ми била неопходна како пратеник, па сега прашувам овде, вам ве прашувам зошто, по кои критериуми, а особено зошто некои луѓе од овие 35 луѓе кои што биле сите на договор на дело, некои се селективно повторно вратени назад, на работа, на договор на дело, а останатите луѓе се дома, особено ако се има предвид дека се работи за млади луѓе кои што се овде обучувани и кои што треба да бидат логистичка подршка на нас пратениците и на цело ова Собрание. А, за капацитетите, да не ви зборувам, затоа што вие подобро ги знаете, иако само една година сте тука. Сакам одговор и не сакам да мислам дека и овде во ова Собрание, во овој демократски дом се врши политизација на стручните служби. Јас не сакав да мислам дека е тоа така, иако е така, но убедете ме дека навистина не е тоа така и вратете ги тие луѓе, затоа што некои од тие луѓе по 11 години работел овде во ова Собрание и вршеле работа најстручно, со стручност на највисоко ново. Мислам дека нема критериуми зошто и треба да ми ги кажете.

Третото прашање повторно е до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, изјавата на вице премиерот, бидејќи вице премиерот Живко Јакуловски не го гледам тука,

неговата изјава или Ставрски не знам кој беше, дека Карго Аеродромот ќе се гради во Штип, кај нас во Струмица предизвика огромен револт. Свесни сме дека Карго Аеродромот не може да се изгради и можеби во многу блиска перспектива, а и подалеку, но свесни сме за тоа дека не смее еден вице премиер да се расфрла со такви изјави, особено ако се има предвид да менува со една изјава просторен план, урбанистички план, да менува се. Затоа што, сите знаеме дека изградбата на Карбо Аеродромот е утрдена со просторниот урбанистички план. Просторниот урбанистички план на Република Македонија го донесува ова Собрание.

Понатаму, секоја градба, вклучително и Карго Аеродромот треба да биде предвидена со урбанистички план. Тоа е направено и со ваков план е предвиден Карбо Аеродром на точна локација со нумерички податоци во Струмичкиот регион. За оваа работа се направени и подготвителни работи, како што е експропријација, една од најтешките претходни работи за да се отпочне со градба, завршен е процесот и на експропријација.

Сакам да ми одговорите, бидејќи ова е дадено од овој Карго Аеродром е за транспорт на земјоделски производи односно на производи кои што се лесно расипливи. Дали ова е став на целата Влада или може и потпретседателот на Влада да ве дополни, дали е ова став на целата Влада, кога е сменет просторниот план, како е сменет и која е таа сила што одеднаш менува нешто кое што донесува друга институција одлуки за тоа и зошто се прави сето ова. Ако се има предвид, вие треба како министер за земјоделство, шумарство и водостопанство посебно да се заложите, затоа што Карго Аеродромите, ако имаме сила како Република Македонија да го изградиме, се градат во региони каде што има големо земјоделско производство или расипливи стоки за побрз транспорт. Значи, прашањето ми е повторно до вас, а може да даде одговор и потпретседател на Влада. Гледам, но мислам дека, да, тука има еден потпретседателе. Тоа се моите три прашања.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

На првото прашање ќе договори министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, повелете.

**Ацо Спасеновски:** Благодарам потпретседателе, благодарам на пратеничката за поставеното прашање и за грижата за земјоделците од Струмичкиот регион. Она што можам да ве информирам дека штетите за невремето што биле во општините Босилево и Василево, кое невреме се случило во текот на јуни, а Комисијата имала рок од 60 дена да достави информација до владината Комисија за проценка на штети до крајот на август, таа владина Комисија го препратила тоа до инспекторот за земјоделство и она што со нашето доаѓање затекнавме, беше комплетната информација и барање од општината Василево - Босилево за исплата на штетите од невремето.

Од доставеното писмено барање од страна на Инспекторатот до општинските комисии, би сакал само да напоменам како одеше проценката на Босилево и Василево, следствено на тоа ќе сватите што е тоа и зошто до сега се касни се доцни со населените места Просениково и Дабиле. Од доставеното писмено барање од страна на Инспекторатот до општинските комисии, сите имаа досатвено нови табеларни списоци, во кои е констатирано дека некои лица од првите списоци се избришани, а се додадени нови лица, кои ги нема во претходните списоци и

немаат доставено барање за претрпена штета. Исто така, во новите списоци е утврдено дека кај некои лица предложената штета е корегирана и намалена, кај другите е зголемена, а има и појава каде што некои лица се појавуваа по два пати на еден список. Има и појава, каде што жители од село Дабиле пријавиле штета на земјоделските култури и истите фигурираа на списокот од општина Босилево. За време на контролата е извршено на теренот од страна на Инспекторатот и беше констатирано дека општинските комисии не изготвиле записници за проценка на штетата од елементарна непогода град. Утврдено беШе дека повеќе земјоделски производители имаат пријавено штета на култури кои воопшто ги немале засадено и има појава каде што има иста земјоделска површина е пријавена два пати и едно исто лице има зголемување на општествената земјоделска површина, која земјоделците ја имаат обработено.

За сите овие констатирани нерпавилности, во тек е изработка и веќе се изработени барања за спроведување на прекршочни постапки и за сите лица што го пријавиле ова, што фактички пријавиле штета поголема од вистинската. Пресметаната и предложена штета се однесува за населенит емест аод Доброшинци, Нова Маала, Висока Маала, Чамаклија, Пеперево, општина Василево и населените места од Сарај, Гечерлија, Петролица, Босилово и Старо Балдовци од општина Босилово. Висината на оваа штета предложена од страна на општинската комисија изнесува 157,399.945 денари. Предложената штета од општина Василево изнесува 55.493.281, доека пак предложената штета за општина Босилово изнесува 94.960.374. Со решение број 08 од 25.12.2006 година издадено од Министерството за од земјоделство, шумарство и водостопанство се одобрени финансиски средства за причинетите штети на земјоделски производи од невреме од град во вкупен износ од 43.992.486 денари и исплатена сума од 41.145.470 денари, а неисплатената сума од 2.847.631 денар, која се јавува како резултат на неправилностите што ги констатира Инспекторатот со дополнителните неправилности.

Ова ви го потенцирам дека ваква слична висина на сумаод 150 милиони денари, реков слична е исплатена и во претходната година при исто невреме од град. Значи, со контрола на инспекторатите покажани се, она што го кажав и претходно, низа неправилности.

Она што посебно зачудува, она што повеќе пати го потенцирав, не само што немаше предвидени средства за оваа намена, со ребалансот тоа го нарпавивме, туку до Инспекторатот не беше поднесено барање, не беше поднесена проценката за штетите за Просениково и Дабиле. Во Струмичко ние бевме постојано во контакт соопштините Босилево и Василево, а додека Просениково и Дабиле буквално немаше доставено инфорамција за контрола на Инспекторатот или за исплаќање до Министерството земјоделство, шумарство и водостопанство. После изјавите на средствата за јавно информирање, јас ја повикав Комисијата и ние претходната недела разговаравме со таа Комисија и таа ми достави проценка која требало да ја достават уште во текот на август и во таа проценка штоја добивме дека проценката на штетите поднесени се, точно како што вие напоменавте, 442 барања за проценка на 1010 парцели во вкупна површина од 2.487.161 метри, од кои 116 хектари во Просениково и 132,7 хектари во Дабиле.

Проценета е вкупна штета од 11.017.793, 47 денари, од кои 10 .721.511, 17 денари средства во сопственост на граѓани, 246.282,30 денари средства за деловни субјекти и 50 илјади денари трошоци за Комисијата за проценка.

После добивањето на оваа проценка Земјоделскиот инспекторат е веќе на терен, ќе направи контрола и на оваа проценка и во најбрз можен рок ќе се исплатат и овие штети.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот?

Има збор пратеник госпоѓа Иванова Цветанка, повелете.

**Цветанка Иванова:** Не сум задоволна господине потпретседателе, затоа што сите овие работи сега што ми ги кажа господинот министер, можел како загрижен за состојбата на овие земјоделци во која што се нашле, да ги направи многу порано, затоа што една година имаме поминато од невремето.

Другата работа, ние стоиме зад работата на Инспекторатот. Ако Инспекторатот го применува Законот. Ако се врши надомест на штета врз основа на едни критериуми за сите. Но, се сомневаме дека надоместокот на штета, особено во општините Босилево, дека надоместокот на штета е вршен селективно. Ќе бараме и понатаму ако има грешки, дури одговорност од сите инволвирани во овој случај.

Понатаму, оние луѓе кои често постапуваат земјоделците кои претрпеле штета и во ни еден момент немале на крај памет да ја лажат државата, Инспекторатот и Министерството, почитуван господине министер, Инспекторатот требало да ги селектира нив и да каже овде штетата е во ред и нека се исплаќа. Затоа што, земјоделците секаде и во Струмичкиот регион веќе се доведени на работ на егзистенцијата. Вие сте министер за земјоделие и знаете дека за да се отпочне една реколта, земјоделецот треба да има готовина пари за да ја почне реколтата за наредната година. А, земјоделецот во Струмичкиот регион од поплавата тргна со минус во оваа реколта. Затоа, тешка е ситуацијата, прв сте на чело на ова Министерство, ова е многу важно Министерство, особено за Република Македонија, земете си ги работите во свои раце и очекуваме и по инфорамцијата и по ова прашање

да постапите и навистина да бидат обештетени сите оние кои навистина претрпеле штета во невремето од јуни 2006 година.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Тоа значи  дека немате дополнително прашање, само коментар.

**Цветанка Иванова:** Имам и информација, ќе ја расправаме.

**Иван Анастасовски:**  Во тој случај одиме на второто поставено прашање, кое беше доставено до претседателот, ако добро се информирам, бидејки сега ја преземав седницата, до претседателот, односно потпретседателите на Парламентот околу прашањето за договори на дело. Во тој случај ќе добиете детална анализа во писмена форма.

**Цветанка Иванова:** Господине потпретседателе, јас очекував дека и вие сте запознати што се случува во ова Собрание. Вие сте потпретседател, вие заедно работите со претседателот.

**Иван Анастасовски:**  Ние имаме право и тоа да го кажеме дека ќе добиете одговор во писмена форма.

**Цветанка Иванова:** Имате право, меѓутоа ова не е некоја мала работа, па да не ви е позната, се работи за 35 луѓе, тоа е поголема група и би требало вие да знаете и да сте спремни на ова прашање.

Добро, со образложение за критериумите и поединечно да одговорите кој колку работел, зошто работел.

**Иван Анастасовски:**  Детална анализа ќе добиете во писмена форма.

На третото поставено прашање ќе одговри министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, повелете.

**Ацо Спасеноски:** Како министер за земјоделие можам само да кажам дека во име на земјоделците, треба да има Карго аеродроми, затоа што на тој начин ќе се олесни пласманот на тие производи. Навистина ни е жал што до сега толку години не се изградиле тие Карго аеродроми, еве вице премиерот или подетална информација дали, како, кога и каде ќе се гради Карго Аеродром, тоа после одредени анализи, ќе ви се даде таа инфорамција.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

За збор се јави вице премиерот Имер Алиу.

**Имер Алиу:** За ова прашање почитуваната пратеничка ќе добие писмен одговор и доволно ќе биде само да се сети кој од замениците на претседателот на Владата ја дал таа изјава, за да може службите да ја пратат.

**Иван Анастасовски:**  Ќе добиете одговор вописмена форма.

Збор има Иванова Цветанка.

**Цветанка Иванова:** Добро се согласувам со писмениот одговор и на наредните пратенички прашања ќе дебатираме дали сум задоволна или не. Меѓутоа, јас изјавите од сите министри ги сметам за изјави на оваа Влада, бидејќи се работи за министер или заменик или потпретсеател на оваа Влада.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Продолжуваме со редоследот на пријавени за поставување на пратенички прашања.

Има збор пратеник госпоѓа Куновска Јагнула, повелете.

**Јагнула Куновска:** Почитуван премиер, почитувани минситри и колеги пратеници,

Моето прво прашање се однесвуа до Министерството за внатрешни работи и гласи:

Дали е точна инфорамцијата и до колку е точна што Министерството за внатрешни работи ќе преземе како мерка против вандализмот што се случи во Струмица синоќа врз возилата на Управата за јавни приходи. Имено на 17 обележени препознатливи возила на Управата за јавни приходи, исечени им се сите 4 гуми, вкупно 54 гуми. Со ова веројатно се оди на бојкотирање на редовните акции на Управата за јавни приходи за даночна контрола и воспоставување на правен ред во државата.

Моето второ прашање е упатено до минситерот за финансии. Во јавноста има информации од Дирекцијата за спречување перење на пари дека во странска банка, Унгарска, од Кинеска компанија која го доби тендерот за изградба на ХЕЦ Козјак во 1996 до 1998 година, се префрлени пари околу 800 илјади евра, бројката не е фиксна, на име на консултански услуги на сметка на тогашниот  директор на Козјак Панде Лазарев.

Што превзема Владата и другите надлежни органи за расветлување на случајот.

Моето трето прашање е упатено во Владата на Република Македонија до повеќе министри на Владата. Пред да кажам како гласи прашањето, ќе кажам дека јавноста е многу заинтересирана за работата на второстепените владини комисии кои постапуваат по жалба на одлуките од првостепените комисии, посебно од областа на денационализацијата, катастарот и имотно правните работи. Сето тоа од причини што второтстепените комисии на минатата влада не ги решаваа во законски рок жалбите против првостепените одлуки, така што настана застој, односно за решавање на жалбите се чекаше и по две години, како резултат на што настана правен хаос, а делумно и причина за застој на работата во Катастарот и решавање на имотно правните односи и правните односи во општините.

Моето прашање гласи:

Колкав е бројот и од која година се заостанатите предмети кои ги презема Владата односно второстепените комисии при Владата од минатите второстепени комисии при Владата; дали се формирани новите владини комисии, ако се, од која година сега се решаваат предмети по жалба

од одделните области и за колку време ќе може да се воспостави рамнотежа во смисла жалбите да се решаваат како што доаѓаат. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

На првото поставено прашање ќе одговори министерот за внатрешни работи, повелете.

**Гордана Јанкуловска:** Во врска со случајот за кој што зборуваше пратеничката, случајот е пријавен во полиција, со оглед на тоа што се работи за дејствие кое се случило чинам во текот на минатата ноќ. Полицијата изврши увид, ги собира потребните докази и врз основа на собраните докази и искази на евентуалните очевидци, како и на лицата кои биле задолжени со возилата, ние ќе изработиме записници и ќе направиме максимални напори за утврдување на мотивите за ваквото однесување, како дополнување на делот од прашањето во кое беше речено дека можеби ваквото однесување и ваквиот вандализам кој е демонстриран врз имото на Упавата за јавни приходи, односно во крајна линија врз имотот на Република Македонија е израз на револт заради засилените активности на Управата за јавни приходи, контролите и доследното спроведување на законите. Секако дека ова ќе во земеме предвид при утврдувањето на можните мотиви за ваквите дејствија и во соодветна форма натаму ќе процесуираме пријави за овие дејствија.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот или ќе постави дополнително пратеничко прашање.

Повелете.

**Јагнула Куновска:** Благодарам, задоволна сум.

**Иван Анастасовски:** Преминуваме на одговор на второто поставено прашање.

Одговор на прашањето ќе даде министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** По трагата на информациите дека во Унгарска банка има распоредено одредена сума на средства, која беше спомната во прашањето, Агеницијата за спречување перење пари и Финансиката полиција во состав на Министерството за финансии на Република Македонија, има преземено првични и истражни дејствија во смисла на барање на потврда од дадената банка во Унгарија за износот, висината на средствата и трагата на уплатата на тие средства. Значи, случајот се испитува, во оваа фаза тоа е информацијата што можам да ја презентирам како одговор на ова прашање.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот или ќе постави дополнително прашање?

**Јагнула Куновска:** Благодарам, задоволна сум.

**Иван Анастасовски:** Од името на Владата, господин Имер Алиу има збор, повелете.

**Имер Алиу:** Благодарам потпретседателе.

Како претседател на Втоpостепената комисија за денационализација, ќе одговорам за делот што се однесува на Комисијата што јас ја водам.

Што се однесува до бројот на предметите по години, наследивме предмети од 2003 година, неколку предмети од 2003 година и комплетно сите од 2004, 2005 и 2006 година. Вкупно по број наследивме 2.845 предмети.

Оваа Комисија со одлука на Владата, со интервенција во Деловникот за работа на Владата, од 4 члена сега брои 24 члена и за два месеци работа во овој состав, значи со 24 членови, оваа Комисија реши вкупно 965 предмети. Да направиме една споредба. Комисијата за денационализација во претходниот состав, за цела 2005 година, решила само 143 предмети и за 8 месеци од 2006 година 98 предмети. Толку предмети ние решаваме за една недела и се надевам и верувам дека сите овие заостанати предмети, по кои граѓаните со години чекаат решение, за 3 до 4 месеци ќе се решат.

Инаку, добро е да се информираат граѓаните дека со новите измени на Законот за денационализација, кои овој дом пред некое време ги усвои, рокот за поднесување на барање за денационализација е продолжен, односно граѓаните ќе можат да поднесат барање за денационализација до крајот на 2007 година. Овој рок беше до мај 2005 година, но имаше многу барања од граѓани кои не успеале да ги комплетираат документите или да поднесат барање за денационализација во тоа време, сега имаат можност и можат да поднесат барање.

Да напомнам уште дека има многу жалби од граѓаните, кои со право се жалат на рокот во кој законски треба да постапи второстепената комисија, а тоа е 6 месеци, и веќе се рагледуваат сите жалби и се решава по нив.

Исто така, да ги информирам и граѓаните, па и почитуваната пратеничка, дека предметите од 2003 година се завршени, исто така и од 2004 година и се останати само 350 предмети од 2005 година, што значи, како што реков и претходно, за три до четири месеци сите овие предмети ќе бидат решени. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Дали пратеникот е задоволен од одговорот или ќе постави дополнително прашање?

**Јагнула Куновска:** Исцрпен одговор и сум задоволна.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Продолжуваме со редоследот на пријавените за поставување пратенички прашања.

На ред е пратеникот Слободан Најдовски, повелете.

**Слободан Најдовски:** Благодарам господине потпретседателе.

Пред да отпочнете да ми го мерите времето, јас имам три прашања од кои едното е упатено до претседателот на Владата, едното е упатено до

министерот за здравство. И двајцата не се тука, па би ве замолил да ги повикате да влезат. Третото прашање е упатено до министерот ...

Еве го претседателот на Владата, влезе.

(Во салата влезе и министерот за здравство).

**Иван Анастасовски:** Сите се тука сега, повелете.

**Слободан Најдовски:** Благодарам.

Почитуван господине претседател на Владата на Република Македонија,

Првото прашање го упатувам до вас.

На 16 и 17 овој месец, тоа значи минатата недела, парламентарна делегација до Собранието на Република Македонија присуствуваше во Европскиот парламент на средба во врска со енергетиката и развојот на енергетиката за следниот период во Европската унија. Прв пат Република Македонија беше повикана како кандидат за членка на Европската унија, заедно со претставници на Хрватска и Турција.

Навистина, од членовите на делегацијата кои беа таму, морам да кажам дека беше дадено едно високо нови и средба со Комесарот на Европската комисија за енергетика. На оваа средба, еден од претставниците на Европската комисија зборувајќи за енергетиката во Република Македонија првиот ден ја пофали Република Македонија за извршените реформи во електро енергетскиот систем во минатата година и ја посочи Македонија како пример за модел што го препорача на останатите земји кандидати за членки за Европската унија и моделот да се применува и во останатите земји членки на Европската унија.

Ние како претставници од Македонија на тоа се гордеевме, но следниот ден ни следеше еден шок во кој истиот тој претставник изнесе дека се загрижени од враќањето на реформите назад во оваа област во последната година и последниот период. На тоа реагиравме ние како претставници на македонската делегација, но и понатаму претставникот на Европската комисија остана на својот став, со тоа што се изјасни дека уште еднаш ќе провери дали се точни информациите кои што тие ги имаат или ние кои што се спротивставивме дека реформите не се движат назад.

Моето прашање е:

Дали во Владата на Република Македонија имаат сознание дека во Европската унија односно во Европската комисија имаат став дека реформите во енергетскиот систем во Република Македонија во последниот период се движат назад. Ако ги имаат, зошто ги криеле од јавноста овие податоци, а ако ги немаат што ќе се преземе да се надмине ваквата состојба. Морам да кажам, иако сум претставник на опозицијата, јас сум загрижен кога во таквите институции ќе се изнесуваат негативни податоци за Република Македонија.

Само за ваше информирање, и јас и госпоѓа Секуловска и госпоѓа Авировиќ и господин Коцев се спротивставивме на вакото гледиште и имавме единствен став како претставници на Македонскиот парламет.

Второто прашање го упатувам до министерот за финансии.

Жалам и однапред се дистанцирам, бидејќи е поврзано со прашањето кое што го постави госпоѓа Куновска и апсолутно не сакам да се доведе до тој контекст, но прашањето е следново:

Дали стопанските субјекти кои согласно со Законот  за данок на додадена вредност ќе побараат поврат на данокот на додадена вредност, веднаш наредниот ден да очекуваат финансиска контрола од Управата за јавни приходи, или поедноставно речено, дали треба да очекуваат финансиска контрола од Управата за јавни приходи или поедноставно речено, дали на стопанските субјекти во Република Македонија им се забранува да побаруваат државата да изврши поврат на данокот на додадена вредност согласно Законот  за додадена вредност и дали се внесува страв кај стопанските субјекти тоа воопшто да го помислат.

Зошто ова го поставувам како прашање господине министре?

Синоќа сите на електронските медиуми, а денес во печатените медиуми ја забележавме изјавата на госпоѓа Весна Новаковиќ, портпарол на Управата за јавни приходи. Цитирам: “Поради зголемениот број побарувања за поврат на ДДВ од даночните обврзници во регионот на Регионалната дирекција во Струмица, со засилена инспекциска контрола од другите регионални центри ја вршиме оваа контрола. Целта на инспекциската контрола е да се утврди дали е реална висината на враќањето на ДДВ што УЈП ја побаруваат од фирмите”, завршен цитат.

Ве прашувам, како образложение на прашањето, дали со вакво тероризирање кое е надвор од законот не се внесува страв кај стопанските субјекти законски да си побараат поврат на данокот на додадена вредност. Имено, јас ја подржувам Управата за јавни приходи во целина во ригорозните контроли кои што ги имаат за плаќањето на обврските кон давачките. Воопшто не ги бранам оние кои што работеле спротивно на законот и на кои што им се затворени објектите за да работат понатаму. Но, не смееме да си дозволиме како држава, а господине министре најмногу вие, со ваква изјава која што директно внесува страв кај стопанските субјекти да влијаете на она што најмногу досега го зборувавте на позитивна економска бизнис клима во Република Македонија.

Би побарал од вас веднаш да побарате од Управата за јавни приходи да се смени портпаролот на Управата за јавни приходи ако стои уште на оваа изјава. Ако е ова точно, само заради тоа дека им вршите контрола, навистина е

еден крајно несериозен однос на државата кон стопанските субјекти.

Уште еднаш ќе повторам, ја имате целосната поддршка за контрола и да проверите дали некој незаконито бара поврат на данокот на додадена вредност, но вака како што настапувате, тоа покажува само едно: дека се уплашивте, дека вашите податоци кои што беа за голема наплата на данокот на додадена вредност, сега кога следува периодот за поврат на дел од средствата од данокот на додадена враднoст, ќе ги намалат вашите резултати.

Оттука и прашањето: за колкав износ на финансиски средства се работи за поврат од Струмица. Тоа сигурно не ќе можете сега да го кажете, се согласувам со вас, но во писмена форма ќе може да го доставите.

И третото прашање го упатувам до министерот за здравство. Сите сме сведоци на извршеното едуцирање на раководители или менаџери во здравството, што се спроведуваше во Република Македонија во изминатиот период. Од огласите кои што беа објавени во медиумите во Република Македонија се гледаше дека учесниците на тие образовно едукативни семинари сами си ги поднесуваат трошоците и требаше да уплатат одреден износ на средства.

Прашањето е следново:

Дали е вршена испалата од средства на јавните здравствени установи каде што учесници на тие семинари учествувале во јавните здравствени уставнови каде што работат, односно дали воопшто имаат на надомест на дел од средствата, односно трошоците при посетувањето на семинарот. Најконкретно, дали имале право да подигнуваат средства за патни и дневни трошоци со оглед на тоа што се одвиваше за време на викенди, во неработни денови, дали можеа од јавните здравствени установи каде што работеа да ги користат возилата и да наплатуваат дневници за посетување на тие семинари или како сакате наречете ги, за образување на менаџери. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам колега.

Првото прашање е упатено до претседателот на Владата господинот Никола Груевски.

Повелете, има збор претседателот на Владата.

**Никола Груевски:** Благодарам за прашањето.

Немаме такви информации како што кажа господинот, особено што тој не кажа од што е незадоволен тој човек што кажал дека работите одат во лоша насока. Ако тоа го добиеме, ќе го разгледаме, затоа што до сега не сме презеле нешто толку опасно крупно што може да ја води работата во лоша насока и би било добро да знаеме што била идеата кога сакал да каже дека е загрижен или така некако. Ќе се обидеме да дознаеме и ако има такво нешто, да ни биде објаснето за што се работи. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Дали пратеникот е задоволен или ќе постави дополнително прашање?

Повелете, има збор пратеник господин Слободан Најдовски.

**Слободан Најдовски:** Господине претседателе на Владата, мене ми е драго што кажавте дека немате такви сознанија. Ние настојувавме да добиеме информација за што се однесува и ни кажа дека се однесува на тоа дека се прават напори за повторно враќање на процесот, централизирање на претпријатијата, но морам да ви кажам дека до крај не беше разјаснето.

За да имате информација во Владата, тоа можеле да го направат. Колку било сериозно прашањето, можам да го кажам следното: на веб-страницата на Европскиот парламент е издадено точно соопштение од таа средба и потенцирано е дури спротивставувањето мое лично како Слободан Најдовски и на госпоѓа Мирјана Секуловска и жалосно е ако тоа не го погледнале вашите служби и не го следеле, а од тогаш е помината една недела.

А втора работа да ви кажам, нормално е дека никој во Владата нема да знае, претседателе на Владата, не толку на вас се однесува. Истиот ден таму беше и госпоѓата потпретседател на Владата задолжена за европски интеграции, но на неа и беше побитно мерцедесот од Амбасадата на Република Македонија таму да биде на располагање за новинарите, да ја снимаат додека е во Европскиот парламент, а помалку им беа битни пратениците. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Тоа значи дека немате дополнително прашање, ова е само коментар.

**Слободан Најдовски:** Дополнителното прашање, нека си погледнат на веб-страницата на Европскиот парламент и ќе видат.

**Иван Анастасовски:** Во секој случај има збор претседателот на Владата, господинот Груевски, повелете.

**Никола Груевски:** Жалам што не сте биле во можност да им објасните на луѓето таму дека за сега такви официјални размислувања нема, за централизирања, спојувања итн, ниту пак предлози од страна на Владата. Можеби некој поединец нешто размислувал, во себе си размислувал или споделил некоја идија со некој друг, меѓутоа, Владата до сега со таква идеја не излегла официјално.

Сметам дека, како пратеник на ова Собрание ќе беше добро доколку го искористевте присуството на тоа место и им го објасневте тоа или пак се заинтересиравте да прашате некој кој ги знае работите, затоа што очигледно дека се работи за погрешна перцепција, погрешна информација. Мислам дека е добро пратениците кога одат во странство, во Брисел или било каде, пред се ја претставуваат земјата, а не партиите, да внимаваат во тој поглед не само да велат не е

така, туку да кажат зошто не е така. Таков предлог Владата во Парламентот нема донесено и не постои причина да се објавуваат загрижености итн.

Така што, би било добро друг пат, кога има такви работи господине Најдовски да ги објасните подирекно и попрецизно, бидејќи сте ги оставиле луѓето во заблуда. Можеби сеуште веруваат дека Владата поднела некој закон или нешто слично во таа насока.

Што се однесува до вашиот коментар дека госпоѓа Коневска - Трајковска повеќе се грижела за тоа новинарите да биде пренесени, мислам дека грешите, затоа што не ја следите работата на госпоѓа Коневска - Трајковска, таа редовно си ја врши работата, ги посетува сите институции, разговара со нив им ги кажува предностите што ги правиме, прогресот што го правиме, проблемите со кои се соочуваме, помошта што ни е потребна и сите други нејзини активности што се во нејзина ингеренција ги прави. А, дали некој амбасадор направил вака или така, треба со амбасадорот да видите зошто неговиот мерцедес се користел за едни намени или за други намени. Ние не можеме да претпоставуваме зошто амбасадорот го позајмувал мерцедесот на новинарите. Можеби тој така оценил и така направил. Можеби човекот оценил дека во тој момент така е потребно. Не знам. Не можам да знам. Тоа е негова работа и со него треба да расчистите, а не со министерката која си ја бркала работата таму каде што треба.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Груевски.

На вашето второ прашање ќе одговори министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Станува збор за методите за работа на Управата за јавни приходи.

Од првиот ден на мандатот на оваа Влада Управата за јавни приходи особено со новото раководство ја спроведува владината определба зацртана во програмата дека, меѓу другото, ќе престане Управата за јавни приходи со рекетарски контроли што беа спроведувани во претходниот период, од што, навистина, даночните обврзници некои од нив имаа страв.

Станува збор за проект за модернизација на работата на Управата за јавни приходи, поддржан со резинтентен претставник од Одделот за фискални прашања при Меѓународниот монетарен фонд.

Република Македонија се третира како една единствена територија. Оттаму, пред неколку дена, во една регионална дирекција во Република Македонија беше испратена екипа на даночни инспектори од други регионални дирекции. Не треба овде да се повикуваме на изјави на потпаролот на Управата за јавни приходи и ако се прочитаат и други медиуми може да се види дека всушност објаснувањето го даде министерот за финансии лично кој беше присутен пред испраќањето на оваа екипа од регионалната дирекција Скопје и господинот Трајковски, директорот на Управата за јавни приходи.

Исто така, беше спомнато дека во иднина ќе може да се очекува даночни инспектори од едно населено место или од една регионална дирекција на подолг временски период, три месеци, шест месеци, година дена, да се упатуваат да извршуваат задачи надвор од своето место на живеење. Тоа е вообичаена практика што се спроведува во други земји, а тоа го прави и приватниот сектор во Република Македонија, онаму каде има суптилности во работењето, се заради поголема транспарентност и ефикасност во работата.

Одговорот на господинот Најдовски треба да се фокусира и јас тука ќе го фокусирам на неговата констатација дека наводно, се сакало да се внесе страв и да се одвратат даночните обврзници кои имаат барање за поврат на ДДВ од таквото свое барање.

Напротив, господине Најдовски, да ве потсетам на еден не многу среќен период кога даночните обврзници не можеа да го остварат своето право на поврат во законски определениот рок од 30 дена. Имаме примери од пред повеќе години, пред неколку години кога се чекало и до година дена. Тоа е услов, не може да се изврши повратот без да отиде инспекцијата и да ги провери книгите. Тоа е законски така утврдено.

Ова треба да се разбере во позитивна смисла, како пронтно реагирање на Управата за јавни приходи на потребата даночните обврзници да си ги добијат назад средствата што ги побаруваат, што навистина влијае во голема мерка на нивната ликвидност.

Зошто е одбрана Регионалната дирекција - Струмица, што не ја покрива само Струмица туку тоа се општините Радовиш, Гевгелија и некои други во тоа подрачје. Токму затоа што од сезонски карактер сега се врши извоз на земјоделски производи и голем број на даночни обврзници доставуваат голем број на барања за поврат на ДДВ. Тоа го знае секој човек во Република Македонија, секој даночен обврзник. Оној кој ги почитува прописите и законите во Република Македонија нема од што да се плаши. се плашат оние кои ги кршат тие прописи. Државата Република Македонија, овде органот Управата за јавни приходи е пријател на бизнисмените кои ги почитуваат законските прописи. Токму затоа е оваа акција што вие сакавте да ја деградирате, да ја омаловажите. Оди на линија на оние кои го направиле злоделото од минатата ноќ, за што имавме одговор на претходното прашање упатено до министерот за внатрешни работи.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Славески.

Господине Најдовски, дали сте задоволен од добиениот одговор, повелете.

**Слободан Најдовски:** Почитуван министре, јас се обидувам да бидам коректен. Во прашањето што го поставив кон претседателот на Владата и кон вас, апсолутно беше најдобронамерно. Но, изгледа не вреди тоа.

Уште на почетокот кажав, не сакам воопшто да се сфати во контекст на оние кои направиле, доколку направиле, како што велите синоќа, било што е спротивно на закон. Таквите ги осудувам. Ве молам некој да импутирате нешто што не сум рекол.

Првата реченица ми беше дека се оградувам и не сакам со тоа да бидам поврзан.

Второ, дајте, кога одговарате на прашањата, одговарајте конкретно на прашањата што ви се поставени. Оставете што било во минатото. За тоа што било во минатото ние сме изгубиле избори, вие сте ги добиле.

Трета работа, ако сакате да кажете со податоци, од воведувањето на ДДВ до април мислам 2000 година, до доаѓање на новата Влада во 2002 година, почетокот на 2003 година ниту денар имаше поврат ок на ДДВ. Но, тоа е најмалку битно сега. Тогаш бил министер господинот Никола Груевски. Тоа не е битно сега. Одговарајте конкретно на прашањата. Истото го направи и претседателот на Владата. Сакакше да импутира дека ние, четворица пратеници сме отишле неподготвени во Брисел. Напротив, бевме толку подготвени и без разлика што сум од опозиција, јас ја сакам својата држава и таму ја бранев својата држава.

Но, и овде сакам да ми одговори Владата за она што мојата држава ја критикуваат институции. Слободно погледнете го сајтот на Европската унија, ќе видите дека Слободан Најдовски прв се спротивстави на критиките на својата држава.

Затоа ве молам и сега немојте да ми импутирате негативности што сакате вие овде да ги изнесете во одговорот. Ве прашав директно, а вие не сакате да одговорите - дали внесувате страв на некој кому законски му следува да го поврати повеќе платениот ДДВ кога ќа ја изврши пресметката? Не ве прашував за ништо друго. И, дури, ви кажав дека ве поддржувам во борбата против сите оние затајувачи на давачки кон државата. Ве поддржувам да ги затворите сите дуќани кои немаат фискални сметки. Ве поддржувам да ги затворите сите оние кои не даваат фискални сметки. Но, изгледа, вие сакате да ја искривувате работата.

Јас, со таков пристап не прифаќам господине министер. Ве молам, немојте, не е добро за сите нас, не е добро за државата. На сите сме импреку глава ако меѓу себе се конфронтираме без аргументи и ако сакаме еден со друг да се навредуваме.

Благодарам. Немам дополнително прашање потпретседателе.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Најдовски.

На вашето трето поставено прашање ќе одговори министерот за здравство.

**Имер Селмани:** Благодарам за прашањето, прво.

Одговорот на вашето прашање е дека Министерството за здравство, заедно во партнерство со Медицински факултетет веќе на три наврати, во три тури организира едукација, доедукација за менаџери во здравството. Истото го прави во соработка со Светската банка, проектот. Партиципацијата, односно учеството од страна на физичките лица, односно кандидатите е на товар на самите пријавени кандидати. Тие имаат право и обврска тоа да го плаќаат сами од своите лични доходи, односно со сопствени финансиски средства. Како прво. Тој приход е исклучиво наменет како приход на Медицински факултетет за креирање на едно одржливо функционирање и понатаму на овој систем.

Како второ, трошоците, односно патните трошоци предвидено е да се исплатат од страна на организаторот на сите учесници односно партиципиенти на сите овие три курсеви. Така што, ние немаме информација дали некој подигнал патни трошоци од установата од каде доаѓа, без разлика дали е тоа приватна или јавна здравствена установа. Ние немаме увид дали тие доаѓале со нивните патнички возила, приватни, службени итн.

Ако имате било каква информација, податок, слободно можете да се обратите кај нас или до друг соодветен орган што по службена должност би требало да реагира.

Така што, одговорот на вашето прашање со два пододговори е ова.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Имер Селмани.

Господине Најдовски дали сте задоволни од добиениот одговор, повелете.

**Слободан Најдовски:** Благодарам потпретседателе.

Само едно дополнување, задоволен сум од одговорот. Моето прашање не се однесуваше на оние кои работат во приватни установи. Тоа е нивно право. Правилно го адресирав за јавните здравствени установи, дали им се исплаќани патни и дневни трошоци, трошоци за превоз. Би ве замолил да проверите дали од Јавната здравствена установа во Ресен од Здравствениот дом се исплатени вакви трошоци. Само дали е така, да проверите. Бидејќи вие кажавте дека воопшто немаат право да ги подигнуваат тие средства. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Најдовски.

Дали вашето дополнително прашање е за Ресен или само констатација?

**Слободан Најдовски:** За Ресен. Што ќе преземе против оние кои го прекршиле, кои наплатиле средства од своите јавни здравствени установи, што Министерството ќе преземе во тој случај. Доколку има такви.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Најдовски.

На дополнителното прашае ќе одговори министерот за здравство, повелете.

**Имер Селмани:** Вие поставивте конкретно, предлог да провериме дали има таков случај. Ќе провериме. Исто така, ако имате било какви индикација дека на друго место, во друга здравствена установа евентуално има друг пристап, во смисла на замање патни трошоци, покривање на трошоци за учество на овој тренинг, слободно уште еднаш сакам да апелирам до вас и до другите, да го пријавите во Министерството за здравство, затоа што учеството се плаќа од страна на партиципиентите, како физички лица, а патните трошоци ги покрива организаторот, односно пак Министерството.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Селмани.

Десет минути за поставување пратенички прашања има госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани колеги, почитувани претставници на Владата на Република Македонија,

Мене ми е навистина криво што во овој момент не е тука претседателот на Владата на Република Македонија Никола Груевски, со оглед на тоа што моето прво прашање сакам да го упатам до него. Се однесува на едно мое многу сериозно сознание.

Со оглед на тоа што е општ впечатокот дека младиот премиер во желбата да контролира работењето на Владата на сите нивоа од министерствата, сметам дека некои сознанија веќе не се достапни до него, особено од Министерството за економија. Се работи за следново:

Бидејќи сум сигурна дека ме слуша во салата на Владата во Собранието, се надевам дека ќе добијам одговор и од него.

Површинскиот коп за јаглен “Суводол” што ги снабдува трите блока на Термоелектраната Битола со снага од 675 мега вати што покрива 64% од потребите на електричната енергија во Републиката, има непроценлица улога и значење, е во сериозна и алармантна ситуација.

Имено, на површинскиот коп за јаглен “Суводол” му се заканува лизгање на огромни земјени маси, со што во опасност се доведени животите на непосредно вработените во рудникот “Суводол”, целата рударска опрема што копа земја и јаглен, а има огромна финансиска и материјална вредност. Во опасност е доведено производството на јаглен за подолг временски период и можно е затворање на трите блока на Термоелектраната Битола.

Соочени со можните последици што не ги посакуваме, а имаат голема реалност да се случат, би се предизвикале катастрофални негативни случувања во сите сфери на стопанството и општественото живеење и работење во Република Македонија.

Моето прашање е следно:

Господине премиер, што ќе преземете и тоа под итно, какви мерки за согледување на состојбата и дали ќе ги ангажирате сите релевантни институции, инспекторати за одредување на степенот на загрозеност на површинскиот коп за јаглен “Суводол”. Бидејќи, во време на најголема енергетска криза во целиот регион се импровизира со идеи, како што ви се случија, со непосредни спогодби, а не се дава шанса на стручни и компетентни лица да се грижат за највиталниот сегмент од областа на енергетскиот систем во Република Македонија, како што е Рударско енергетскиот комбинат Битола.

Моето второ прашање се однесува на Министерството за економија, но го упатувам повторно до премиерот Груевски.

Според моите сознанија, барам одговор дали е точно дека Јавното претпријатие Водостопанство Битола во ликвидација, дел од имотот и тоа сепарацијата во село Брод и бетонската база во село Долно Оризари се дадени со непосредна спогодба од страна на управникот на приватна фирма во Битола?

Напоменувам, експлоатацијата на сепарацијата во село Брод беше затворена за користење за Јавното претпријатие Водостопанство Битола заради немање на концесионо право. Како може приватен корисник да го користии без концесионо право, со оглед на тоа дека станува збор за експлоатација на природно богатство на Република Македонија, повторно напоменувам и тоа по пат на непосредна спогодба, односно договор очи во очи. Што можам слободно да речам, веќе станува ваш препознатлив начин на практицирање на власта.

Третото прашање ќе го поставам до почитуваниот премиер. Ќе го потсетам на неговата изјава што токму, кога ми го одговараше на минатата сесија моето пратеничко прашање, изјави - “Додека сум јас премиер, во оваа земја ќе нема цензура”.

Господине Груевски,

Дали е можно, иако не сакам ниту да помислам дека дозволувате цензура не само, и притисок, не само врз мене, туку и врз моето најтесно семејство. Ќе ви објаснам за што станува збор.

Во Секретаријатот за внатрешни работи во Битола, на 5 април, со приемен број за издавање на патна исправа број 2007040510002549 мојот сопруг поднесе барање за издавање на патна исправа. Пред точно 21 ден во редовна процедура. До ден денес таква патна исправа не е издадена иако не сакав да го користам моето дискреционо право, бидејќи не е мој стил на однесување, значи се обидов три недели пред истекот да добиеме патна виза за да можеме да патуваме, во Скопје, почитуваната Гордана Демниева ми кажа дека таква исправа по

електронски пат не е дојдена до Центарот за издавање на патни исправи.

Во Битола ме убедуваат дека или станува збор за грешка во информатичкиот систем, или пак станува збор за нешто сосема друго, односно некој се обидува да изврши на вака низок начин притисок врз моето семејство. Господине Груевски, ветивте дека новите патни исправи ќе се издаваат максимално за четири работни дена, како што и многу ваши ветувања особено последната кампања која се однесува на регулаторната гилотина, односно за добивање, значи за намалување на бирократските системски документи во нашата земја. Ќе ми објасните ли што се случи со патната исправа на мојот сопруг? Каде ќе ја лоцирате одговорноста? И ве молам по писмен пат да ме известите, дали точно вие го наредивте тоа, или некој од вашите службеници? Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Бендевска.

Процедурално Александар Николовски.

**Александар Николовски:** Потпретседателе, денеска видовме се и сешто тука и мислам дека се девалвираме сами себе. Јас почитувам дека секој пратеник може да праша буквално што сака. Но,ако го употребуваме законодавниот дом за прашања од типот, зошто не е издаден пасош, утре некој може да постави прашање, зошто не му било послужено кафе за пет, или за 10 минути на Кеј. Мислам апсолутно се доведуваме во една непријатна ситуација да стануваме смешни пред себе, пред граѓаните и пред оние кои што не гласале. Ве молам, да имаме ред.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Николовски. Јас тука буквално немам никакво право да им се мешам на пратениците каков вид на прашања ќе постават.

Првото прашање на госпоѓа Весна Бендевска беше упатено до премиерот Никола Груевски и на тоа прашање ќе одговори премиерот.

**Никола Груевски:** Благодарам. Благодарам на почитуваната пратеничка за прашањата. За такви детали не сум слушнал, треба да ги прашам соработниците кои што работат на тој дел, зборувам и за првото и за второто прашање. Доколку има нешто точно ќе се преземат мерки. Јас немам такви информации дека такво нешто се случува. Но, еве по укажувањето на почитуваната пратеничка ќе провериме, па доколку има нешто ќе бидат преземени мерки согласно законите во Република Македонија.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Груевски.

Значи, да одиме процедурално, на првото прашање на госпоѓа Бендевска ова е одговорот.

Госпоѓо Бендевска, дали сте задоволна од добиениот одговор?

**Весна Бендевска:** Знаете, јас сум сериозно уплашена дека доколку вие навистина не располагате со сознание дека сериозна е можноста за појава на огромно лизгалиште во површинскиот коп во Суводол, е навистина страшно. Ќе ве замолам, за сите ваши информации кои ќе ги добиете и околу површинскиот коп во село Суводол и околу ситуацијата со јавното претпријатие “Водостопанство”, писмено да ме известите исто како што побарав и писмен одговор на моето трето прашање, без оглед на тоа што некои пратеници се обидуваат да го заштитат вашето име, лик и дело. Јас сериозно барам одговор што се случи и каде е застојот во издавањето на патната исправа? Ви благодарам.

**Бесим Догани:** На второто прашање, исто така ќе одговори господинот Никола Груевски.

**Никола Груевски:** Значи, сакам да ја убедам пратеничката дека поставеноста на оваа власт е таква што секој си ја извршува својата задача и не треба за секој проблем да го информира премиерот, особено ако знае како ја врши работата, знае кога треба да почне одредени работи и кога треба да ги заврши. Така што претпоставувам дека надлежните органи што се одговорни за овој пролем, доколку тој постои во таква смисла, си ја тераат постапката за решавање на секој, па и на тој проблем доколку постои и дека не мора за секој проблем да го известат пермиерот доколку ценат дека тој проблем ќе го решат сами. Доколку ценат дека не можат да го решат сами, тогаш е нормално да известат повисока инстанца, да го известат министерот, доколку и министерот не може да помогне, го известуваат и премиерот. Така обично одат работите во секоја држава, така и во Република Македонија. И претпоставувам дека штом досега не сум известен за тоа, дека надлежните органи поставени од Владата на Република Македонија си имаат одреден принцип на работење и си ги тераат работите во тој правец. Така што познавајќи ги луѓето што работат на тоа, би ја успокоил пратеничката дека се работи за одговорни луѓе кои што верувам дека добро ќе ја завршат секоја работа и добро ќе ги решат проблемите што ќе се јават и кои што се јавиле.

**Бесим Догани:** Госпоѓо Бендевска, дали сте задоволна од добиениот одговор?

**Весна Бендевска:** Господине Груевски, ветивте добивање на патни исправи за четири дена. Јас бев трпелива 21 ден. Денес го поставувам токму ова прашање заради тоа што постојат и некои нематеријални губитоци од вашата спора администрација, а ветивте брза и ефикасна администрација. Значи, наместо утре да патувам на една семејна веселба во Белград, јас ќе останам во Битола. Ќе умеете ли да ми објасните зошто не сум во ситуација заедно со моето семејство да патувам.

**Бесим Догани:** Госпоѓо Бендевска, се извинувам, но на ова прашање не ви е уште одговорено. Се работи за второто прашање.

**Весна Бендевска:** Вие ли се извинувате во име на премиерот кој вети ефикасна државна администрација, а во овој момент нема одговор на конкретно прашање? Вие не сте повикан господине Догани.

**Бесим Догани:** Јас се извинувам на Собранието во ваше име, бидејќи не ви е одговорено на третото прашање.

**Весна Бендевска:** Ова посебно го ценам. Навистина денес можеби ќе се извадите за вашето извонредно лошо водење на оваа седница.

**Бесим Догани:** На вашето трето прашање ќе одговори министерката за внатрешни работи.

**Гордана Јанкуловска:** Благодарам потпретседателе, јас навистина жалам заради состојбата на сопругот на пратеничката и траумите кои ги преживува околу вадењето на патната исправа, меѓутоа само ќе го цитирам Законот. Законот гласеше: “Рокот за издавање на патна исправа е 15 дена од одобрување на барањето”. Госпоѓо Бендевска, јас не знам како функционирала вашата власт и МВР кога претседателот на вашата партија беше премиер. Пасошите сега во МВР се издаваат исклучиво по електронски пат, со електронско аплицирање, со електронско одговарање. Овој електронски систем не познава ургенции, не познава притисоци и не познава приоритети, освен во случаите кога барателот тоа однапред на време ќе го посочи. Доколку имате потреба од итен пасош, тој ќе ви биде издаден во рок од 48 часа, но за тоа ќе треба да платите согласно ценовникот цените се јавно објавени. Таа услуга чини 4500 денари и тоа се вика, издавање на итен пасош. Во сите други постапки практично треба да ја проверите математиката, затоа што имплементацијата на Законот започна пред 20 дена. Вие не сте можеле да чекате 21 ден. Но, сепак, јас ви велам дека секое барање се процесуира до процесинг Центарот во моментот кога ќе биде одобрено. Одобрено е барањето за кое се поднесени сите документи, не бевте доволно прецизна да кажете по кој основ вашиот сопруг бара издавање на нова патна исправа. Јас ќе се обидам да дадам одговор и без тој дел од вашето прашање. Значи, ако барал издавање на патна исправа врз основа на укажување дека ја изгубил патната исправа, неопходно сте мореле да поднесете документ дека сте ја објавиле за неважечка. Ако барал патна исправа врз основа на укажување дека патната исправа е оштетена, неопходно е да се направи записник од овластено службено лице каде што се констатира оваа состојба. Тој записник доколку е потребно е придружен со прекршочна пријава, доколку се оцени спротивното, нема да одиме со прекршочна пријава. Но, оваа управна постапка се води и има рок на траење. Од моментот на аплицирање до моментот на издавање на патната исправа поминуваат, како што предвидува Законот, 15 работни дена и досега немало некои посериозни критики во однос на роковите. Иако морам да напоменам дека во овој период годинава особено по имплементацијата на новиот систем за издавање на пасоши, управните служби во МВР се соочија со енормно голем број на барања од граѓаните. Сепак, еве само за ваша илустрација, на подрачјето на СВР Скопје на пример поднесени се 3700 барања што е крајно невообичаено, но сепак, вработените во МВР вложуваат максимален напор да ги опслужат граѓаните, да им ја предочат новата постапка, затоа што се работи за еден исклучително софистициран систем, систем кој малку држави во Европска унија го имаат. Нашите пасоши имаат можеби најдобра заштита во Европска унија и ваквиот систем бара лично присуство. Во насока на забрзување на постапката и уредување на овие состојби, јас ќе ја искористам приликата пред целата македонска јавност да кажам дека заради енормно големиот број на барања кој е невообичаен, сепак за да излеземе во пресрет на сите граѓани на Република Македонија воведуваме систем на електронско закажување и тогаш нема да има такви проблеми, тогаш точно ќе ви биде кажано во колку часот треба да аплицирате и кога на кој ден во колку часот да ја подигнете патната исправа. Сепак, би сакала да напоменам дека Република Македонија за прв пат во својата историја имплементира ваков сложен софистициран електронски систем. Сосема е природно да има отпор кон некои работи што се новина. Но, мислам дека неспорен е интересот и на државата, а уште повеќе на граѓаните да имаат патни исправи со висок степен на заштита и да имаат патни исправи кои ќе бидат во согласност со сите светски стандарди на заштита на документите за идентификација.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Госпоѓо Бендевска, дали сте задоволна од добиениот одговор, или ќе поставите дополнително прашање?

**Весна Бендевска:** Па веќе сите се навикнавме дека министерката Јанкуловска кога ќе нема конкретен и прецизен одговор, да е широка и опсежна во своето елаборирање на начин на кој може секој граѓанин да добие пасош.

Госпоѓо Јанкуловска, ви цитирав приемно бројче и датум кој е задоцнет повеќе од 15 дена. Доколку сакав, имав потреба од итно издавање на пасош, претпоставувам дека ќе аплицирав ме пред три дена и ќе го добиевме. Кога викате дека, јас ве убедувам дека информатичкиот систем не ви затаи. Ви затаи човечкиот ресурс. И навистина барам, зошто се случи тоа? Значи, немојте да ме убедувате за важноста на системот, бидејќи ваши вработени ме упатија сама да се јавам во ПЕКСИМ. Замислете! Грешката не е кај нас, грешката е кај вас. Се надевам дека ќе бидете доблесна откога ќе го проверите конкретниот случај, дека ќе ми се извините и дека навистина најсериозно за да не правите и да не се

однесувате вака уште еднаш, вие ќе ми платите отштета за секој задоцнет ден.

**Бесим Догани:** Ви благодарам госпоѓо Бендевска.

На дополнителното прашање ќе одговори министерот за внатрешни работи

**Гордана Јанкуловска:** Благодарам потпретседателе.

По однос на вашето дополнително прашање, значи вие цитиравте приемно бројче, но не го цитиравте датумот на одобрување на барањето. Мене ќе ми биде задоволство да ви излеземе во пресрет, не затоа што сте пратеник во ова Собрание, затоа што сите граѓани имаат право во рамките на законските рокови на време да добијат документи, така како што Законот го предвидува. Не е исклучено секој систем да појави аномалии. Меѓутоа, ова е нов систем. Така што јас ви гарантирам дека тогаш кога вашето барање е одобрено, можеби имало причина заради која не можам да ја кажам, бидејќи го немам предметот пред себе. Можеби имало причина заради која барањето не е одобрено. Ако има недостаток, ќе бидете повикани да го уредите, затоа што како што реков, системот не препознава ургенции. Значи, дозволете да завршам. Министерот поединечно ниту има потреба, ниту е вообичаена практика на работење да ги гледа предметите. Но, во секој предмет ќе биде извршен увид. Ако цените дека имаат субјективен фактор, јас како да насетив дека тоа го кажувате, ако цените дека има субјективен фактор, вие најдобро знаете на кого се сомневате. Ве упатувам, доставете претставка, ќе биде покренат системот на внатрешна контрола, ако има злоупотреба од било кој службеник, независно дали е полициски службеник, управни служби, секако дека постапката ќе се води. Во крајна линија граѓаните независно дали се пратеници, или членови на нивните семејства, или луѓе кои немаат можност да ја користат собраниската говорница за индивидуални проблеми, имаат право да добијат услуга од државата и вие ќе ја добиете таа услуга.

**Бесим Догани:** Процедурално Весна Бендевска.

**Весна Бендевска:** Благодарам.

Значи, сега упатувам сериозна критика до вас по не знам кој пат денес, потпретседателе Догани. Дозволувате преголема слобода во излагањата на министри. Исто како вчера, во вчерашниот ден кога му дозволивте на заменик министерот за финансии. Сега почитуваната министерка за внатрешни работи прејудицира, а е тука седната да одговара на пратенички прашања од наша страна, не само од опозицијата, туку и од позицијата. Ве молам, како што секогаш знаете предвреме да ги прекинувате говорите од страна на опозицијата, ве повикувам со иста мерка и аршин да ги прекинувате и нашите гости, тоа се претставнците на Владата, затоа седат од левата страна, тие се гости во собранискиот дом.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Госпоѓо Бендевска, да ви објаснам дека деловнички немаат ограничување нашите гости колку ќе говорат. Неколку пати сум кажал најискрено дека не сум фактор кој ќе одлучи какви прашања ќе формулирате, или какви одговори ќе добиете. Јас сум тука само да го почитувам Деловникот и процедурата и се обидувам тоа максимално да го направам.

Имаме време за уште едно пратеничко прашање.

Десет минути за пратеникот Стојче Крстевски.

**Стојче Крстевски:** Благодарам.

Почитуван потпретседател на Собранието, почитувани министри, почитувани пратеници, на самиот крај од 41-та седница на Собранието на Република Македонија на која пратениците поставуваат прашања, ја користам деловнички дадената можност да ги поставам следниве прашања.

Првото прашање е до Владата, со алтернатива и до заменикот министер за транспорт и врски.

Долго време во јавноста е присутен проектот т.н. Сончев град кој треба да се изгради на потегот на јужна страна на подножјето на планината Водно. Во таа насока да прашам, дали ќе дојде до негова реализација? Понатаму, во општина Сопиште во населеното место Ракотинци се соочуваме со слечиште кое загрозува 20 до 30 индивидуални куќи, како и централното основно училиште "Драга Стојанвоска". Бидејќи Владата односно Министерството за транспорт и врски е во тек со овој проблем, би сакал да знам што се презема за негво надминување?

Како второ прашање, за кое би сакал и писмен одговор.

Трето прашање, на ВЕБ сајтот Државниот завод за ревизија е објавено дека во Министерството за правда е направена ревизија на материјалното финансиско работење на Министерството за период од 2005 година на буџетската сметка и приходите наплатени од органите. Од објавениот извештај може да се согледа дека во работењето на Министерството за правда има многу недоследности и многу ставки кои покажуваат незаконито работење и користење на буџетските средства. Од тука се поставува следново прашање, што презема министерот за правда за утврдување на сите недоследности и недостатоци на кои укажува ревизорот, како и за отстранување на незаконското постапување, особено во делот на евидентирање и располагање со средствата на Министерството.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Крстевски.

Вашето прво прашање беше упатено до Владата, со можност да одговори и министерот за транспорт и врски. Затоа на вашето прво прашање ќе одговори заменик министерот за транспорт и врски.

**Скендер Палоши:** Благодарам потпретседателе.

Првото прашање се однесуваше на проектот Сончев град во Сопиште, како што разбрав. Во тек е постапката, значи објавен е меѓународниот

тендер за Сопиште и за изградба на Сончевиот град и некаде во почетокот на мај, не знам точно за кој датум се работи, тендерот треба да биде затворен, треба да се видат пристигнатите понуди за да се продолжи во понатамошна постапка. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Господине Крстевски дали сте задоволен од одговорот или имате дополнително прашање.

**Стојче Крстевски:** Секако, задоволен сум од одговорот, но би сакал и во писмена форма да ми се достави.

**Бесим Догани:** На вашето второ прашање исто така ќе одговори заменик министерот за транспорт и врски.

**Скендер Палоши:** Колку што разбрав се работеше за некое свлечиште во Сопиште. Имаме укажувања за овој проблем, меѓутоа, за да се санира ваков вид на свлечиште, потребно е комплетирање на документацијата. За тоа место до сега не е комплетирана техничката документација за оваа година. Владата донесе одлука за санирање на свлечиштето Рамина во Велес и на Гермо во Тетовско, така што по комплетирање на техничката документација за која сега зборува пратеникот, ќе се изнајдат начин и средства за елиминирање на проблемите со истиот. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Дали пратеникот Крстевски Стојче е задоволен од добиениот одговор или ќе постави дополнително прашање.

**Стојче Крстевски:** Со оглед на одговорот што го доби во моментот, забележувам дека дел од работата не си ја завршила локалната самоуправа. Со тоа, ќе се потрудам да помогнам и во тој дел. Би сакал писмен одговор за да можам да ја продолжам постапката.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

На вашето трето поставено прашање ќе одговори министерот за правда, повелете.

**Михајло Маневски:** Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници,

Овој е најверојатно последен одговор на повеќето пратенички прашања на денешната седница. Му благодарам на пратеникот што го постави ова прашање. Навистина, се работи за едно сериозно прашање, каде што од страна на Државниот завод за ревизија за работењето на Министерството за правда, во врска со извршената ревизија, се утврдени голем број на незаконитости и неправилности во работењето на Министерството за правда во текот на 2005 година.

Само да ви напомнам дека не се водело книга на капитален имот, не се водело книга на влезни фактури, не се водело книга на набавки, книга на благајна. Нереално се прикажувал прометот во Сметководствената евиденција. Немало воспоставено систем на внатрешна сметководствена контрола, не е извршен попис на средствата и изворите на средствата во Министерството за правда, неправедно се спроведени скоро сите јавни набавки без јавен тендер и со многу кратки рокови се извршени голем број од инвестициите што се вложувани. Се на се, сабајле слушав од оваа страна, а сега не гледам никој тука, повторија по десет, 15, или 20 пати, еден податок на една голема невистина за една бројка. Меѓутоа, сакам јас сега да ви кажам една вистинска бројка. Четири години во Министерството за правда не е вршен попис до 2006 година. Не е вршен попис во 2005 година, не е вршен попис во 2004 година.

Кога дојдов во Министерството за правда, затекнав една хаотична состојба во материјално финансиското работење и веднаш организиравме да се изврши попис во работењето. Организиравме софтверска апликација и влеговме во сите простории во Министерството за правда, во подрачните единици, во месните канцеларии, каде што извршивме попис на средствата.

Сега, се постави прашањето со што тоа да го споредиме, со која година. Во 2006 година нема попис, во 2005 година нема попис, во 2004 година нема попис. Како може во едно Министерство за правда да не се изврши попис со години.

Јас едно сакам да ви кажам. Ова што е сторено, а тоа е сето констатирано во записникот на Државниот завод за ревизија. Ние како Министерство за правда побаравме да се изврши комплетна ревизија на работењето на Министерството за правда, за последните четири години. Побаравме да се изврши ревизија и за работењето во 2006 година и тоа е прифатено. Едно сакам да ви кажам дека и во вчерашниот извештај, првичниот извештај, претходниот извештај е извршена опрделена набавка на информациска технологија, се констатирани огромен број на пропусти и слабости во врска со набавената технологија, за некаде над 500 илјади евра. Меѓутоа, верувајте ниеден од извештаите, ниеден од инвестиционите зафати, дали е набавка на опрема, дали се инвестициони зафати во градежни објекти, во поправки, доградби итн., ниеден нема завршница. Ниеден не е завршен така како што треба од тие проекти.

Сега ќе поставите прашање зошто е така. Овде госпоѓата Шеќеринска сабајле напомна, ќе повторам. И јас ќе повторам. Ќе повторам дека не е извршен попис, дека елементарната работа не е завршена. А зошто? Затоа што кога не се врши попис, вие не знаете што имате. Па во еден стан кога ќе влезете за текот на една година една ствар ќе ја фатите два пати, три пати, или пет пати. Дали не е тоа ситуација да се лови во матно. Да не се знаат состојбите, да се вршат определени недозволени дејствија.

Мислам дека Министерството за правда ќе ги преземе сите дејствија, што се во рамките на неговата надлежност, да ја утврди фактичката состојба. Ќе ги провери сите факти и секако дека

секој кој што ги повредил законите во врска со ова Министерството за правда ќе ги преземе потребните мерки да биде повикан на одговорност.

Пратеникот, доколку не е задоволен со овој одговор, спремен сум да му доставам и писмен одговор за наредната седница.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Маневски.

Дали господинот Стојче Крстевски е задоволен од добиениот одговор, или ќе постави дополнително прашање.

**Стојче Крстевски:** Се надевам на утврдување на одговорност и се разбира, сакам писмен одговор во определениот рок.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Крстевски.

Почитувани дами и господа пратеници, тука ја заклучувам 41-та седница на Собранието на Република Македонија.

Ви блогодарам.

(Седницата заврши со работа во 18,20 часот)